| 401 | Основни плати | 10.773.000 | 3.715.000 | 0 | 6.950.000 | 0 | 0 | 10.665.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 4.873.000 | 1.490.000 | 0 | 3.155.000 | 0 | 0 | 4.645.000 |
| 404 | Надоместоци | 600.000 | 830.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 830.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.269.000** | **1.269.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.269.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 360.000 | 360.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 24.000 | 24.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 700.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| 425 | Договорни услуги | 185.000 | 185.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 185.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **300.000** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 17.815.000 | 7.604.000 | 0 | 10.105.000 | 0 | 0 | 17.709.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **16.246.000** | **6.035.000** | **0** | **10.105.000** | **0** | **0** | **16.140.000** |
| 401 | Основни плати | 10.773.000 | 3.715.000 | 0 | 6.950.000 | 0 | 0 | 10.665.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 4.873.000 | 1.490.000 | 0 | 3.155.000 | 0 | 0 | 4.645.000 |
| 404 | Надоместоци | 600.000 | 830.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 830.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.269.000** | **1.269.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.269.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 360.000 | 360.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 24.000 | 24.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 700.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| 425 | Договорни услуги | 185.000 | 185.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 185.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **300.000** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |

42

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **759.074.000** | **345.103.000** | **23.111.000** | **473.016.000** | **25.226.000** | **0** | **866.456.000** |
| WA | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| WA0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **500.000** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| WA0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **500.000** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |

43

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **759.074.000** | **345.103.000** | **23.111.000** | **473.016.000** | **25.226.000** | **0** | **866.456.000** |
| X1 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **300.000** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.000** |
| 464 | Разни трансфери | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **300.000** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.000** |
| 464 | Разни трансфери | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |

44

### III. РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПшТИНА КОЧАНИ ЗА ПЕРИОД 2025- 2027 ГОДИНА

FAA КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИшТЕ ВО ОПшТИНАТА

ЦЕЛ PODOBRUVAWE NA @IVOTNITE USLOVI NA GRAGANITE

| Категорија | | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **18.300.000** | **18.900.000** | **21.500.000** |
| | | БУЏЕТ | 18.300.000 | 18.900.000 | 21.500.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **18.300.000** | **18.900.000** | **21.500.000** |

FDA КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ВО ОПшТИНАТА

ЦЕЛ Одржување на локалните патиШта во руралните средини за побрз транспорт на стоки и услуги

| Категорија | | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **3.500.000** | **4.000.000** | **3.200.000** |
| | | БУЏЕТ | 3.500.000 | 4.000.000 | 3.200.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **3.500.000** | **4.000.000** | **3.200.000** |

GA0 ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

ЦЕЛ

| Категорија | | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **600.000** | **10.000.000** | **20.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 600.000 | 10.000.000 | 20.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **600.000** | **10.000.000** | **20.000.000** |

1

| JA0 | ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ |
|---|---|
| ЦЕЛ | |

| | Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **3.100.000** | **3.100.000** | **3.100.000** |
| | | БУЏЕТ | 3.100.000 | 3.100.000 | 3.100.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **3.100.000** | **3.100.000** | **3.100.000** |

| JDA | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИшТА И УЛИЦИ ВО ОПшТИНАТА |
|---|---|
| ЦЕЛ | ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ УСЛОВИ НА ГРАГАНИТЕ |

| | Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **132.184.000** | **140.000.000** | **150.000.000** |
| | | БУЏЕТ | 132.184.000 | 140.000.000 | 150.000.000 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **132.184.000** | **140.000.000** | **150.000.000** |

| JDB | Реконструкција на булевар Теодосија Паунов во Кочани |
|---|---|
| ЦЕЛ | ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ УСЛОВИ НА ГРАГАНИТЕ |

| | Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **85.515.000** | **0** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 85.515.000 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **85.515.000** | **0** | **0** |

| JGA | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО ОПшТИНАТА |
|---|---|

ЦЕЛ: Изградба на Водоводна мрежа на дадени локалитети каде не постои комунална инфраструктура а каде постојат слободни градежни парцели за доделување.Постојат и локалитети кои се населени а сеуШте немат водоводна мрежа со изградбата на истата Ќе се подобри квалитетот на живеење на самите граЃани

| Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **2.000.000** | **2.000.000** | **3.000.000** |
| | БУЏЕТ | 2.000.000 | 2.000.000 | 3.000.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **2.000.000** | **2.000.000** | **3.000.000** |

| JIA | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води |
|---|---|

ЦЕЛ: Изградба на фекална канализација за дадени локалитети каде не постои комунална инфраструктура а каде постојат слободни градежни парцели за доделување

| Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **13.300.000** | **8.600.000** | **8.700.000** |
| | БУЏЕТ | 13.300.000 | 8.600.000 | 8.700.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **13.300.000** | **8.600.000** | **8.700.000** |

| JL0 | ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ |
|---|---|

ЦЕЛ

| Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **0** |
| | БУЏЕТ | 0 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **0** | **0** | **0** |

3

| JN0 | УРБАНА ОПРЕМА |
|---|---|

ЦЕЛ

| Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **800.000** | **900.000** | **900.000** |
| | БУЏЕТ | 800.000 | 900.000 | 900.000 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **800.000** | **900.000** | **900.000** |

| RA0 | ЗАШТИТА НА ЃИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА |
|---|---|

ЦЕЛ

| Категорија | Извор на финансирање | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **0** |
| | БУЏЕТ | 0 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **0** | **0** | **0** |

4

Член 4

Буџетот на општина Кочани за 2025 година влегува во сила од денот на донесувањето,а ке се објави во Службен гласник на општина Кочани и ке се применува од 01.01.2025 година.

Бр.09-1904/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА КОЧАНИ (2024 – 2027)

Кочани, Ноември 2024

## I. Воведно писмо од градоначалникот

Почитувани,



Локалното управување се однесува на создавање на поволна средина за интеракција помеѓу општините, приватниот сектор и граѓанското општество и обезбедување на отворен простор за процеси со повеќе засегнати страни за поттикнување на локалниот развој. Локалното управување се состои од збир на институции, механизми и процеси преку кои граѓаните можат да ги артикулираат своите интереси и потреби, да посредуваат во нивните разлики, специфичните интереси и потреби, и да ги остварат своите права и обврски на локално ниво. Локалното управување ја нагласува потребата да се гледа подалеку од тесната перспектива на законската рамка и на субјектите на локалната власт. Инклузивното локално управување настојува да го вклучи мноштвото на формалните и неформалните односи помеѓу различните актери во развојот како што се локалната власт, приватниот сектор и здруженијата и граѓанските организации

Интегрираното локално развојно планирање е витален процес кој им овозможува на локалните власти – и на пошироката локална заедница и јавноста, да преземат иницијатива и да ја обликуваат својата иднина. Интегрираниот локален развоен план обезбедува информации за текот на дејствување на заедницата како целина и претставува патоказ кој треба да го следат избраните функционери, персоналот на локалната самоуправа и заедницата кога ја планираат нивната посакувана иднина. Локалното развојно планирање е проактивно. Станува збор за интегрирано стратешко размислување, планирање и предвидување за тоа што треба да направи заедницата за да бидат постигнати посакуваните цели.

За таа цел изработен е Интегриран Локален Развоен План (ИЛРП) на општина Кочани, кој е финансиран од Швајцарска Амбасада и Министерство за Локална Самоуправа, а се спроведува преку УНДП.

ИЛРП е сеопфатна стратешка развојна рамка со која се адресираат предизвиците поврзани со сите области од локална надлежност и потребите на заедницата. Чинителите на заедницата, како активни учесници во изработка на овој стратешки документ, ги детектираат своите перспективи, мисли и идеи кои се оживеани во ИЛРП, со јасни и остварливи цели.

Самиот процес на изработка на ИЛРП со вклучување на сите членови на заедницата, не само што ја зближи заедницата, туку успеавме и да ги детектираме сите недостатоци, слаби, силни страни и можности за заеднички напредок на општина Кисела Вода кон подобра иднина.

Заедно со жителите на општина Кочани, целите и визиите, испишани на страниците на ИЛРП ќе бидат преточени во реалност за подобра иднина на генерациите кои доаѓаат и наследство на кои ќе бидат горди.

Градоначалник на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

# СОДРЖИНА

*I.* Воведно писмо од градоначалникот ........ 31
**II.** ВОВЕД ВО ИЛРП ........ 34
*2.1* Профил на општина Кочани ........ 34
*2.2* Цел на ИЛРП на општина Кочани ........ 44
***III.*** Методологија за изработка на ИЛРП на општина Кочани [2024–2027] ........ 44
3.1 Структура на ИПЛР ........ 46
***IV.*** Вертикална и хоризонтална интеграција на ИЛРП со други развојни политики ........ 47
*4.1* Вертикално поврзување ........ 47
**4.1.1 Допирни точки на ИЛРП со Глобалните цели за одржлив развој и клучните развојни документи на ЕУ 47**
**4.1.2 Допирни точки на ИПЛР со националните стратегии ........ 49**
**4.1.3. Допирни точки на ИПЛР со регионалните стратегии ........ 51**
4.2 Хоризонтално поврзување ........ 51
**V. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА** ........ 52
**3 СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Економски аспект ........ 57**
***VII.*** Стратешки развојни цели на општината ........ 72
Доразвиени сеопфатни урбанистички планови кои вклучуваат регулативи за зонирање, подобрување на инфраструктурата и насоки за користење на земјиштето за поддршка на рамномерен просторен развој и подобрување на квалитетот на животот за сите граѓани. ........ 72
Заштита на животната средина и природата ........ 72
Намалено загадување на воздухот и водата за 10% и спроведени најмалку 3 мерки за заштита на животна средина ........ 72
Социјална заштита и заштита на децата ........ 73
Поголема инклузивност на социјалните услуги и пристап до најмалку 60% од ранливите групи преку подобрување на пристапот до услуги за лицата со попреченост и реновирање на постоечки објекти. ........ 73
Образование ........ 73
Зголемен квалитет на образованието преку реконструирање на најмалку 3 училишта во урбаните и руралните средини. Во сите инфраструктурни интервенции ќе се применува родово сензитивен пристап, со посебен акцент на создавање услови кои ги задоволуваат потребите на девојчињата, момчињата и учениците со попречености. ........ 73
**VIII.** Изјава за развојни приоритети ........ 73
**IX.** Буџет на ИЛРП со динамика на финансирање и извори на финансирање ........ 106
XI. План за мониторинг и евалуација ........ 113
Мониторинг и известување ........ 122
**АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА** ........ 124
**- Комунално Јавно Претпријатие “Водовод” - Кочани, е основано со решение на Собранието на Општина Кочани бр.01-1532 од 2.02.1968 год. и е запишано во судскиот регистар под бр.286/68 од 02.02.1968год. Јавното Претпријатие е основано заради вршење дејности од јавен интерес и има својство на правно лице со своја жиро сметка и во правниот промет одговара со целиот свој имот и е регистриран даночен субјект со МК 4013968102159 177**
**- Својата дејност успешно ја извршува со 240 работника редовно вработени и со 50 времено ангажирани работници чиј што број е променлив во зависност од потребите........ 177**

- **КЈП Водовод ги обавува следните дејности: ........................................................................ 177**

**- водоснабдување-одвод на отпадни води-канализација - комунални услуги-изнесување и депонирање на смет - искористување на геотермалните води-експлоатација и дистрибуција на гтв -градски пазари и панаѓури - уредување на прометни површини, паркови и градско зеленило - одржување на православните градски гробишта и градската капела - стопанисување со градскиот базен и тениските терени ................................................................ 177**

- **Органи на претпријатието се: Управен Одбор, Директор на претпријатие и Надзорен Одбор.177**

- **Водоводна инфраструктура........................................................................................................ 177**

- **Одведување и пречистување на отпадни води .............................................................................. 180**

# II. ВОВЕД ВО ИЛРП

## *2.1* Профил на општина Кочани

**Краток историјат на општината**

Поради поволната географска положба и одличните природни карактеристики, територијата на денешниот град Кочани била населена од најстарите антички времиња, најпрво од Пеонците, Медите и Траките, а во 80-тите години од VI век почнуваат да се населуваат Словените, поточно до VII век припадници на племето Смолјани ја колонизираат Кочанската Котлина и се утврдуваат во неа.

Браќата Кирил и Методиј, основоположниците на словенската писменост од 845-855 година престојувајќи во Брегалничката област (Мородвис) отпочнале со ширење на христијанството на словенски јазик. Иако населбата постои од порано, името Кочани во пишан документ за првпат се среќава од 1337 година. Од крајот на XIV век Кочани е под османлиска власт. Патеписецот Евлија Челебија во 1662 година зборува за населба од 600 куќи и 15 дуќани. Тогаш Кочани примило турска физиономија. Биле изградени доста кули (тврдини) кои служеле како набљудувачки стражарски места, бидејќи од самиот град во котлината не можело да се види што се случува во околината. Во тој период е лоцирана и изградбата на средновековните кули во Кочани кои имале станбено-одбранбена функција.

Површина

382 км$^2$

Населени места

Општина Кочани е составена од 28 населени места, и тоа градот Кочани кој е и административен центар, потоа низинските

Едната имала намена на саат-кула и звучно го означувала времето. Кочани и околината останале со мнозинско турско население се до XIX век, кога дошло до обратен процес - емигрирање на турското население во својата матична земја. Градот растел во XVIII, XIX и особено во XX век, по завршувањето на изградбата на железничката пруга во 1926 година, што придонело за подобрување на транспортните врски со останатиот дел од државата.

Географска положба

Кочани се наоѓа на 100 км. оддалеченост од Скопје во источниот дел на Република Северна Македонија, поточно ја зазема северната страна на Кочанската котлина протегајќи се околу двете страни на Кочанска река во подножјето на Осоговските планини на надморска висина од 348 метри. Кочанската котлина со нејзината поширока околина се наоѓа во источниот дел на Република Македонија помеѓу 41°40’ и 42°00’ северна географска ширина и 22°00’ и 22°30’ источна географска должина. Кочанската котлина генерално се протега исток - запад, и зафаќа површина од околу 400 км² со средна надморска висина од 330 м. ограничена на север со осоговските планини со доминантна кота на Царев врв (2084 м.), на југ-југоисток со планината Плачковица (Туртел 1607 м.) кој стрмно се издига над котлината, на запад со Овчеполската висорамнина.

села: Грдовци, Мојанци, Горни Подлог, Долни Подлог, Оризари, Прибачево и Тркање и ридско-планинските села: Бели, Нивичани, Пантелеј, Рајчани, Лешки, Црвена Нива, Пашаџиково, Јастребник, Горно Градче, Долно Градче, Припор , Полаки, Безиково, Вранинци, Главовица, Костин дол, Небојани, Ново село, Пресека и Речани.

Соседни општини

Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка и Македонска Каменица.



Слика 1. Географска локација на општина Кочани во Р.С. Македонија

**Комуникациски карактеристики**

Низ општина Кочани поминува магистрална сообраќајница со која таа се поврзува со Штип (30km) и Велес (70km), а потоа излегува на автопатот Скопје-Гевгелија, односно со оваа сообраќајница Кочани е поврзан со централна Македонија. Со новоизградениот експресен рудни и геотермални наоѓалишта и од аспект на потенцијалните појави и наоѓалишта како од метали така и од неметали и термоминерални појави.

Металите во централниот осоговски масив посебно присутните бакарот, оловото, цинкот и железно-титанските минерали со карактер на минералошки појави претставуваат огромен потенцијал, кој нуди објективни предуслови за истражувачко-експлоатациони работи со можност за конкретни економски ефектуирања.

пат Кочани-Штип и автопатот до Миладиновци, Скопје е на 100 км, а аеродромот е на одалеченост од 90 км. Кочани е крстосница на повеќе регионални сообраќајници, со кои се поврзува со најблиските градови, на исток е поврзан со Виница (10km), Македонска Каменица (30 km), Делчево (55 km), Берово (60 km), Бугарска граница (65 km), а на запад е поврзан со Пробиштип (36km) и Кратово (48km). Сообраќајно значење има и постоечката железница која е изградена 1926 год. Преку оваа железничка линија Кочани е поврзан со Штип- Велес- Скопје.

**Природни карактеристики**

Рудни богатства

Кочанскиот регион со својата околина просторно сместен на ободот од Кратовско-Злетовската област помеѓу јасно дефинираните рудни наоѓалишта од исток Саската провинција, од запад Злетовската провинција, од север Тораничката провинција и од југ Бучимската провинција, од секогаш (историски архивирана), па и денес претставувал и претставува значаен простор од аспект на природни актуелни

Неметалите во Кочанскиот регион се јасно изразени со конкретно ефектуирање преку организираната експлоатација на габро во село Пантелеј.

Хидропотенцијал

Термоминералниот хидропотенцијал е посебно значаен за овој регион, од аспект на големината, температурата (78°C) на

верифицираното лежиште на геотермалната вода ,,Подлог-Бања“,

кое експлоатирано преку Геотермалниот систем ,,Геотерма“, дава можности за широка примена со значајни економски, енергетски и еколошки ефекти. Геотермалната вода во актуелниот момент се применува за топлификација на оранжерискиот комплекс во агрокомплексот, топлификација на дел од градот Кочани,

рекреативно бањолошки цели како и за минерална вода за пиење со исклучително благотворни својства по здравјето на луѓето. Геотермалниот систем за експлоатација на геотермалните води е изграден во 1985 година, како резултат на претходно верифицирано лежиште на геотермална вода кое има балансирани резерви од 157 милиони м³ геотермална вода со температура поголема од 50°С. Системот „Геотерма“ претставува техничко-технолошка целина изградена од четири експлоатациони бунари, секундарна поврзна мрежа, пумпно-дистрибутивна станица и магистрално дистрибутивни цевководи со комплетно сопствена инфраструктура. Системот има функција на експлоатација и дистрибуција на геотермална вода од геотермалното лежиште, инсталиран капацитет на системот 300 л/сек. со средна температура од 75°С.

Брегалница, која тече по средината на полето е главниот рецепиент во котлината. Во неа се вливаат сите речни текови од ова подрачје и тоа десет од левата страна, од Осогово и шест реки од десната страна од Плачковица. Во Кочанската Котлина Брегалница навлегува кај с. Истибања, тече кон југозапад и ја напушта кај с. Крупиште каде на запад од него изградила плитка сатеска. Низ полето реката има рамнински карактер со просечен пад од 1,8%. Коритото и е плитко и непостојано често затрупувано со наносите на притоците и пороите, што предизвикува излевање на водата и поплавување на околното земјиште. Таа и плитката издан се причината за образување на заблатени површини околу коритото скоро низ целиот нејзин тек во полето.

| Име на реката | Површина на сливот во км² | Должина во км | Просечен пад | Пошуменост во % |
|---|---|---|---|---|
| Кочанска Река | 198,0 | 34,0 | 39,3 %о | 45 |
| Оризарска Река | 137,0 | 30,0 | 39,5 %о | 50 |
| Брегалница | 4307,0 | 225,0 | 7,0%о | - |

Кочанска Река извира од јужната страна на Лопенската Била на Осогово во месноста Ретки Буки на надморска височина од 1630 метри, а во Брегалница се влива над с. Чифлик на 295 м.н.в. Има доста голем пад (39,3%), што овозможило во нејзиното корито кај с. Д. Гратче да се изгради брана која според селото го носи името "Гратче".

Оризарска Река, извира под Царев Врв на Осогово на надморска височина од 1510 метри, а во Брегалница се влева над с. Мојанци на надморска височина од 320 метри. Долга е 30 км. а настанува од две реки Бела и Црна Река кои се соединуваат кај с. Речани.

Општа карактеристика за сите реки е што имаат највисок водостој во април и мај кога се отопува снегот во високите планински делови, а најнизок во јули и август, кога врнежите се минимални, температурата на воздухот висока и испарувањето големо.

Во Кочанскиот крај постои и едно вештачко езеро. Тоа е Кочанското Езеро. Кај месното население познато како езеро "Гратче". Изградено е на Кочанската Река 6 км северно од Кочани кај с. Д. Градче во 1959 година. Површината на акомулацијата изнесува 0,19 км2, акумулира вода од 2.4 милиони м3 која се користи за снабдување на населението и индустријата во Кочани со вода и за наводнување на 576 ха обработливо земјиште во Кочанско Поле.

Кочанското Поле се наводнува и со води од вештачкото езеро "Калиманци". Тоа се наоѓа на реката Брегалница во Овчеполско-истибањската клисура, а изградено е во 1969 година. Браната е камено-насипна со глинено јадро, висока е 92 м., а долга 240 м. Езерото е долго 14 км., широко 0,3 км. и длабоко 80 метри. Зафаќа површина од 4.23 км² и акумулира 127 милини м³ вода. Основната догледен период. Затоа се наметнува идејата за изградба на земјена брана во сливното подрачје на место викано ,,Арамиска чешма“ со што долгорочно би се решил проблемот со вода за пиење не само на рекреативниот центар Пониква, туку и на поширокиот регион, за што општина Кочани има подготвено комплетна техничка документација.

Оризот – симбол на Кочани

Кочанскиот ориз се произведува во Кочанската Котлина, меѓу Кочани на север и Мородвис на

намена е за наводнување на околу 28.000 ха главно оризови полиња во Кочанската Котлина, но и на дел од обработливите површини во Овче Поле. Вишокот на вода се користи за производство на електрична енергија преку за таа цел изградената хидроцентрала со инсталирана моќ од 12,8 MW.

Планини

Во природните богатства на општината Кочани е и планината Осогово. На 20 км. северно од Кочани, на надморска висина од 1640м. во Осоговските планини се наоѓа туристичкиот локалитет Пониква, покриен со густа букова шума и разновидна тревна вегетација. Поради поволната клима Пониква претставува извонредно место за развој на летен и зимски туризам. До локалитетот Пониква, води асфалтен пат до објектите на детското одмаралиште. На Пониква се изградени сместувачки капацитети и спортско рекреативни објекти, постои одмаралиште, ски-патеки, два ски-лифта, викенд населба, ресторани, мотели. Искористување на водните извори нема да овозможи доволни количини вода во

Кочанскиот ориз е првиот заштитен производ со ознака на потеклото во Република Македонија. Внесен е во регистарот на ознаки на потеклото на Заводот за заштита на индустриската сопственост во 1999 година. Во образложението со кое се признава ознаката на потеклото стои дека овој ориз се карактеризира со дебело, кратко и широко зрно, стаклесто, со мал брашнест дел на попречниот пресек.

југ, чија должина е 26 км, со нето обработлива површина од 12 205 ха.

Со патот на оваа едногодишна билка до Кочани, се поврзани повеќе легенди и преданија, а првите писмени записи потекнуваат дури од XVI век.

Според едно од преданијата забележано во патописните белешки од 1930 година оставени од Тодор Маневиќ, одгледувањето на оризот во Кочанско се поврзува со времето на Александар Македонски, кој го донел по походот во Персија.

Првите писмени записи за оризопроизводството се среќаваат во повеќе пописни листи за македонската територија каде се забележани места со името Челтикчилер, Челтикчи или Челтикчија, со превод – Оризари, податок кој наведува на претпоставка дека е можно тие да постоеле од почетокот на XV век.

Во пописниот лист за 1519 година е даден список на оризарските села од Ќустендилскиот санџак. Во него за Кочанската и за Штипската нахија, се споменува селото Челтукчи (Оризари). Населението коешто одгледувало ориз било познато под името оризари или челтукчи. Отоманската Империја му придавала посебно значење на неговото одгледување. Според Васиљевиќ, во првата половина на XIX век Кочани бил главен извор за производство и трговија со ориз, а кочанскиот ориз бил и останал подеднакво баран на пазарите и на добар глас на целиот Балкан. Оризовата култура имала значајно место и во периодот по Втората светска војна. Првото повоено земјоделско стопанство во Кочани било формирано 1947/48 година, најпрвин како Градска економија „Мирче Ацев“, а подоцна под називот „Искра“. Истата година Овошниот расадник формиран 1927 година се трансформира во Реонска опитна станица, со посебен акцент на оризопроизводството како главна земјоделска култура. Во седумдесеттите и осумдесеттите години на XX век, кочанскиот ориз покривал 60 % од тогашниот југословенски пазар. Кочани имал ексклузивно право на увоз за преостанатите 40 % за задоволување на целокупните потреби од ориз, преку ТП „Оризокомерц“.

Во 2014 година во Кочанско се засеани околу 5 174 ха со ориз. Просечниот принос на арпа изнесувал 5 895 кг/ха, а биле произведени вкупно 30 500 тони арпа. Рекордно производство на ориз во Кочанско е регистрирано во 1987 година, кога биле произведени 49 342 тони арпа на површина од 9 675 хектари.

Клима и климатски карактеристики

Во Кочанската Котлина се јавува комбинирана изменета медитеранска и умерено континентална климатско влијание, врз кои силни обележја даваат и локалните орографски услови.

Со просечна годишна температура на воздухот од 13,0°С Кочанската Котлина се вбројува во редот на топлите котлини во Македонија. Сите летни месеци во годината имаат температура над 20°С, а средната летна температура изнесува 22,6°С. Средната зимска температура исто така е висока и изнесува 3,0°С. Средната температура во пролет е 12,8°С, а во есен 13,5°С.

Од аспект на земјоделството температурните односи се мошне погодни. Тие одговараат и на такви култури што се доста топлољубиви. На пример, за оризот средната годишна

температура не смее да биде под 12-13°C, во фазата на никнување да не бидат пониски од 11°C, во фаза на цветање под 22°C и во фазата на зреење под 19°C. Во Котлината постојат сите овие температурни услови, а тие се погодни и за голем број други индустриски култури како афионот, памукот и др.

Релјеф и релјефни карактеристики

Во релјефот на котлината се јавуваат поглеми релјефни форми - рамнина, ритчесто земјиште и планински дел и помали релјефни форми - езерски или абразивни и речни или флувијални форми, поконкретно тераси.

Рамничарскиот релјеф во Кочанско го чини теренот со надморска височина од 290 до 500 метри. Зафаќа вкупна површина од 201,045 км². Покрај Кочанското Поле кое се протега помеѓу Кочанска и Оризарска Река или Масалница него го чинат уште низа други помали полиња и места во атарите на полските села. Во атарот на с. Грдовци такви се Мало Поле и Морошко Поле; во атарот на с. Прибочево Горно и Долно Поле; кај Долни и Горни Подлог, Владичко и Средно Поле, во атарот на с. Оризари, Белско Поле и др.

Во релјефен поглед дното на котлината е релативно рамно со извесна наведнатост од двете страни кон Брегалница, а заедно целото поле кон запад. Тоа е голема релјефна погодност која заедно со плодната почва и расположливата хидрографска мрежа овозможува природно движење на водата и дозволува житните култури посебно оризот да егзистираат во извонредни природни услови.

Втората релјефна целина, ридското земјиште, во Кочанско зафаќа површина од 210,162 км² и се простира околу рамното котлинско дно помеѓу 500 и 1000 м.н.в. Специфично за Кочанско е што ридовите заради разлличниот геолошки состав имаат различна форма и висина. Така овде се јавуваат три разнични вида на ридски терени: вулкански, карстни и серпентински ридови.

Додека најнискиот дел на котлината, полето, рељефно е монотоно, ридестиот терен е расчленет, планинскиот дел е најатрактивен. Кочанско се простира на дел од планините Осогово и Плачковица, зафаќа вкупна пворшина од 166,452 км², а се протега на надморска височина од 1000 до 2252 метри. Осогово е највисоката планина во источниот дел на Македонија на која врвот Руен достигнува височина од 2252 метри. Меѓутоа, нејзината атрактивност, покрај висината ја чини и ѕвездестата рељефна структура составена од голем број била и врвови. Така, југозападно од Руен, се издига Султан Тепе (2085 м.) - срцето на Осогово. Од него како од раскрсница се издвојуваат четири долги била и тоа: кон југозапад Лопенското Било, кон југ Д'лги Дел, кон југоисток Китка и кон северозапад Колинкамеското Било.

Значењето на сите рељефни форми за развој на стопанство и животот на луѓето во Кочанска општина е голема. Рамнинскиот дел - полето располага со плодни обработливи површини, со што е озозможен висок развој на пољоделството. Најмногу е застепено одгледувањето на ориз, потоа пченка, пченица, но застапени се и градинарските, фуражните и индустриските култури.

Во ридестите терени, земјиштето не е така плодно, често наклонот е голем што не дозволува примена на механизација, а отсуствува и можноста за наводнување. Тука особено од житото се одгледуваат јачменот и пченицата, а пространите пасишта овозможуваат развој на сточарството посебно овчарството. Планинскиот дел изобилува со шуми и пасишта.

Почви

Најголем дел од Кочанското Поле е на надморска висина од 300-500 м. Овие простори главно се протегаат по текот на Брегалница, Осојница, Масалница, Кочанска и Злетовска Река. На нив се наоѓаат и најквалитетните, алувијални почви. Просторот помеѓу 500 и 1000 метри, е слабо разбрануван, ридски и преоѓа во планински и главно е покриен со делуваjални почви. Овие два типа на почви - алувијалните и делувијалните зафаќаат околу 90% од целокупната површина на рамниот дел од Котлината. Останатите видови почви како црвениците, смолниците и друго покриваат 10%. Алувијалните почви покриваат површина од 6.800 ха. Имаат многу добри хемиски, физички и хидропедолошки својства и како такви влегуваат во редот на најквалитетните видови почви. Тоа се млади почви кои и денеска се создаваат и постојано се обновуваат со нови количини речен нанос. Содржат доста хумус, органоминерали, глини и биогени елементи. Најпогодни за обработка се оние кои имаат длабок физиолошки активен слој со подземни води на 1-2 метри. Меѓутоа, кога со поплавите се нанесува чист чакал и песок, врз плодните алувијални почви се создаваат и неплодни површини. Во горниот дел на котлината алувијалните почви главно се изградени од фин песок, во средишниот дел на полето се глинесто-песокливи, а во долниот дел кон вливот на Злетовска Река во Брегалница се песокливо-глинести. Сите тие лесно се обработливи и даваат високи приноси. На нив со успех се одгледуваат оризот, пченката, сончогледот и други житни, градинарски и фуражни култури.

Во најнискиот дел на полето, непосредно покрај речните текови често во пониски површини од коритото на реките, се сретнуваат ливадските почви. Во овој рамен рељеф има микродепресии кои создаваат различни услови за влажнење и таложење на фини честички. Овде скоро нема ерозија и секоја дождовна вода се впива во подлогата. Супстратот на ливадските почви се речните и во помала мера делувијалните седименти. Ваквите површини кај народот се познати како лаки и се користат за подигање на ливади, но на нив извонредно успеваат оризот и пченката.

Делувијалните почви се раширени по рабниот дел на полето. Се јавуваат во вид на наносни конуси меѓу рамното дно и повисоките ридови и планински терени, на површина од 3.625 ха. Во зависност од механичкиот состав може да бидат песокливи до глинести. Малку содржат органски материјали и се сиромашни со хумус. На нив добро успеваат житата, афионот, бостанот, а ако се наводнуваат погодни се и за овоштарници.

Црвениците се јавуваат во околината на Кочани, Оризари и Бели, а смолниците во вид на појаси во подрачјето на Тркање. Тешки се за обработка. Меѓутоа содржат доста хумус и се плодни. Погодни се за одгледување на нивски

култури и посебно пченица, а на нив добро успеваат и некои индустриски култури како памукот, тутунот и афионот.

Планинските делови на Котлината главно се покриени со кафеави шумски почви. На нив расте шумска вегетација и тоа букова и иглолисна шума. Во пољоделството се користат за одгледување на р’ж и компири, а од овошјата на нив успеваат јаболката и сливата.

Вегетација

Кочанската котлина во биогеографски поглед претставува дел од халарктичната област и припаѓа на медитеранско-европската подобласт. Богата е со разновиден растителен и животински свет.

Вегетациските карактеристики укажуваат на постоење големи површини под тревна вегетација, потоа шумска вегетација и секако земјоделско земјиште. Тревната вегетација зафаќа голем дел од просторот, а пасиштата според местоположбата и нивната економска вредност се јавуваат како рамничарски, ридски и планински пасишта. Рамничарските пасишта зафаќаат мал дел во полето главно покрај речните текови и често се под ливади. На далеку поголеми пространства се јавуваат ридските пасишта. Тие се разликуваат по конфигурацијата на теренот и водниот режим. Се карактеризираат со слабо богатство од тревни видови и застапеност на изразени ерозивни процеси. Во летниот период поради појавата на повеќе месечни суши тревниот покривач во потполност се исушува и тие преминуваат во голини. На вулканското земјиште доста се раширени драките, додека варовитите ридови потполно се оголени.

Во општината Кочани голините покриваат околу 22000 ха, што укажува на голема нивна застапеност и потреба од идна трансформација. Планинските пасишта се јавуваат на Осогово и Плачковица и тоа над буковиот појас, но ги има и меѓу шумските површини како пасишта на планинските рудини. Поради острите климатски услови се користат само во топлиот дел од годината и тоа од 120-160 дена. На Осогово покриваат простор од 14500 ха, се користат за летна испаша на овците и имаат третман на значајно природно добро.

Климатската, релјефната, педолошката и хидрографската хетерогеност овозможиле во Кочанско да егзистираат и повеќе шумски заедници. Тие, по одделните подрачја различно се разместени и се карактеризираат со вертикална заналност. Шумската вегетација во ова подрачје е претставена со делови на сочувани шуми во Осогово и на Плачковица но има и големи површини покриени со ниски шуми и грмушки. Сепак јасно се дифиренцирани височинските катови на дабовиот и буковиот појас. Вкупно под шуми во Кочанската општина се наоѓаат 18160 ха. Во однос на вкупниот шумски фонд на Републиката (905,605 ха), тие учествуваат со 2,0%. На височина до 1000 метри шумскиот фонд е доста деградиран, а претставен е со леска, габер и јасен.

Дабовиот појас ги зафаќа терените на ридско и пониско планинските простори на Плачковица и Осогово до 1400 метри. Главно го сочинува дабот горун. Тој е со слаб квалитет на дрвна

маса и прилично изменет флористички состав со висок степен на деградираност.

Над дабовиот се јавува појасот на буковите шуми. Започнуваат од 1400 м и се протегаат до 1650 метри надморска височина. Се јавуваат како долен подгорски и горен горски буков појас. Овде рељефот е типично планински.Четинарите се јавуваат на мали површини.

Фауна

Разновидните природни услови овозможиле Кочанскиот крај да е богат и со разновиден животински свет. Тој е составн од медитеранска и средноевропска фауна. Егејско-медитеранската фауна се јавува во полето и покрај реките, а средно-европската фауна во планинските делови. Меѓу најраширените животни се зајакот, лисицата, волкот, дивата свиња, срната, дивата коза, потоа еребицата, (полска и камењарка) и фазанскиот дивеч.

Во однос на просторната разместеност констатирана е најголема застапеност на фауната во низинскиот појас 132 фамилии на птици и 9 фамилии на цицачи. Потоа, во дабовиот појас се јавуваат 22 фамилии на птици и 11 фамилии на цицачи, во буковиот појас 17 фамилии на птици и 10 фамилии на цицачи и во високопланинските пасишта како нај карактеристични се утврдени 2 вида на цицачи и неколку вида на птици. Тоа укажува дека со одењето во висина застапеноста со видови се намалува. Поволните природни и еколошки услови за развој на ловното стопанство, овозможиле на Осогово да се формира посебно ловиште што е добра база за развој на ловниот туризам.

Според одредбите од Законот за локална самоуправа, со Општината раководи Градоначалник и Совет на општината, во чиј состав има 19 советници. Општинската администрација е раководена од страна на секретарот на Општина Кочани и таа е организирана во 6 Сектори и тоа:

Сектор за правни, јавни дејности и општи работи,

Сектор за финансиски прашања,

Сектор за уредување на градежно земјиште,

Сектор за планирање и развој,

Сектор за управување со човечки ресурси и поддршка на градоначалникот и

Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи.

Во рамките на Општина Кочани е и Територијалната противпожарна единица.

Официјален јазик со кој општината и администрацијата комуницира со граѓаните и локалните институции е македонскиот јазик.

Табела за вработени во Општина Кочани по пол:

| Вработени во општина Кочани по пол | Број на жени | Број на мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Вкупно вработени во општинска администрација | 36 | 52 | 88 |
| Раководители на сектор | 2 | 2 | 4 |
| Помошник раководител на сектор | 3 | 1 | 4 |
| Раководители на одделенија | 2 | 5 | 7 |

Во Општина Кочани вкупниот број на вработени изнесува 88 лица. Податоците од Табелата покажуваат дека бројот на вработени жени е помал во однос на мажи (40.91% жени, 59.09% мажи). Раководителите на одделенија се во поголем број мажи (71.43% мажи, 28.57% жени).

Органограм на општина Кочани:



## 2.2 Цел на ИЛРП на општина Кочани

Интегрираниот локален развоен план има за цел да ги дефинира предизвиците со кои се соочува општината Кочани, како и да предложи начин на којшто тие ќе се надминат и истовремено да ги идентификува и да се надгради на споредбените предности на општината како основа за долгорочен и одржлив развој

Тоа е возможно бидејќи при неговата изработка се пристапи сериозно, со вклучување на сите локални актери и засегнати страни во еден партиципативен процес, со почитување на претходните циклуси на планирање, преку надминување на секторскиот пристап, со ефикасно искористување на сите локални ресурси заради обезбедување реален долгорочен развој и квалитет на животот на целокупната локална заедница.

Со Интегрираниот локален развоен план се дефинира стратегијата за развој на општината Кочани и се дефинираат улогата, одговорноста и обврските на локалната самоуправа во нејзиното остварување, односно се настојува да се дефинира насоката на развојот на општина Кочани за временски период од четири години.

Со ваквиот пристап ќе се постигнат повеќекратни ефекти, а пред сè:

- Вклучување во процесот на сите засегнати страни на локално ниво, преку мобилизирање и мотивирање, заради зголемување на нивото на доверба помеѓу деловниот (бизнис), граѓанскиот (невладиниот) и јавниот сектор, и преку развивање на меѓусебните односи и врски и зголемување на шансите за подобра реализација на утврдените приоритети во планот.
- Добивање веродостојни резултати од извршената социо - економска и SWOT - анализа и обезбедување јасна слика за недостатоците, бариерите но и предностите на општината кои најдобро ќе се искористат при дефинирање на посакуваната состојба.
- Надминување на секторското планирање преку изготвување структурно интегриран мултисекторски план којшто ги третира проблемите интегрирано - од различни димензии (социјални, економски, животна средина, инфраструктура), и е конкретно насочен кон спроведување на активности и проекти во партнерство со локалните засегнати страни.

Успешно имплементирање на Интегрираниот план за локален развој е возможно само преку ефикасно искористување на сите локални ресурси заради обезбедување на реален долгорочен развој и квалитет на живот на целокупната локална заедница.

При изработка на документот се имаше во предвид да се овозможи еднаков пристап до ресурси и можности без оглед на полот, запазувајќи ги начелата на еднакви можности на жените и мажите и на социјалната вклученост.

# III. Методологија за изработка на ИЛРП на општина Кочани [2024–2027]

При изработката на овој ИЛРП за Кочани 2024 – 2027 беа искористени податоци поврзани со спроведувањето на претходната

Стратегија за ЛЕР, сознанијата до кои се дојде низ процесот на партиципативна подготовка на новата Стратегија за ЛЕР на општината Кочани како и на Урбанистичката ревизија, т.е. се изврши усогласување на сите овие плански документи. Истовремено, процесот на подготовка на Интерираниот локален развоен развоен план и на секторската Стратегија за ЛЕР се водеше на комплементарен начин избегнувајќи удвојување на напори и содржини.

Интегрираниот план за локален развој, беше подготвен низ постојана комуникација со тимот на консултанти на УНДП кој испорача техничка помош низ проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој и е дел од пошироката Програмска рамка на УНДП финансирана од Шведската влада.

Изготвувањето на Интегрираниот план за локален развој на Кочани ги опфати следниве клучни методолошки чекори:

| | |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Јуни, 2023 |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Јуни, 2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | Јули, 2023 |
| Чекор 4 – Прва проценка на мапираните засегнати страни врз основа на нивниот интерес и моќ | Септември, 2023 |
| Чекор 5 – Детална проценка на засегнатите страни кои имаат интерес и моќ во процесот преку структурирани интервјуа | Окомври, 2023 |
| Чекор 6 – Подготовка на план за ангажирање на засегнатите страни во процесот на планирање и начини и средства за комуникација | Ноември, 2023 |
| Чекор 7 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | Декември 2023 - Јануари 2024 |
| Чекор 8 - Социо-економска и анализа на животната средина | Февруари, Март и Април 2024 |
| Чекор 9 – Формирање и подготовка за работа на тематските работни групи – организирање покани | Мај 2024 |

| | |
|---|---|
| и подготовка за состаноци на работни групи за тематски SWOT анализи | |
| Чекор 10 – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи | Јуни-Јули 2024 |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | Август-Септември 2024 |
| Чекор 12 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | Октомври, 2024 |
| Чекор 13 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | Ноември, 2024 |
| Чекор 14 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | Декември, 2024 |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | Декември, 2024 |

При сите чекори во методологијата се имаше во предвид да се овозможи еднаков пристап до ресурси и можности без оглед на полот, односно да се запазат принципите за еднакви можности на жените и мажите и социјална вклученост. Принципите за родова еднаквост се вклучени како едни од основните принципи во ИПЛР. Во тој поглед, термините кои се користат во ИПЛР за лица од машки род или среден род (на пр: „жител", „родител", „лице", итн.) се неутрални и се однесуваат и на жени и на мажи.

## 3.1 Структура на ИПЛР

Интегрираниот план за локален развој на Општина Кочани е составен од девет поглавја.

На почеток на ИЛРП е вградено воведно обраќање на градоначалникот на општината. Потоа како делови од првото – воведно поглавје се наведени целите на ИЛРП, опишана е применетата методологија, структурата и институционалната рамка врз која се темели изработката на овој план.

Второто поглавје се состои од вовед кој се состои од профил на општината и опис на институционалната рамка, како и целта на ИЛРП, односно објаснување на причините на

одлуката на општинските власти да го спроведат овој планирачки процес.

После третото поглавје во кое е опшишана методологијата за подготовка на ИЛРП, во четвртото поглавје се обработува вертикалната и хоризонталната усогласеност на Планот со релевантните документи од повисок ранг – меѓународни, национални, регионални, како и со локалните документи. Особено е важно да се напомене дека колку што е значајна усогласеноста со европските, националните и регионалните релевантни документи, исто толку е важна анализата на локалните документи, бидејќи во содржината на овој документ се инкорпорирани најважните приоритети од сите консултирани локални документи.

Во петото поглавје се презентирани клучните наоди од спроведената социо-економска анализа и анализата на состојбите во животната средина и клучните наоди од интегрираната SWOT-анализа.

Во шестото поглавје, врз основа на претходните анализи, е формулирана развојната визија на општина Кочани и за секоја област на надлежност се дефинирани развојните стратешки цели. Во продолжение на планот е направена приоретизација на стратешките цели и врз нивна основа се развиени програми со голем број мерки, активности и проекти, чијашто реализација цели кон надминување на голем број предизвици кои имаат директно влијание врз севкупниот развој на општина Кочани и истовремено искористување на споредбениот развоен потенцијал на општината.

Седмото поглавје ги определува приоритетните развојни стратешки цели на општината, формулирани врз основа на спроведените консултации и анализи заедно со засегнатите страни .

Осмото поглавје ги опфаќа развојните програми на општината за секоја област на надлежност, согласно последниот буџетски циркулар за 2024 година. За секоја област на надлежност се наведени развојните програми, специфичните цели за секоја развојна програма, мерките поврзани со развојната програма, активностите поврзани со секоја развојна програма, а кои немаат финансиски импликации или имаат мали финансиски имликации и на крај се наведени подпрограми/проекти поврзани со секоја развојна програма. На тој начин ИЛРП поблиску се поврзува со буџетскиот процес и структурата на Буџетот на општината.

Во деветото поглавје е опишана динамиката на финансирање и изворите на финансирање на развојните програми, подпрограми/проекти на општина Кочани наведени во ИЛРП.

# *IV.* Вертикална и хоризонтална интеграција на ИЛРП со други развојни политики

При изработката на Интегрираниот локален развоен план на општина Кочани, а со цел негова вертикална и хоризонтална усогласеност, беа консултирани и земени предвид Целите за одржлив развој утврдени од страна на Обединетите нации, клучните развојни документи на ЕУ, стратешките развојни документи на национално и регионално ниво, како и секторските развојни документи на општината.

## *4.1* Вертикално поврзување

### 4.1.1 Допирни точки на ИЛРП со Глобалните цели за одржлив развој и клучните развојни документи на ЕУ

Цели за одржлив развој (скратено ЦОР) — е група од 17 цели во врска со меѓународниот развој во иднина. Целите биле утврдени од страна на Обединетите нации и се промовирани како „Глобални цели за одржлив развој". Тие ги замениле Милениумските развојни цели, чијшто временски период на исполнување завршил на крајот од 2015 година. Целите за одржлив развој се спроведуваат од 2015 до 2030 година. Се состојат од 169 потцели и 247 показатели за мерење на напредокот кон нивното постигнување.

ИЛРП се поврзува со следниве Глобални цели за одржлив развој:

- Цел 1: Нема сиромаштија да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде;
- Цел 2: Нема глад - да се стави крај на гладувањето, да се постигне безбедност на храната и подобрување на исхраната и да се промовира одржливо земјоделство;
- Цел 3: Добро здравје -да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите од секоја возраст;
- Цел 4: Квалитетно образование - да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите;
- Цел 5: Родова еднаквост - да се постигне родова еднаквост и да се охрабрат жените и девојчињата;
- Цел 6: Чиста вода и санитарни услови - да се обезбеди пристап до и одржливо управување со вода и санитарни услови за сите;
- Цел 7: Обновлива и достапна енергија - да се обезбеди пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите;
- Цел 8: Добри работни места и економија - промовирање на инклузивен и одржлив економски раст, вработување и пристојна работа за сите;
- Цел 9: Иновативност и добра инфраструктура - изградба на прилагодлива инфраструктура, промовирање на одржлива индустријализација и поттикнување на иновации;
- Цел 10: Намалена нееднаквост - намалување на нееднаквоста во и меѓу земјите;
- Цел 11: Одржливи градови и заедници -остварување на инклузивни градови и населби, безбедни, прилагодливи и одржливи;
- Цел 12: Одговорно користење на ресурсите - да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство;
- Цел 13: Преземање мерки за климата - да се преземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание;
- Цел 15: Одржливо искористување на земјата - заштита, обновување и промовирање на одржливото користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против опустинувањето и спречување на и повлекување на земјишната деградација и спречување на намалувањето на биолошката разновидност;
- Цел 16: Мир и правда - промоција на мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој,

пристап до правда за сите и изградба на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа;
- Цел 17: Партнерство за одржлив развој -зајакнување на средства за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој

ИЛРП на општина Кочани е усогласен со целите на регионалните политики на ЕУ за постигнување рамномерен развој и социјална, економска и територијална кохезија, притоа имплементирајќи мерки кои се однесуваат на растот и вработувањето, противмерки за климатските промени и енергетските прашања и намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост.

По 2020 година, новата кохезиона политика на ЕУ настојува сите држави да учествуваат во зелената и дигиталната транзиција.

Кохезионата политика на ЕУ од своја страна придонесува за зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија на Европската Унија. Таа има за цел да ја поправи нерамнотежата помеѓу земјите и регионите. Таа ги исполнува политичките приоритети на Унијата, особено зелената и дигиталната транзиција. Кохезионата политика е главната инвестициска политика на ЕУ и еден од нејзините најконкретни изрази на солидарност.

Петте главни цели на политиката се:

1) Попаметна Европа, преку иновации, дигитализација, економска трансформација и поддршка на малите и средни бизниси;

2) Позелена Европа без јаглерод, спроведување на Парискиот договор и инвестирање во енергетската транзиција, обновливите извори на енергија и борбата против климатските промени;

3) Поповрзана Европа, со стратешки транспорт и дигитални мрежи;

4) Посоцијална Европа, обезбедувајќи го европскиот столб за социјални права и поддржувајќи квалитетно вработување, образование, вештини, социјална вклученост и еднаков пристап до здравствена заштита;

5) Европа поблиску до граѓаните, преку поддршка на локални стратегии за развој и одржлив урбан развој низ ЕУ.

При подготовката на ИЛРП беа земени предвид и целите на Европскиот зелен договор (ЕЗД) за трансформација на ЕУ во модерна, ресурсно ефикасна и конкурентна економија која планира да биде првиот климатски неутрален континент, обезбедувајќи:

- дека нема да има нето емисии на стакленички гасови до 2050 година;
- економски раст одвоен од користењето на ресурсите;
- дека ниту една личност ниту место нема да биде заборавено.

### 4.1.2 Допирни точки на ИПЛР со националните стратегии

При консултирање на релевантните национални стратешки документи, основна појдовна точка беше дека националните стратегии и останатите документи се во

согласност со горенаведените цели и иницијативи на Европската Унија.

При подготовката на ИЛРП на општина Велес особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf

[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf

[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf

[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf

[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf

[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf

[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf

[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf

[9] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf

[10] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx

[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf

[12] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf

[13] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf

[14] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf

[15] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf

[16] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies

[17] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf

- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

### 4.1.3. Допирни точки на ИПЛР со регионалните стратегии

*Програма за развој на Источниот плански регион 2021-2026 година*

Општина Кочани припаѓа на Источниот плански регион и како предмет на анализа се земени документите од овој регион, а првенствено Програмата за развој на Источниот плански регион.

Вредно е да се спомене дека во изработката на овој, како и на другите регионални документи, редовно и во континуитет учествуваат заинтересирани страни од општина Кочани.

[18] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf

[19] https://mon.gov.mk/page/?id=2048

[20] https://finance.gov.mk/

[21] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

ИПЛР на општина Кочани е во согласност со следните цели:

**Стратешка цел бр. 1**: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот;

**Стратешка цел бр. 2:** Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги;

**Стратешка цел бр. 3:** Одржливо управување со животната средина и природните ресурси;

**Стратешка цел бр. 4:** Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини;

**Стратешка цел бр. 5** Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација;

## 4.2 Хоризонтално поврзување

Ако при анализата на меѓународните, националните и регионалните документи зборувавме за директна врска и за напор да се поставаат цели кои означуваат и овозможуваат одржлив и инклузивен развој, усогласено секаде каде што е тоа можно, при анализата на локалните документи целта беше да се идентификуваат и интегрираат сите поединечни секторски цели кои се наведени во постоечките - тематски развојни документи на општината, во еден стратешки документ.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки документ во

предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината[22].

- Стратегија за локален економски развој 2024-2027;
- Стратегија за меѓуетничка интеграција 2021-2025;
- Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Кочани 2019 – 2023;
- Стратегија за млади 2019-2023;
- Стратегија за спорт 2021-2025;
- Локален акциски план -Роми 2023-2026;

## V. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Свети Николе. На тој начи е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-еконмската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

[22] https://kocani.gov.mk/strageski-dokumenti/

*Табела 2: Клучни наоди*

| 1. **СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Демографска анализа** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Постојано намалување на бројот на жители. Постои тенеденција на негативен тренд на природниот прираст на населението.<br><br>Учеството на младото население (0 до 19 години) е доста ниско во однос на вкупното насление 18 %, додека учеството на старото население (60 и повеќе години) е дури 30% од вкупното насление што укажува дека во Општина Кочани е во процес на длабоко демографско стареење | Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на здравјето и квалитетот на живот, намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетен живот;<br><br>Поголем број на програми и активности за млади и зголемување на капацитетите за заштита на децата;<br><br>Отворање на центри за ран детски развој и сл. со цел зголемен опфат на деца во предучилишни установи;<br><br>Овозможување бесплатен дневен престој во установите за згрижување деца за родителите со поголем број на деца проследено и со обезбедување финансиска помош и поддршка за образованието на децата кои потекнуваат од повеќечлени семејства. |
| Половата структура покажува балансиран однос во општината. | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на половата рамноправност, односно еднакви можности на мажите и жените. |

| | |
|---|---|
| Негативно миграциско салдо | Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување.<br><br>Преземање конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, подигнување на економските, социјалните услови на повисоко ниво;<br><br>Преземање конкретни мерки за подобрување на квалитетот животот во Општината;<br><br>Намалувањето на сиромаштијата и обезбедувањето на институционална поддршка за најранливите категории на население вклучувајќи ги жените и младите лица особено во руралните средини. Овие политики и мерки треба да придонесат за менување на монофункционалниот карактер на руралниот простор и збогатување на селската економија преку соодветна на карактеристиките на руралните подрачја дистрибуција на индустриски капацитети (од незагадувачка лесна индустрија, главно од агроиндустрискиот сектор) создадени од домашни и странски инвеститори;<br><br>Изградба на социјални станови во подрачја со тренд на депопулација а со цел да им бидат доделени на млади лица и брачни парови по многу поволни цени; |

| | |
|---|---|
| | Давање на бесплатни парцели (до 300 m2) со симболични комунални давачки за градба и обезбедена инфраструктура во подрачја со специфични развојни потреби – би се опфатиле семејства со месечни примања до 30 000 денари со горна старосна граница од 35 години, млади брачни парови и многудетни семејства но и еднородителски семејства, жени жртви на родово-базирано насилство, млади кои не се во брачна заедница и други категории согласно спроведена анализа и утврдената состојба во заедницата;<br><br>Креирање на работни места особено за најранливите категории на населението, жените и младите;<br><br>Обезбедување на подобрен пристап на жените до здравствена заштита пред се амбуланти и гинеколошки ординации во руралните средини; |

**2.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - ПАЗАР НА ТРУДОТ**

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Неповолна образовната структура на невработените лица – Околу 70% од нив се безобразование, со основно или непотполно средно образование<br><br>Неповолна возрасна структура - (околу 45%) на невработени лица постари од 50 години. | Имплементирање на програми за обука на работната сила со цел прилагодување на структурата на понудата на работната сила од аспект на образованието и стручните квалификации, на структурата на побарувачката.<br><br>Поблиска соработка со Агенцијата за вработување по однос на спроведување на нивните активни мерки; |

| | |
|---|---|
| | Олеснување на искористување на инструментот младинска гаранција (Инфо ден, поврзување со државни институции);<br><br>Имплементирање на програми и активности кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа. обуки за CV, мотивационо писмо, форуми на работодавачи).<br><br>Подготовка на програми за подобрување на компетенциите за вработување и вработливост на невработените , односно за образование на возрасни во рамките на потребите на пазарот на труд низ соработка со Центарот за стручно образование и обука (спроведување на програми за преквалификација и доквалификација) ;<br><br>Олеснување на пристапот до пазарот на трудот на ранливите категории на граѓани, особено жените од руралните средини, самохраните мајки и жените без образование или со низок степен на образование; |
| Висока стапка на невработеност во урбаните средини. | Имплементирање на програми кои ќе го стимулираат вработувањето во приватниот сектор, како што е субвенционирање на платите кај новопримените работници, доделување на грантови за самовработување, даночни ослободувања за ново примените работници и сл. Преку овие програми, вработувањето во приватниот сектор треба да се направи поатрактивно од вработувањето во државниот сектор;<br>Имплементирање на програми за директно вработување во јавниот сектор. Организирање на јавни работи, како што се чистење и одржување на паркови, улици, пошумување и сл. се добра можност најранливите лица да се вработат;<br><br>Имплементирање на програми за |

| | |
|---|---|
| | стимулирање на вработувањето на младите и жените. Овие програми треба да вклучуваат најразновидни тренинзи на невработените млади лица и жените, субвенционирање на платите доколку тие би се вработиле, покривање на трошоците за обука откако ќе се вработат итн.;<br><br>Имплементирање на програми за практикантство со цел да се зголеми вработливоста на младите невработени, жените и други ранливи категории од населението и да се превенира недостатокот на вештини кога ќе влезат на пазарот на труд; |
| Голем бројо на невработените лица со попреченост | Поголема поддршка на компаниите за вработување на лицата со попреченост;<br><br>Воведување на програми и активности за поддршка на лицата со посебни потреби и олеснување на нивното вклучување и пристап на пазарот на трудот. |
| **3 СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Економски аспект** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на активни компании е во опаѓање.<br>Се намалуваат микро компаниите, а се зголемуваат средените и големите компании. | Имплементирање мерки за подобрување на деловната клима и зголемување на микро компаниите преку стимулирање.<br><br>Отворање на Агенција за развој на бизнисот.<br><br>Воспоставување на локален економско социјален совет (ЛЕСС) со учество на здруженијата на граѓани и приватниот сектор, универзитетите и други локални засегнати страни и воспоставување партнерства за одржлив ЛЕР.<br><br>Поддршка за основање на социјално претпријатие (ја) со цел да се помогне на најранливите категории.<br><br>Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски |

| | |
|---|---|
| | програми и инструменти за поддршка од страна на ЕЛС, со фокус на жените и младите претприемачи.<br><br>Воспоставување општински бизнис акцелератор преку кои на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис а особено жените, младите и лицата со попреченост како и други ранливи групи, ќе им се обезбедат сите неопходни информации и ќе се даде поддршка да ја реализираат нивната идеја на подрачјето на општината.<br><br>Мерки за не финансиска поддршка на МСП низ обуки и техничка поддршка; советување и правна помош; помош во маркетинг активностите и за влез на пазари; и промовирање на поврзување на бизнисите. |
| Постои зона „Лесна индустрија“ | Зголемување на капацитетот на зоната со проширување на ДУП от со нови градежно парцели. |
| Ниско ниво на туристичка промоција | Мерки за интензивирање на промотивната активност.<br><br>Отворање на Туристичко Информативен Центар (ТИЦ) во Кочани и ставање во функција на ТИЦ на Пониква. |
| Општина Кочани е единствениот зимски туристички центар во Источниот плански регион<br><br>Слабо развиена туристичка инфраструктура. | Збогатување на содржините за зимски туризам ( нови патеки и ски лифтови, ски борд парк, содржини за деца и сл.) |
| Релативно добар број на сместувачки и угостителски објекти | Инвестиции во капацитети со повисока категорија |
| Општина Кочани располага со природно богатство - геотермална вода | Недоволно искористеност на геотермалниот потенцијал.<br><br>Изработка на мастер план со техничка документација за можности за искористување на геотермалната вода. |
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини и добро развиено земјоделие (посебно оризопроизводството), со слаба | Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини. |

| | |
|---|---|
| обработливост<br><br>Земјоделието е засновано на монокултура (ориз) и расцепкани земјоделски парцели | Зголемување на обработливата површина преку окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој.<br><br>Јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства преку олеснување и одредени бенефиции за малите стопанства за зголемување на обемот на работа и економските резултати и преминување во правна форма на субјекти - стопанства, паралелно со приоритизација во мерките Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги.<br><br>Формирање на Агро-индустриски зони како центри за поттикнување и олеснување на економските активности во земјоделството, по примерот со индустриските зони (посебни зони но и користење на расположливите ресурси кои не се користат во регионот – т.н. „brownfield“ инвестиции или во склоп на веќе постојните индустриски зони) со одредени предуслови и бенефиции за инвеститорите. |
| Недоволна искористеност на шумските потенцијали | Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и поврзаност со други дејности.<br><br>Искористување на новите можности што ги дава заштитеното подрачје Осогово. |
| Недоволно посветување на внимание на родовите аспекти | Зајакнување на положбата на жените во руралните подрачја преку промовирање на правото на сопственост на имот и правото да располагаат со ресурси (финансиски и нефинансиски);<br>Поттикнување и приоритизација на учеството на жените како носители на земјоделски стопанства низ поврзување со мерките за Економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства, консолидација на земјоделското земјиште, но и мерките за правна формализација на |

| | |
|---|---|
| | индивидуалните земјоделски стопанства и формално вработување на жените;<br><br>Градење на капацитетите на жените како претприемачи, но и нивните квалификации и стручност за поголемо учество во формалната/платена работна сила; |
| **4.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Комунална инфраструктура и планирање** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Голем дел од постоечката патна инфраструктура е оштетена | Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните |
| Недоволна покриеност со водоводна, канализациона и патна инфраструктура во дел од населени места | Изградба и покриеност со водоводна, канализациона и патна инфраструктура во дел од населени места каде недостасува |
| Немање водоводна  и канализациона мрежа во неколку населени места и во СРЦ Поникква | Изградба на на водоводна и канализациона мрежа во руралните населени места и во СРЦ Поникква |
| Непостоење на планска документација во руралните населените места | Изработкае на планска документација во руралните населени места |
| Проблеми со водоснабдување и поплави при поројни дождови во градот | Реконструкција на водоводната мрежа и доиаградба на атмосферска канализација во градот |
| Сеуште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината (градот и населените места) | Да се превземат напори за замена на дрвените столбови со нови бетонски столбови |
| **5.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - Социјална инфраструктура** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Во Општина Кочани има 5 основни училишта,  2 средни училишта и едно музичко училиште | Постои потреба од унапредување на условите и стандардите за реализација на воспитно образовниот, како и препознавање и интегрирање на потребите на учениците, |
| Недостаток на целодневни прифатни центри за учениците | Отварање на целодневна настава во основните училишта |
| Недостаток на дом за стари лица | Изградба на старечки дом за кој општината има подготвено техничка документација |
| Се уште не решен проблемот со станарите старата касарна | Изградба на објекти преселување на станарите во старата касарна за кои се обезбедени средства |
| Постоечките детски градинки немаат | Има потреба од отварање на нова детска |

| | |
|---|---|
| капацитет за згрижување на сите деца | градинка |
| Постои згрижување на децата во градинки/центри за ран детски развој во две рурални средини во општината | Има потреба од отварање на установи за детско згрижување и во другите руралните средини. |
| Не постои соодветна пристапност за лица со попреченост во зградите на јавните институции | Изработка на техничка документација за изградба на пристапни рампи-лифтови за лица со посебни потреби за јавните објекти |
| Недостаток на објекти за згрижување на жртви на семејно насилство | Адаптирање на постоечки објект во центар за згрижување на жртви на семејно насилство |
| Недостасуваат здравствени установи (амбуланти) во руралните населени места | Субвенционирање за отворање и работа на здравствени установи (амбуланти) во руралните средини |
| Недостаток на опрема во детските градинки и болницата | Опремување на детските градинки и болницата |
| Нема центар за рехабилитација на зависности | Отварање на центар за рехабилитација на зависности |
| **6.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Појави на диви депонии, неуредена времена депонија | Санацијата на дивите депонии и уредување на времената депонија, рециклирањето и обработката на сметот со отварање на регионалната депонија. |
| Недоволен капацитет на општината | Вработување на нов соодветен стручен кадар, дообука на постоечкиот кадар. |
| Загадување од сообраќај | Еколошки подобрен јавен транспорт и развивање на инфраструктура за други начини на мобилност. |
| Незаштитени шумски екосистеми | Редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва. |
| Ниско ниво на енергетската ефикасност на објектите | Подобрување на енергетска ефикасност на јавните објекти во сопственост на општините, локалните установи и ЈКП |
| Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку изработка на соодветна документација, инвестиции во истото, обезбедување на дополнителни финансиски средства за овие потреби . |
| **7.СЕКТОРСКА АНАЛИЗА - БЕЗБЕДНОСТ И СИГУРНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |

| | |
|---|---|
| Плановите за заштита и спасување во општината направени се врз основа на Проценката на загрозеност во Општина Кочани во 2014 година и истата е застарена | Ажурирање на Проценката на загрозеност која е направена во 2014 година и при подготовка на планови за заштита и спасување при загрозеност да се земат во предвид информациите/насоките од оваа Проценка.<br><br>Вклучување на општина Кочани во дигиталната платформа за Е-Процена (на ЦУК) со цел за унифициран пристап во анализата и евалуацијата на ризиците, како и подобрено донесување на одлуки, координација и комуникација на локално ниво<br><br>Подготовка и спроведување на Програма за изградба на капацитетите за јакнење на отпорноста од катастрофи на локалните заедници и приватниот сектор, со вклучување на здруженија на граѓаните, а со цел за зајакнување на отпорноста на заедниците на локално ниво. |
| Застареност на плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците направени во 2016 и 2018 година | Редовно изготвување и ажурирање на плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците врз основа на Проценката на загрозеност<br><br>Зајакнување на јавната свест и знаењето на граѓаните за справување со ризиците и опасностите со посебен осврт на потребите и способностите на ранливите категории на граѓани (реализирање на кампањи и едукативни настани во соработка со експерти и здруженија на граѓани).<br><br>Вклучување на Центарот за јавно здравје во Кочани во локалната рамка на управувањето со кризи, во поглед на надлежностите, податоците, а со цел за подобра проценка, превенција и подготвеност за здравствени и комплексни кризи од страна на ЕЛС. |
| Не се изготвени сите планови само за заштита и спасување | Донесување и други планови согласно со Проценката на загрозеност |

| | |
|---|---|
| Постои ТППЕ со 16 пожарникари | Вработување на нови пожарникари заради до екипираност (согласно законската регулатива) |
| Постои доброволно противпожарно друштво со 35 доброволци | Обезбедување на соодветна опрема и возила за ДПД |
| Персоналниот состав на силите за ЦЗ (просторни сили) не е ажуриран | Редовно ажурирање на персоналниот состав на силите за ЦЗ |
| Не се реализирани потребните обуки на лицата за успешно справување со ризиците | Редовно спроведување обуки на силите за ЦЗ<br><br>Континуирано зајакнување на капацитетите на членовите на општинските совети и општинската администрација, локалните установи и ЈКП за управување со кризи и заштита и спасување на граѓани и добра. |
| Недостасува потребна опрема за успешно справување со ризиците | Опремување на силите за ЦЗ со потребна опрема по вид и број |

При изработката на ИЛРП се користеше SWOT анализата, како најчесто користен партиципативен метод за идентификување на најважните внатрешни фактори и надворешните околности важни за општинскиот развој.

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

Тематските **SWOT** анализи се изготвени на работилници при изготвување на стратегиските документи. На работилниците учествуваа засегнати страни за изготвување на стратегиски документи, кои се засегнати страни и во овој Интегриран локален развоен план. SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста.

Подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање, а во која е интегрирани и клучните наоди од тематските SWOT анализи.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа на општина Кочани*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| **ЛЕР** | |
| • Поволна местоположбата на општината - близина до аеродромот и релативно добра поврзаност со Скопје<br>• Природни богатства (планини, геотермални води) и услови за развој на туризмот ( зимски, спа и рурален)<br>• Поволни услови за искористување на Обновливи Извори на Енергија (ОИЕ) (2.222 сончеви часа годишно)<br>• Обновена и со подигнат квалитет магистралната патна инфраструктура<br>• Функционална индустриска зона<br>• Добро развиено земјоделие (оризопроизводство)<br>• Постоење на многу банки кои нудат финансиски услуги за компаниите<br>• Ниска стапка на невработеност во однос на националниот просек<br>• Добра квалификувана работна сила на пониски нивоа<br>• Ниска цена на работната сила<br>• Добра покриеност со ДУП ови - Постојат Урбанистички планови за изградба на производствени објекти и за руралните заедници<br>• Достапност за ново дефинирани парцели од ДУП-ови за потенцијално нови или заинтересирани инвеститори<br>• Постоење на проектна документација за улици и друга инфраструктура | • Недостаток на квалитетни високо образовани кадри особено во преработувачката индустрија<br>• Неусогласеност на образованието со потребите на бизнис секторот<br>• Недоволна искористеност на природниот и геотермалниот потенцијал (има студии, ДУП ови, документација, но недостатасуваат инвестиции)<br>• Висока стапки на невработеност на лица со незавршено основно и средно образование<br>• Недоволна заинтересираност кај невработеното население за преквалификација и доквалификација (посебно оние со послаби квалификации)<br>• Недостаток на организации за поддршка на претпријатијата и претприемништвото<br>• Земјоделие засновано на монокултура (ориз) и расцепкани земјоделски парцели<br>• Недоволно развиено Јавно Приватно Партнерство (ЈПП)<br>• Недоволна соработка помеѓу претпријатијата<br>• Неповолни извори на финансирање за компаниите<br>• Незадоволителна состојба на комуналната и локалната патна инфраструктура<br>• Недоволна дигитализација на услугите<br>• Долги процедури за издавање на одобренија за индустриски |

| | |
|---|---|
| • Добар менаџерски кадар | капацитети<br>• Нерешени имотно правни односи ( пр. за реализација на ДУП ови)<br>• Недоволна грижа за заштита на животната средина<br>• Недоволна екипираност на ЈП за следење на потребите на индустриските капацитети |
| **Земјоделство** | |
| • Голема површина на обработливо земјиште<br>• Погодни површини на висорамнините за одгледување на крупен и ситен добиток<br>• Поволни, чисти еколошки услови за развој на пчеларството<br>• Поволни услови за органско сточарство<br>• Добри услови за развој на земјоделство како предуслов за рурален туризам<br>• Изработени проекти за развој на рурална инфраструктура<br>• Постоење на институт за ориз<br>• Постоење на пчеларски здруженија<br>• Добри човечки капацитети на администрацијата за аплицирање и реализација на проекти од руралната инфраструктура<br>• Изграден мелиоративен систем и каналска мрежа | • Мал број на пристапни патишта до руралните места<br>• Лоша состојба на постоечката инфраструктура во низинскиот и ридско планинскиот регион<br>• Руиниран систем за водоснабдување<br>• Нередовно чистење на каналите за наводнување<br>• Неконсолидирани обработливи површини<br>• Неискористеност на ИПАРД за поддршка на земјоделието<br>• Неизградена брана Речани<br>• Диви депонии<br>• Централизирани надлежности<br>• Незаинтересираност на младите за започнување со земјоделие<br>• Намалени површини со ориз<br>• Слаба контрола на пестицидите<br>• Недоволен број на откупни и преработувачки центри во земјоделието<br>• Недоволна промоција на оризот |
| **Туризам** | |
| • Добра основна патна инфраструктура до Пониква<br>• Поволна инфраструктура за | • Недоволна инфраструктура на Пониква (Недоволен број на ски лифтови, нередовно одржување |

| | |
|---|---|
| зимски спортови на Пониква (ски лифтови, топови за снег, ратрак и ски санка, осветлување на стазите за скијање, добра механизација за одржување на стазите)<br>• Богатсво со геотермални води<br>• Локална туристичка атракција Брана Градче<br>• Излетнички места<br>• Поволни услови за развој на различни видови туризам – зимски, рурален, верски, културен, ловен, риболовен<br>• Постојат велосипедски патеки во планината<br>• Постојат археолошко историски локалитети | на стазите)<br>• Лошо водоснабдување<br>• Недоволни места за паркирање<br>• Нецелосна покриеност со канализациона мрежа<br>• Неизграден бањолошки и спа центар<br>• Недостаток на хотели и сместувачки капацитети<br>• Нема простор за кампинг<br>• Недоволно развиена туристичка понуда - придружни активности на брана Градче (бунгалови, детски паркови, велосипедски патеки), недоволни уредени излетнички места<br>• Недоволна промоција на туристичките потенцијали на општината<br>• Недостаток на човечки потенцијал за посветено изготвување на проекти од туризмот, лобирање за истите, како и за давање на туристички услуги<br>• Не постои јавен превоз до Пониква<br>• Нема сувенир препознатлив за Кочани<br>• Слаба искористеност на информатичките технологии за развој на туризмот |
| **Животна средина** | |
| • Функционална пречистителна станица<br>• Добар тим на КЈП за одржување на хигиената во градот<br>• Стручен тим за хортикултурно уредување во КЈП<br>• Има здруженија на планинари, извидници, пчелари и велосипедисти | • Недостаток на инфрастуктура за коминален отпад (контејнери за селекција)<br>• Ниско ниво на еколошка свест кај граѓаните<br>• Несоодветно постапување со уличните кучиња<br>• Несоодветен третман на угинати животни<br>• Недоволна искористеност на обновливите извори на енергија |

| | |
|---|---|
| | • Несоодветна заштита на браната Градче и Поникве<br>• Недоволно зелени површини во градот<br>• Фаворизирање на централното градско подрачје за одржување и заштита на животната средина<br>• Недоволна и застарена земјоделска механизација<br>• Лошо зимско одржување<br>• Несоодветно мерење на загаден воздух и бучава<br>• Слаба грижа за флората и фауната во регионот<br>• Неажурен инспекторат<br>• Користење на несоодветни извори за греење на домаќинствата (дрва)<br>• Несоодветна координација на надлежните институции за заштита на животната средина |
| **Образование** | |
| • Мултикултури училишта<br>• Доволен капацитет на училиштата<br>• Добра промоција и афирмација на училиштата во локалната средина<br>• Стручен образовен кадар<br>• Искуство од ЕУ проекти<br>• Специјални паралелки за ученици со посебни потреби<br>• Подготвени простории за лица со посебни потреби | • Застарени објекти<br>• Енергетски неефикасни објекти<br>• Недостаток на надгледни средства<br>• Несоодветно спроведување на реонизацијата<br>• Недостаток на спортски терени (сали и игралишта)<br>• Недостаток на спортски реквизити<br>• Руинирани и несоодветни санитарни јазли<br>• Недостаток на целодневни прифатни центри за учениците<br>• Повратници – ученици од странство без соодветни документи за продолжување на образованието<br>• Неможноста на постарите деца кои навреме не започнале со образованието, истото да го надополнат и продолжат<br>• Концентрација на учениците роми во две училишта<br>• Отсуство на регистер на |

| | |
|---|---|
| | училишни обврзници, како и деца со аутизам, со посебни потреби, социјална состојба и сл. во општината<br>• Отсуство на услови за исхрана на учениците во самото училиште<br>• Едукации за професионална ориентација на учениците<br>• Недостаток од центри за советување на учениците |
| **Здравство и социјална заштита** | |
| • Добра основна здравствена инфраструктура<br>• Стипендии за студенти<br>• Проекти за помош на социјално загрозени лица и лица од ранливи групи<br>• Постоење на функционален Центар за дијализа<br>• Добри програми за работа во градинките<br>• Добра организациска поставеност во детските градинки | • Недостаток на опрема во градинките<br>• Недостаток на опрема во болницата<br>• Нереновирани објекти<br>• Недоволно установи за социјална заштита (во општината не постои дом за стари лица)<br>• Недостаток на детска градинка<br>• Недостаток на објекти за згрижување на жртви на семејно насилство<br>• Отежнат пристап на одредени локации на брзата помош, особено во централното градско подрачје<br>• Недостаток на дежурна аптека која работи 24 часа<br>• Недостаток на квалификуван кадар во здравството и социјалната заштита<br>• Неорганизиран Паркингот кај болницата<br>• Нема центар за рехабилитација на зависности |
| **Култура** | |
| • Добри човечки капацитети<br>• Организација на традиционални културни манифестации - Денови на кочански ориз, ДАФ, Детски поетски фестивал, Петровденски конаци<br>• Има активни здруженија од | • Недостаток на објекти од областа на културата – инфраструктура (сали, галерија, музеј)<br>• Недостаток на институции од културата<br>• Недостиг на формални културни состави (градски хор, оркестар, |

<table>
<tr><td>областа на културата</td><td>камерен оркестар, балетски состави и други уметнички групи)<br>• Лоша координација на културните дејности<br>• Отсуство на младински културен центар<br>• Потреба од идејно техничко модернизирање на постојните културни манифестации<br>• Недостиг од иницијативи од граѓанскиот сектор<br>• Недоволно вклучување на иницијативите од граѓанскиот сектор во годишните програми на општината<br>• Недостаток од летни манифестации<br>• Недоволна заштита на старата градска архитектура</td></tr>
<tr><td colspan="2">Спорт</td></tr>
<tr><td>• Добри основна инфраструктура за спортски активности (терени за тенис, фудбалски стадион, градски базен, спортски сали)<br>• Постојат пливачка, карате, скијачка, боречка и кошаркарска школа<br>• Традиционално рели на Пониква</td><td>• Недостаток на тренери<br>• Недостаток на опрема и услови за спорт (Запуштени игралишта, запуштена боречка сала)<br>• Недоволно вложувања во спортот (слаб интерес од спонзори)<br>• Немање на велосипедски патеки<br>• Немање на патека за трчање<br>• Нема планинарски дом<br>• Запустени скијачки стази и жичара<br>• Потреба од реновирање на стадионот<br>• Недоволно сали за рекреативци и клубови<br>• Нема фитнес центар (крос фит, јога, гимнастика)<br>• Недостасува кадар за тенис<br>• Нема затворен базен<br>• Неповолни услови за спорт и рекреација во зимски услови (нема балони за рекреација)</td></tr>
<tr><td>МОЖНОСТИ</td><td>ЗАКАНИ</td></tr>
</table>

| ЛЕР | |
|---|---|
| • Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови (програми за поддршка на вработувањето за отворање на нови работни места, програми за едукација на жените и младите за претприемништво, повици за компаниите преку ФИТР)<br>• Можност за финансирање од домашни и странски фондации<br>• Пристап до транспортните коридори<br>• Растечки тренд за искористување на ОИЕ-изградба на фотонапонски централи<br>• Зголемена побарувачка за спа и велнес услуги<br>• Постојна регулатива за заштита на локални брендови (пр.оризот)<br>• Зголемена побарувачка за органски производи на централно и светско ниво<br>• Финансиска поддршка на земјоделството за единица произведена култура или нов посев (субвенции) | • Голема миграција и иселување на населението на државно ниво<br>• Влијание на кризата предизвикана од пандемијата ковид-19<br>• Продлабочување на енергетската криза<br>• Вонредна состојба поради непредвидени околности<br>• Конкуренцијата која доаѓа од ТИРЗ и соседните општини<br>• Неспроведување на закони (недоречености и неусогласености)<br>• Блокади од надворешни фактори за предходно добиени пазари ( пр. Антура и Амфенол)<br>• Климатски промени во земјоделието и шумарството, намалување на количина на вода, емисии на СО2, итн. |
| **Земјоделство** | |
| • Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови | • Административни бариери<br>• Климатски промени во земјоделието и шумарството (намалување на количина на вода, емисии на СО2, итн.)<br>• Несоодветна политика за поддршка на земјоделството на централно ниво (Нерегулиран увоз на земјоделски производи, итн.)<br>• Недоволна финансиска помош од централната власт |
| **Туризам** | |

| | |
|---|---|
| • Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови | • Конкуренција во дијаметар од 500 км<br>• Климатски промени (Недостаток на снег)<br>• Глобални политички и економски кризи |
| **Животна средина** | |
| • Соодветна законската регулатива за заштита на животната средина<br>• Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови | • Недостаток на секундарна легислатива и недоволна примена на регулативата за казнување |
| **Образование** | |
| • Пристап до фондови за Прекугранична соработка<br>• Реформа во стручното образование | • Интензивни трендови на миграција на национално ниво (намален број на ученици поради иселувањето) |
| **Здравство и социјална заштита** | |
| | • Интензивни трендови на миграција на национално ниво (одлив на кадар)<br>• Неповолни демографски трендови (намален наталитет, зголемен морталитет, стареење на населението) |
| **Култура** | |
| • Пристап до финансиска и техничка поддршка од национални програми и ЕУ фондови | • Несоодветна политика за поддршка на културата на централно ниво (Краткорочно финансирање на културни манифестации – годишно аплицирање иако се традиционални манифестации)<br>• Несоодветна надлежност за културното наследство - Завод и музеј Штип е надлежен за Кочани |
| **Спорт** | |

| | |
|---|---|
| | • Интензивни трендови на миграција на национално ниво (иселување на младите) |

## VI. Изјава за визија на општината

| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | - Поттикнување на спортски активности на децата и младите девојки и момчиња од сите етнички заедници кои живеат во општината во насока на унапредување на здравјето;<br>- Вклучување на жени во управувачките структури на клубовите, сојузите или здруженијата;<br>- Поттикнуваат интеграција на Ромите и другите етнички заедници во на клубовите, сојузите и здруженијата и во управувачките структури;<br>- Спортски клубови сојузи и здруженија кои ја подигаат еколошката свест и со своите активности допринесуваат за чиста и здрава животна средина<br>- Поддржување на масовен спорт, спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите и спортистките без разлика на верска и етничка припадност за постигнување на врвни спортски резултати;<br>- Поттикнување и помош за организирање на спортски приредби и манифестации;<br>- Одржување и функционирање на постојните објекти, како и изградба на објекти за спорт во општината. | | |
| Планирани активности | 1) Поддршка на спортски клубови, здруженија и сојузи<br>2) Поддршка на спортски манифестации<br>3) Одржување на спортски објекти | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4) Поддршка на проекти од областа на спортоти поединци кои оствариле висок спортски успех<br>5) Стимулирање на млади спортисти | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | • Зголемен бројот на спортски активности на децата и младите девојки и момчиња од сите етнички заедници кои живеат во општината во насока на унапредување на здравјето;<br>• Поддржан масовниот спорт, спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите и спортистките без разлика на верска и етничка припадност за постигнување на врвни спортски резултати;<br>• Организирани на спортски приредби и манифестации;<br>• Одржани и функционални постојниобјекти, како и изградба на објекти за спорт во општината. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при набавката и инсталирањето на опрема, како и проблеми со динамиката на реализација поради недостаток на средсва во буџетот на општината | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 01/01/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 24.133.200 МКД | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 5.200.000 МКД | 5.720.000 МКД | 6.292.000 МКД | 6.921.200 МКД |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кочани | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подеднаква застапеност на мажи и жени, девојчиња и момчиња | | | |

**Програма за образование**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за образование | Ознака на буџетска/општинска програма | | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за образование | Ознака на развојна потпрограма | | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Дополнителна поддршка (покрај онаа од МОН) на ученици од ромската заедница за изучување на македонскиот јазик, поддршка на социјално ранлива категорија на ученици во основните и средните училишта,наградување на ученици кои постигнале резултати на натпревари, на училиштата во реализирање на проекти активности и организирање на настани преку локално поврзување на училиштата и стипендии за високо образование | | | |
| Планирани активности | 1) Поддршка на учениciод ромската заедница во изучување на македонскиот јазик<br>2) Подршка на ученици од социјално ранливи категории во основнои средно образование<br>3) Промовирање и поддршка на успешни поединци и добри образовни практики<br>4) Стипендирање на студенти Организирање на настани | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Создадени услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите и проблеми со динамиката на реализација поради недостаток на средсва во буџетот на општината | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 01/01/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 3.898.440 МКД | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 840.000 МКД | 924.000 МКД | 1.016.400 МКД | 1.118.040 МКД |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот | Во тек |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кочани |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подеднаква застапеност на мажи и жени, девојчиња и момчиња |

**Програма за противпожарна заштита**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за противпожарна заштита | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за противпожарна заштита | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Превземање сите превентивни мерки за благовремено откривање и отстранување на се што би придонело за појава на пожари. | | |
| Планирани активности | 1. Извршување на технички интервенции во случај на поплави, земјотреси или сообраќајни незгоди<br>2. Стручно оспособување на вработените во ТППЕ-Кочани, согласно Планот и Програмата за обука на Пожарникари<br>3. Техничкото опремување на Единицата за противпожарна заштита согласно потребите и можностите како и редовно сервисирање на веќе постоечката опрема за нормално извршување на работните задачи.<br>4. Подготвување на Единицата за двоен режим на работа во зимски и во летни услови. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Постигнување повисок степен на заштита од пожари, | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите и проблеми со динамиката на реализација поради недостаток на средсва во буџетот на општината | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 01/01/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 14.456.715 МКД | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 3.115.000 МКД | 3.426.500 МКД | 3.769.150 МКД | 4.146.065 МКД |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кочани | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подеднаква застапеност на мажи и жени, девојчиња и момчиња | | | |

**Програма за заштита на населението од заразни болести**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Програма за заштита на населението од заразни болести | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Потпрограма за заштита на населението од заразни болести | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма | Целта на ова програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | населението на подрачјето на Општина Кочани. | | | |
| Планирани активности | 1. Обезбедување на безбедна вода за пиење;<br>2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби;<br>3. Обезбедување санитарно-хигиенски и други услови во објектите за производство и промет на храна;<br>4. Обезбедување  хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи;<br>5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини; | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Намалено, отстрането или искоренето ширењето на заразните болести  кај населението на подрачјето на Општина Кочани. | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите и проблеми со динамиката на реализација поради недостаток на средсва во буџетот на општината | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 01/01/2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | |
| Вкупна вредност | 11.827.124 МКД | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 2.548.400 МКД | 2.803.240 МКД | 3.083.564 МКД | 3.391.920 МКД |
| Статус на реализација на проектот | Во тек | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Кочани<br>Средства од буџетот на други корисници | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подеднаква застапеност на мажи и жени, девојчиња и момчиња | | | |

## IX. Буџет на ИЛРП со динамика на финансирање и извори на финансирање

Финансиската рамка на ИПЛР го утврдува нивото на финансирање за спроведување на потпрограмите/проектите во рамки на утврдените програми и содржи финансиската распределба на средствата на годишно ниво во периодот 2024 – 2027 година,

Буџетот што ќе го поддржува спроведувањето на ИПЛР е диверзифициран од аспект на извори на приходи и претставува комбинација од сопствени извори на приходи на општината, дотации од буџетот на Република Северна Македонија за пренесените надлежности, приходи утврдени во посебни закони, даночни приходи кои се наплатуваат на централно ниво и се пренесуваат под посебни услови на општините, наменски и капитални трансфери од државниот буџет и други институции, донации и други приходи.

Финансиската рамка на ИПЛР, како индикативен план за финансирање, беше утврдена и усогласена (и понатаму ќе се усогласува на годишно ниво) со Планот за развојни програми кој општината го доставува во согласност со Законот за буџети, а во којшто се прикажани планираните расходи на буџетите на локалната самоуправа поврзани со инвестициите.

Ова е прикажано како динамика поврзана со конкретните потпрограми/проекти и нивната врска со дефинираните програми, во следниве две табели:

Табела 7: Буџет на ИЛРП и динамика на финансирање

| **Програма бр.** | **Потпрогхрама/ Проект** | **Почеток на потпрограмата/ проектот** | **Време за спрове-дување на потпрог-рамата/ проектот** | **Проценета вредност на потпрограмата/ проектот** | **Динамика на финансирање** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Година I (2024)** | **Година II** | **Година III** | **Година IV** | **ВКУПНО** |
| ПРГ1 Урбано | ПП/П1.1 Изработка на урбани | 1/1/2024 | 4 | 23.500.000 МКД | 5.000.000 МКД | 5.500.000 МКД | 6.050.000 МКД | 6.655.000 МКД | 23.500.000 МКД |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| планирање | стички планови и урбанистички проекти | | | | | | | | |
| | ПП/П1.2 Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) | 1/1/2024 | 4 | 75.091.000 МКД | 16.400.000 МКД | 18.000.000 МКД | 23.000.000 МКД | 25.300.000 МКД | 75.091.000 МКД |
| | ПП/П 1. 3 Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци) | 1/1/2024 | 4 | 11.880.000 МКД | 3.000.000 МКД | 3.000.000 МКД | 2.800.000 МКД | 3.080.000 МКД | 11.880.000 МКД |
| ПРГ2 Комунални дејности | ПП/П 2.1 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во Општи | 1/1/2024 | 4 | 94.363.624 МКД | 56.743.624 МКД | 12.000.000 МКД | 12.200.000 МКД | 13.420.000 МКД | 94.363.624 МКД |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ната | | | | | | | | |
| | ПП/П 2.2 Изградба на системи за водоснабдување во Општината | 1/1/2024 | 4 | 10.800.000 МКД | 2.600.000 МКД | 4.000.000 МКД | 2.000.000 МКД | 2.200.000 МКД | 10.800.000 МКД |
| | ПП/П 2.3 Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води во Општината | 1/1/2024 | 4 | 31.760.000 МКД | 5.800.000 MKD | 10.000.000 MKD | 7.600.000 MKD | 8.360.000 МКД | 31.760.000 МКД |
| | ОО/П 2.4 Капитални расходи за урбана Опрема | 1/1/2024 | 4 | 6.890.000 МКД | 1.900.000 MKD | 1.000.000 MKD | 1.900.000 MKD | 2.090.000 МКД | 6.890.000 МКД |
| | ПП/П 2.5 Изградба на јавно осветлување | 1/1/2024 | 4 | 12.398.000 МКД | 3.098.000 МКД | 3.000.000 МКД | 3.000.000 МКД | 3.300.000 МКД | 12.398.000 МКД |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРГ 3 Социјална заштита | ПП/П 3.1 Социјална заштита | 1/1/2024 | 4 | 14.247.870 МКД | 3.070.000 МКД | 3.377.000 МКД | 3.714.700 МКД | 4.086.170 МКД | 14.247.870 МКД |
| | ПП/П 3.2 Капитални расходи за социјална заштита | 1/1/2024 | 4 | 42.000.000 МКД | 5.000.000 MKD | 16.000.000 MKD | 10.000.000 MKD | 11.000.000 МКД | 42.000.000 МКД |
| ПРГ 4 Заштита на животна средина и природа | ПП/П 4.1 Заштита на животна средина и природа | 1/1/2024 | 1 | 10.906.350 | 2.350.000 MKD | 2.585.000 МКД | 2.843.500 МКД | 3.127.850 МКД | 10.906.350 |
| ПРГ 5 Локален Економски Развој | ПП/П 5.1 Потпрограма за локален економски развој | 1/1/2024 | 4 | 715.652.191 МКД | 154.202.153 МКД | 169.622.368 МКД | 186.584.605 МКД | 205.243.065 | 715.652.191 МКД |
| | ПП/П 5.2 Проекти за енергет | 1/1/2024 | 4 | 15.000.000 МКД | 12.700.000 МКД | 2.300.000 МКД | | | 15.000.000 МКД |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ска ефикасност | | | | | | | | |
| ПРГ 6 Култура | ПП/П 6.1 Потпрограма за култура | 1/1/2024 | 4 | 18.564.000 МКД | 4.000.000 МКД | 4.400.000 МКД | 4.840.000 МКД | 5.324.000 МКД | 18.564.000 МКД |
| ПРГ 7 Спорт и рекреација | ПП/П 7.1 Потпрограма за спорт и рекреација | 1/1/2024 | 4 | 24.133.200 МКД | 5.200.000 МКД | 5.720.000 МКД | 6.292.000 МКД | 6.921.200 МКД | 24.133.200 МКД |
| ПРГ 8 Образование | ПП/П 8.1 Потпрограма за образование | 1/1/2024 | 4 | 3.898.440 МКД | 840.000 МКД | 924.000 МКД | 1.016.400 | 1.118.040 | 3.898.440 МКД |
| ПРГ 9 Противпожарна заштита | ПП/П 9.1 Потпрограма за противпожарна заштита | 1/1/2024 | 4 | 14.456.715 МКД | 3.115.000 МКД | 3.426.500 МКД | 3.769.150 МКД | 4.146.065 МКД | 14.456.715 МКД |
| ПРГ 10 заштита на населе | ПП/П 10.1 Потпрограма за заштита на населението | 1/1/2024 | 4 | 11.827.124 МКД | 2.548.400 МКД | 2.803.240 МКД | 3.083.564 МКД | 3.391.920 МКД | 11.827.124 МКД |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ниeто од заразни болести | од заразни болести | | | | | | | | |

Табела 8: Извори на финансирање

| **Потпрограма/ Проекти** | **Проценета вредност на потпрограмата/проектот** | **Извори на финансирање (вредности)** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Примарен општински буџет (сопствени извори на приходи)** | **Општински Буџет на субвенции - Трансфери од централната власт** | **Заем** | **Донација** | **ИПА/ИПАРД** | **Донација од приватен сектор** | **ЈПП** | **Самопридонес од граѓаните** |
| **ПП/П 1.1** | 23.205.000 МКД | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П1.2** | 75.091.000 МКД | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П1.3** | 13.700.000 МКД | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 2.1** | 519.697.954 МКД | **X** | **X** | **X** | **X** | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПП/П 2.2** | 10.800.000 МКД | **X** | **X** | **X** | **X** | | | | |
| **ПП/П 2.3** | 31.760.000 МКД | **X** | **X** | **X** | **X** | | | | |
| **ПП/П 2.4** | 6.890.000 МКД | **X** | | | **X** | | | | |
| **ПП/П 2.5** | 12.398.000 МКД | **X** | | | **X** | | | | |
| **ПП/П 3.1** | 14.247.870 МКД | **X** | | | **X** | | | | |
| **ПП/П 3.2** | 16.600.000 МКД | **X** | **X** | | | | | | |
| **ПП/П 4.1** | 10.906.350 MKD | **X** | **X** | | | | | | |
| **ПП/П 5.1** | 715.652.191 МКД | **X** | **X** | | **X** | | | | |
| **ПП/П 5.2** | 15.000.000 МКД | **X** | | | **X** | | | | |
| **ПП/П 6.1** | 18.564.000 МКД | **X** | **X** | **X** | **X** | | | | |
| **ПП/П 7.1** | 24.133.200 МКД | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 8.1** | 3.898.440 МКД | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 9.1** | 14.456.715 МКД | **X** | | | | | | | |
| **ПП/П 10.1** | 11.827.124 МКД | **X** | | | **X** | | | | |

## XI. План за мониторинг и евалуација

Планот за мониторинг и евалуација на ИЛРП содржи индикатори поврзани со на дефинираните специфични цели за секоја програма од ИЛРП.  Со помош на овие клучни индикатори ќе се следи успешноста на спроведувањето на ИПЛР, односно ќе се овозможи доследна евалуација на постигантите резултати во средина и на крај на планскиот период 2024 – 2027 година за секоја поединечна програма. .

Табела 9: План за мониторинг и евалуација на ИЛРП

| Наслов на потпрограмата | Опис на индикаторот | Почетна вредност на индиктори (последен податок од 2024) (овие податоци од Анексите - моменталната ситуација | Индикатори за успешност 2025 | Индикатори за успешност 2026 | Индикатори за успешност 2027 | Број на лица корисници (жени/мажи | Број на лица вклучени во мерката (жени/мажи) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПП/П1.1 Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти | Број на изработени урбанистички планови и проекти | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П1.2 Уредување на градежно земјиште (капитални | Бетонирани пристапни улици и тротоари со бекатон плочки, изграден | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| трошоци) | и потпорни ѕидови, заштитни огради и столпчиња, изработе на техничка документација за мостови и за објекти за лица со социјален ризик. | | | | | | |
| ПП/П 1. 3 Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци) | Изградени X км локални патишта во руралните подрачја | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П 2.1 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во Општината | 1. Изработени х проектни документации за улици и патишта 2. Ревизија на х проекти 3. Изградба на х км | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | локални патишта<br>4. Реконструкција на х км локални патишта | | | | | | |
| ПП/П 2.2 Изградба на системи за водоснабдување во Општината | 1. Изградени реконструирани х км водоводна мрежа<br>2. Изработена проектна документации за препумпна станица | | | | | 50% мажи<br>50% жени | |
| ПП/П 2.3 Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води во Општината | 1. Подготвени х технички проекти<br>2. Изградени реконструирани х сливни решетки од полимер бетон<br>3. Изградени х км фекални и | | | | | 50% мажи<br>50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | атмосферска канализација | | | | | | |
| ПП/П 2.4 Капитални расходи за урбана Опрема | 1. Изградено детско игралиште<br>2. Реконструиран Споменикот на слободата<br>3. Уреден паркот во м.в Колерски гробишта<br>4. Опремено детско игралиште<br>5. Набавена урбана опрема. | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П 2.5 Изградба на јавно осветлување | 1. Изградених нови линии со поставување на електрични столбови,<br>2. Поставених нови | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | улични светилки во градот и населените места<br>3. Поставених светлосни канделабри<br>4. Заменетих прегорени и скршени сијалици, х оштетени светлосни арматури, х заштитни стакла и х останати елементи на сијаличното место. | | | | | | |
| ПП/П 3.1 Унапредување на социјалната заштита | Процент на зголемување на зголемување на социјална | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | та инклузивност | | | | | | |
| ПП/П 3.2 Изградба на други објекти | Изградени 7 објекти во градот Кочани, вон централното градско подрачје, секој од објектите е развиен на ниво приземје и се состои од четири еднакви станбени единици во кои ќе се сместат 28 семејства од старата касарна. | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П 4/1 Заштита на животна средина и природа | Број на спроведени мерки за намалување на загадување на воздухот, Број на засадени хибридни | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | садници, број на дадени субвенции за велосипеди за одржлив урбан транспорт, исчистено коритото на Оризарска река и одводните канали во должина од x км | | | | | | |
| ПП/П 5.1 Локален економски развој | Број на добиени и спроведени проекти за ЛЕР, Процент на зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПП/П 5.2 Проекти за енергетска ефикасност | Поставени фотоволтаици на две училишта и на пречистителната станица | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П 6.1 Култура | - Број на реализирани манифестации, програми и проекти<br>- Број на посетители | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П 7.1 Спорт и рекреација | Број на поддржани спортски манифестации, спортски клубови, спортски здруженија | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П 8.1 Образование | Број на поддржани ученици од ромската заедница во изучување на македонс | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | киот јазик , број на поддржани ученици од социјално ранливи категории во основнои средно образование, број на поддржани успешни поединци, број на стипендирани | | | | | | |
| ПП/П 9.1 Противпожарна заштита | Ниво на опременост на професионалната противпожарна единица | | | | | 50% мажи 50% жени | |
| ПП/П 10.1 Заштита на населението од заразни болести | Количина на обезбедена безбедна вода за пиење; количина на обезбедена исправна вода за рекреатив | | | | | 50% мажи 50% жени | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ни потреби; | | | | | | |

ИПЛР е динамички документ којшто постојано треба да се следи и да се ажурира (да се менува и да се дополнува по потреба), за да се внесат евентуално новоидентификувани програми и потпрограми/проекти што се во согласност со генралната цел на ИЛРП, стратешките цели по области од локална надлежност и специфичните цели на програмите кои го сочинуваат развојниот план.

Одговорноста за спроведувањето на ИЛРП е споделена меѓу органите на локалната самоуправа.

За спроведување на планот се формира **Координативно тел**о, составено од: координатор, заменик-координатор и вработени лица во Одделението за локален економски развој.

За директно спроведување на програмите и потпрограмитепроектите во нивни рамки се формира **менаџерски тим.** Составот на менаџерскиот тим се надополнува во зависност од потребите на потпрограмата/проектот, односно се идентификуваат и се мобилизираат партнери за спроведување на секоја потпрограма/ проект пооделно.

Менаџерскиот тим ќе биде составен од еден програмски менаџер и 4-5 проектни менаџери. Програмските менаџери можат да бидат вработени во општинската администрација, јавни установи, приватни претпријатија или НВО, а проектните менаџери се службеници од општинската администрација или други локални установи, претпријатија или членови на НВО.

Задачи и обврски на менаџерскиот тим се (основни, но не и конечни):

- Да ги подготви потпрограмите/проектите за секоја година од Планот;
- Да одреди проектен тим раководен од проектен менаџер за подготовка на сите потребни документи и формулари за секоја потпрограма/проект пооддлено;
- Да бара и да обезбеди извори на финансирање на потпрограмите/проектите за постигнување на соодветната стратешка цел од областа на надлежност и специфичните цели на програмата во чии рамки се истите развиени;
- При спроведувањето да дефинира контролни мерки за секоја потпрограма/проект пооделно;
- Да врши периодично известување на Координативното тело, Советот на Општината и градоначалникот за спроведување на активностите и
- Да врши мониторинг (следење и контрола) на спроведувањето на Планот, што се однесува на степенот на исполнување на генералната цел на ИЛРП, стратешките цели по области на надлежност, и специфичните цели на програмите во чии рамки се развиени поединечни потпрограми/проекти.

## Мониторинг и известување

Системот за мониторинг и известување се базира врз извештаите кои треба да обезбедат информации за постигнатите резултати.

Секоја тековна година од временскиот период на важност на ИПЛР, Менаџерскиот тим (МТ), за секоја стратешка цел поодделно, поднесува извештај до Координативното тело (КТ) квартално (на секои три месеци) за планираните и постигнатите резултати и постигнувањата во однос на индикаторите во тековната година.

Секоја тековна година, МТ и КТ поднесуваат извештај до Советот на Општината и до градоначалникот за постигнатите резултати и планираните проекти во наредниот период. Овој извештај се поднесува 2 пати годишно: во февруари, кога содржи информации за спроведените активности и постигнатите резултати во изминатата година, и во септември, кога содржи информации за тековните проекти, анализа и податоци за индикаторите за тековните проекти и сумирани податоци за целиот изминат период. На овој начин, Советот на Општината и градоначалникот добиваат информации врз основа на кои можат да донесат релевантни одлуки за планот во наредната година.

За да ги подготват извештаите, МТ мора да ги следат индикаторите. За секоја фаза од проектниот циклус, МТ треба да следат по неколку точки на прогрес, односно податоци за планираните и остварените вредности на времетраењето, човечките ресурси, финансиските ресурси и процентот на реализација на активностите.

Извештаите што МТ и КТ ги поднесуваат до Советот на Општината и градоначалникот двапати годишно треба да ги содржат податоците за постигнувањето на стратешките/конкретните цели, и тоа:

- Стратешка/Конкретна цел;
- Планиран индикатор;
- Тековна вредност на индикаторот;
- Планирано време;
- Тековно време;
- Планирани вкупни трошоци;
- Тековни вкупни трошоци;
- Забелешки.

Кварталните извештаи што МТ ги поднесуваат до КТ, покрај податоците за постигнувањето на стратешките/конкретните цели, треба да содржат и податоци на програмско ниво,односно за секој проект поодделно:

- Име на проектот;
- Планирани индикатори;
- Тековна вредност на индикаторот;
- Планиран обем;
- Тековна вредност на обемот (%);
- Планирано време;
- Тековно време;
- Планирани финансиски средства;
- Тековни финансиски средства;
- Забелешки.

# АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА

## СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ

## Природни услови

### КРАТОК ИСТОРИЈАТ НА ОПШТИНАТА

Поради поволната географска положба и одличните природни карактеристики, територијата на денешниот град Кочани била населена од најстарите антички времиња, најпрво од Пеонците, Медите и Траките, а во 80-тите години од VI век почнуваат да се населуваат Словените, поточно до VII век припадници на племето Смолјани ја колонизираат Кочанската Котлина и се утврдуваат во неа.

Браќата Кирил и Методиј, основоположниците на словенската писменост од 845-855 година престојувајќи во Брегалничката област (Мородвис) отпочнале со ширење на христијанството на словенски јазик. Иако населбата постои од порано, името Кочани во пишан документ за првпат се среќава од 1337 година. Од крајот на XIV век Кочани е под османлиска власт. Патеписецот Евлија Челебија во 1662 година зборува за населба од 600 куќи и 15 дуќани. Тогаш Кочани примило турска физиономија. Биле изградени доста кули (тврдини) кои служеле како набљудувачки стражарски места, бидејќи од самиот град во котлината не можело да се види што се случува во околината. Во тој период е лоцирана и изградбата на средновековните кули во Кочани кои имале станбено-одбранбена функција. Едната имала намена на саат-кула и звучно го означувала времето. Кочани и околината останале со мнозинско турско население се до XIX век, кога дошло до обратен процес - емигрирање на турското население во својата матична земја. Градот растел во XVIII, XIX и особено во XX век, по завршувањето на изградбата на железничката пруга во 1926 година, што придонело за подобрување на транспортните врски со останатиот дел од државата.

### ГЕОГРАФСКА КАРАКТЕРИСТИКИ

Географска положба

Кочани се наоѓа на 100 км. оддалеченост од Скопје во источниот дел на Република Северна Македонија, поточно ја зазема северната страна на Кочанската котлина протегајќи се околу двете страни на Кочанска река во подножјето на Осоговските планини на надморска висина од 348 метри. Кочанската котлина со нејзината поширока околина се наоѓа во источниот дел на Република Македонија помеѓу 41°40’ и 42°00’ северна географска ширина и 22°00’ и 22°30’ источна географска должина. Кочанската котлина генерално се протега исток - запад, и зафаќа површина од околу 400 км² со средна надморска висина од 330 м. ограничена на север со осоговските планини со доминантна кота на Царев врв (2084 м.), на југ-југоисток со планината Плачковица (Туртел 1607 м.) кој стрмно се издига над котлината, на запад со Овчеполската висорамнина.

Површина

382 км$^2$

Населени места

Општина Кочани е составена од 28 населени места, и тоа градот Кочани кој е и административен центар, потоа низинските села: Грдовци, Мојанци, Горни Подлог, Долни Подлог, Оризари, Прибачево и Тркање и ридско-планинските села: Бели, Нивичани, Пантелеј, Рајчани, Лешки, Црвена Нива,

Пашаџиково, Јастребник, Горно Градче, Долно Градче, Припор , Полаки, Безиково, Вранинци, Главовица, Костин дол, Небојани, Ново село, Пресека и Речани.

Соседни општини

Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка и Македонска Каменица.



Слика 1. Географска локација на општина Кочани во Р.С. Македонија

**КОМУНИКАЦИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Низ општина Кочани поминува магистрална сообраќајница со која таа се поврзува со Штип (30km) и Велес (70km), а потоа излегува на автопатот Скопје-Гевгелија, односно со оваа сообраќајница Кочани е поврзан со централна Македонија. Со новоизградениот експресен пат Кочани-Штип и автопатот до Миладиновци, Скопје е на 100 км, а аеродромот е на одалеченост од 90 км. Кочани е крстосница на повеќе регионални сообраќајници, со кои се поврзува со најблиските градови, на исток е поврзан со Виница (10km), Македонска Каменица (30 km), Делчево (55 km), Берово (60 km), Бугарска граница (65 km), а на запад е поврзан со Пробиштип (36km) и Кратово (48km). Сообраќајно значење има и постоечката железница која е изградена 1926 год. Преку оваа железничка линија Кочани е поврзан со Штип- Велес- Скопје.

**ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Рудни богатства

Кочанскиот регион со својата околина просторно сместен на ободот од Кратовско-Златовската област помеѓу јасно дефинираните рудни наоѓалишта од исток Саската провинција, од запад Злетовската провинција, од север Тораничката провинција и од југ Бучимската провинција, од секогаш (историски архивирана), па и денес претставувал и претставува значаен простор од аспект на

природни актуелни рудни и геотермални наоѓалишта и од аспект на потенцијалните појави и наоѓалишта како од метали така и од неметали и термоминерални појави.

Металите во централниот осоговски масив посебно присутните бакарот, оловото, цинкот и железно-титанските минерали со карактер на минералошки појави претставуваат огромен потенцијал, кој нуди објективни предуслови за истражувачко-експлоатациони работи со можност за конкретни економски ефектуирања. Неметалите во Кочанскиот регион се јасно изразени со конкретно ефектуирање преку организираната експлоатација на габро во село Пантелеј.

Хидропотенцијал

Термоминералниот хидропотенцијал е посебно значаен за овој регион, од аспект на големината, температурата (78°C) на верифицираното лежиште на геотермалната вода „Подлог-Бања“, кое експлоатирано преку Геотермалниот систем „Геотерма“, дава можности за широка примена со значајни економски, енергетски и еколошки ефекти. Геотермалната вода во актуелниот момент се применува за топлификација на оранжерискиот комплекс во агрокомплексот, топлификација на дел од градот Кочани, рекреативно бањолошки цели како и за минерална вода за пиење со исклучително благотворни својства по здравјето на луѓето. Геотермалниот систем за експлоатација на геотермалните води е изграден во 1985 година, како резултат на претходно верифицирано лежиште на геотермална вода кое има балансирани резерви од 157 милиони $м^3$ геотермална вода со температура поголема од 50°C. Системот „Геотерма“ претставува техничко-технолошка целина изградена од четири експлоатациони бунари, секундарна површна мрежа, пумпно-дистрибутивна станица и магистрално дистрибутивни цевководи со комплетно сопствена инфраструктура. Системот има функција на експлоатација и дистрибуција на геотермална вода од геотермалното лежиште, инсталиран капацитет на системот 300 л/сек. со средна температура од 75°C.

Брегалница, која тече по средината на полето е главниот реципиент во котлината. Во неа се вливаат сите речни текови од ова подрачје и тоа десет од левата страна, од Осогово и шест реки од десната страна од Плачковица. Во Кочанската Котлина Брегалница навлегува кај с. Истибања, тече кон југозапад и ја напушта кај с. Крупиште каде на запад од него изградила плитка сатеска. Низ полето реката има рамнински карактер со просечен пад од 1,8%. Коритото и е плитко и непостојано често затрупувано со наносите на притоците и пороите, што предизвикува излевање на водата и поплавување на околното земјиште. Таа и плитката издан се причината за образување на заблатени површини околу коритото скоро низ целиот нејзин тек во полето.

| Име на реката | Површина на сливот во $км^2$ | Должина во км | Просечен пад | Пошумено ст во % |
|---|---|---|---|---|
| Кочанска Река | 198,0 | 34,0 | 39,3%o | 45 |
| Оризарска Река | 137,0 | 30,0 | 39,5%o | 50 |
| Брегалница | 4307,0 | 225,0 | 7,0%o | - |

Кочанска Река извира од јужната страна на Лопенската Била на Осогово во месноста Ретки Буки на надморска височина од 1630 метри, а во Брегалница се влива над с. Чифлик на 295 м.н.в. Има доста голем пад (39,3%), што овозможило во нејзиното корито кај с. Д. Гратче да се изгради брана која според селото го носи името "Гратче".

Оризарска Река, извира под Царев Врв на Осогово на надморска височина од 1510 метри, а во Брегалница се влева над с. Мојанци на надморска височина од 320 метри. Долга е 30 км. а настанува од две реки Бела и Црна Река кои се соединуваат кај с. Речани.

Општа карактеристика за сите реки е што имаат највисок водостој во април и мај кога се отопува снегот во високите планински делови, а најнизок во јули и август, кога врнежите се минимални, температурата на воздухот висока и испарувањето големо.

Во Кочанскиот крај постои и едно вештачко езеро. Тоа е Кочанското Езеро. Кај месното население познато како езеро "Гратче". Изградено е на Кочанската Река 6 км северно од Кочани кај с. Д. Градче во 1959 година. Површината на акомулацијата изнесува 0,19 км², акумулира вода од 2.4 милиони м3 која се користи за снабдување на населението и индустријата во Кочани со вода и за наводнување на 576 ха обработливо земјиште во Кочанско Поле.

Кочанското Поле се наводнува и со води од вештачкото езеро "Калиманци". Тоа се наоѓа на реката Брегалница во Овчеполско-истибањската клисура, а изградено е во 1969 година. Браната е камено-насипна со глинено јадро, висока е 92 м, а долга 240 м. Езерото е долго 14 км., широко 0,3 км. и длабоко 80 метри. Зафаќа површина од 4.23 км² и акумулира 127 милини м³ вода. Основната намена е за наводнување на околу 28.000 ха главно оризови полиња во Кочанската Котлина, но и на дел од обработливите површини во Овче Поле. Вишокот на вода се користи за производство на електрична енергија преку за таа цел изградената хидроцентрала со инсталирана моќ од 12,8 MW.

Планини

Во природните богатства на општината Кочани е и планината Осогово. На 20 км. северно од Кочани, на надморска висина од 1640м. во Осоговските планини се наоѓа туристичкиот локалитет Пониква, покриен со густа букова шума и разновидна тревна вегетација. Поради поволната клима Пониква претставува извонредно место за развој на летен и зимски туризам. До локалитетот Пониква, води асфалтен пат до објектите на детското одмаралиште. На Пониква се изградени сместувачки капацитети и спортско рекреативни објекти, постои одмаралиште, ски-патеки, два ски-лифта, викенд населба, ресторани, мотели. Искористување на водните извори нема да овозможи доволни количини вода во догледен период. Затоа се наметнува идејата за изградба на земјена брана во сливното подрачје на место викано „Арамиска чешма“ со што долгорочно би се решил проблемот со вода за пиење не само на рекреативниот центар Пониква, туку и на поширокиот регион, за што општина Кочани има подготвено комплетна техничка документација.

Оризот – симбол на Кочани

Кочанскиот ориз е првиот заштитен производ со ознака на потеклото во Република Македонија. Внесен е во регистарот на ознаки на потеклото на Заводот за заштита на индустриската

сопственост во 1999 година. Во образложението со кое се признава ознаката на потеклото стои дека овој ориз се карактеризира со дебело, кратко и широко зрно, стаклесто, со мал брашнест дел на попречниот пресек. Кочанскиот ориз се произведува во Кочанската Котлина, меѓу Кочани на север и Мородвис на југ, чија должина е 26 км, со нето обработлива површина од 12 205 ха.

Со патот на оваа едногодишна билка до Кочани, се поврзани повеќе легенди и преданија, а првите писмени записи потекнуваат дури од XVI век.

Според едно од преданијата забележано во патописните белешки од 1930 година оставени од Тодор Маневиќ, одгледувањето на оризот во Кочанско се поврзува со времето на Александар Македонски, кој го донел по походот во Персија.

Првите писмени записи за оризопроизводството се среќаваат во повеќе пописни листи за македонската територија каде се забележани места со името Челтикчилер, Челтикчи или Челтикчија, со превод – Оризари, податок кој наведува на претпоставка дека е можно тие да постоеле од почетокот на XV век.

Во пописниот лист за 1519 година е даден список на оризарските села од Ќустендилскиот санџак. Во него за Кочанската и за Штипската нахија, се споменува селото Челтукчи (Оризари).

Населението коешто одгледувало ориз било познато под името оризари или челтукчи. Отоманската Империја му придавала посебно значење на неговото одгледување.

Според Васиљевиќ, во првата половина на XIX век Кочани бил главен извор за производство и трговија со ориз, а кочанскиот ориз бил и останал подеднакво баран на пазарите и на добар глас на целиот Балкан.

Оризовата култура имала значајно место и во периодот по Втората светска војна. Првото повоено земјоделско стопанство во Кочани било формирано 1947/48 година, најпрвин како Градска економија „Мирче Ацев“, а подоцна под називот „Искра“. Истата година Овошниот расадник формиран 1927 година се трансформира во Реонска опитна станица, со посебен акцент на оризопроизводството како главна земјоделска култура.

Во седумдесеттите и осумдесеттите години на XX век, кочанскиот ориз покривал 60 % од тогашниот југословенски пазар. Кочани имал ексклузивно право на увоз за преостанатите 40 % за задоволување на целокупните потреби од ориз, преку ТП „Оризокомерц“.

Во 2014 година во Кочанско се засеани околу 5 174 ха со ориз. Просечниот принос на арпа изнесувал 5 895 кг/ха, а биле произведени вкупно 30 500 тони арпа. Рекордно производство на ориз во Кочанско е регистрирано во 1987 година, кога биле произведени 49 342 тони арпа на површина од 9 675 хектари.

Клима и климатски карактеристики

Во Кочанската Котлина се јавува комбинирана изменета медитеранска и умерено континентална климатско влијание, врз кои силни обележја даваат и локалните орографски услови.

Со просечна годишна температура на воздухот од 13,0°С Кочанската Котлина се вбројува во редот на топлите котлини во Македонија. Сите летни месеци во годината имаат температура над 20°С, а средната летна температура изнесува 22,6°С. Средната зимска температура исто така е висока и изнесува 3,0°С. Средната температура во пролет е 12,8°С, а во есен 13,5°С.

Од аспект на земјоделството температурните односи се мошне погодни. Тие одговараат и на такви култури што се доста топлољубиви. На пример, за оризот средната годишна температура не смее да биде под 12-13°С, во фазата на никнување да не бидат пониски од 11°С, во фаза на цветање под 22°С и во фазата на зреење под 19°С. Во Котлината постојат сите овие температурни услови, а тие се погодни и за голем број други индустриски култури како афионот, памукот и др.

Релјеф и релјефни карактеристики

Во релјефот на котлината се јавуваат поглеми релјефни форми - рамнина, ритчесто земјиште и планински дел и помали релјефни форми - езерски или абразивни и речни или флувијални форми, поконкретно тераси.

Рамничарскиот релјеф во Кочанско го чини теренот со надморска височина од 290 до 500 метри. Зафаќа вкупна површина од 201,045 км². Покрај Кочанското Поле кое се протега помеѓу Кочанска и Оризарска Река или Масалница него го чинат уште низа други помали полиња и места во атарите на полските села. Во атарот на с. Грдовци такви се Мало Поле и Морошко Поле; во атарот на с. Прибочево Горно и Долно Поле; кај Долни и Горни Подлог, Владичко и Средно Поле, во атарот на с. Оризари, Белско Поле и др.

Во релјефен поглед дното на котлината е релативно рамно со извесна наведнатост од двете страни кон Брегалница, а заедно целото поле кон запад. Тоа е голема релјефна погодност која заедно со плодната почва и расположливата хидрографска мрежа овозможува природно движење на водата и дозволува житните култури посебно оризот да егзистираат во извонредни природни услови.

Втората релјефна целина, ридското земјиште, во Кочанско зафаќа површина од 210,162 км² и се простира околу рамното котлинско дно помеѓу 500 и 1000 м.н.в. Специфично за Кочанско е што ридовите заради разлличниот геолошки состав имаат различна форма и висина. Така овде се јавуваат три разнични вида на ридски терени: вулкански, карстни и серпентински ридови.

Додека најнискиот дел на котлината, полето, рељефно е монотоно, ридестиот терен е расчленет, планинскиот дел е најатрактивен. Кочанско се простира на дел од планините Осогово и Плачковица, зафаќа вкупна пворшина од 166,452 км², а се протега на надморска височина од 1000 до 2252 метри. Осогово е највисоката планина во источниот дел на Македонија на која врвот Руен достигнува височина од 2252 метри. Меѓутоа, нејзината атрактивност, покрај висината ја чини и ѕвездестата рељефна структура составена од голем број била и врвови. Така, југозападно од Руен, се издига Султан Тепе (2085 м.) - срцето на Осогово. Од него како од раскрсница се издвојуваат четири долги била и тоа: кон југозапад Лопенското Било, кон југ Д'лги Дел, кон југоисток Китка и кон северозапад Колинкамеското Било.

Значењето на сите рељефни форми за развој на стопанство и животот на луѓето во Кочанска општина е голема. Рамнинскиот дел - полето располага со плодни обработливи површини, со што е озозможен висок развој на пољоделството. Најмногу е застепено одгледувањето на ориз, потоа пченка, пченица, но застапени се и градинарските, фуражните и индустриските култури.

Во ридестите терени, земјиштето не е така плодно, често наклонот е голем што не дозволува примена на механизација, а отсуствува и можноста за наводнување. Тука особено од житото се одгледуваат јачменот и

пченицата, а пространите пасишта овозможуваат развој на сточарството посебно овчарството. Планинскиот дел изобилува со шуми и пасишта.

Почви

Најголем дел од Кочанското Поле е на надморска висина од 300-500 м. Овие простори главно се протегаат по текот на Брегалница, Осојница, Масалница, Кочанска и Злетовска Река. На нив се наоѓаат и најквалитетните, алувијални почви. Просторот помеѓу 500 и 1000 метри, е слабо разбрануван, ридски и преоѓа во планински и главно е покриен со делуваjални почви. Овие два типа на почви - алувијалните и делувијалните зафаќаат околу 90% од целокупната површина на рамниот дел од Котлината. Останатите видови почви како црвениците, смолниците и друго покриваат 10%. Алувијалните почви покриваат површина од 6.800 ха. Имаат многу добри хемиски, физички и хидропедолошки својства и како такви влегуваат во редот на најквалитетните видови почви. Тоа се млади почви кои и денеска се создават и постојано се обновуваат со нови количини речен нанос. Содржат доста хумус, органоминерали, глини и биогени елементи. Најпогодни за обработка се оние кои имаат длабок физиолошки активен слој со подземни води на 1-2 метри. Меѓутоа, кога со поплавите се нанесува чист чакал и песок, врз плодните алувијални почви се создаваат и неплодни површини. Во горниот дел на котлината алувијалните почви главно се изградени од фин песок, во средишниот дел на полето се глинесто-песокливи, а во долниот дел кон вливот на Злетовска Река во Брегалница се песокливо-глинести. Сите тие лесно се обработливи и даваат високи приноси. На нив со успех се одгледуваат оризот, пченката, сончогледот и други житни, градинарски и фуражни култури.

Во најнискиот дел на полето, непосредно покрај речните текови често во пониски површини од коритото на реките, се сретнуваат ливадските почви. Во овој рамен рељеф има микродепресии кои создаваат различни услови за влажнење и таложење на фини честички. Овде скоро нема ерозија и секоја дождовна вода се впива во подлогата. Супстратот на ливадските почви се речните и во помала мера делувијалните седименти. Ваквите површини кај народот се познати како лаки и се користат за подигање на ливади, но на нив извонредно успеваат оризот и пченката.

Делувијалните почви се раширени по рабниот дел на полето. Се јавуваат во вид на наносни конуси меѓу рамното дно и повисоките ридови и планински терени, на површина од 3.625 ха. Во зависност од механичкиот состав може да бидат песокливи до глинести. Малку содржат органски материјали и се сиромашни со хумус. На нив добро успеваат житата, афионот, бостанот, а ако се наводнуваат погодни се и за овоштарници.

Црвениците се јавуваат во околината на Кочани, Оризари и Бели, а смолниците во вид на појаси во подрачјето на Тркање. Тешки се за обработка. Меѓутоа содржат доста хумус и се плодни. Погодни се за одгледување на нивски култури и посебно пченица, а на нив добро успеваат и некои индустриски култури како памукот, тутунот и афионот.

Планинските делови на Котлината главно се покриени со кафеави шумски почви. На нив расте шумска вегетација и тоа букова и иглолисна шума. Во пољоделството се користат за одгледување на р’ж и компири, а од овоќјата на нив успеваат јаболката и сливата.

Вегетација

Кочанската котлина во биогеографски поглед претставува дел од халарктичната област и припаѓа на медитеранско-европската подобласт. Богата е со разновиден растителен и животински свет.

Вегетациските карактеристики укажуваат на постоење големи површини под тревна вегетација, потоа шумска вегетација и секако земјоделско земјиште. Тревната вегетација зафаќа голем дел од просторот, а пасиштата според местоположбата и нивната економска вредност се јавуваат како рамничарски, ридски и планински пасишта. Рамничарските пасишта зафаќаат мал дел во полето главно покрај речните текови и често се под ливади. На далеку поголеми пространства се јавуваат ридските пасишта. Тие се разликуваат по конфигурацијата на теренот и водниот режим. Се карактеризираат со слабо богатство од тревни видови и застапеност на изразени ерозивни процеси. Во летниот период поради појавата на повеќе месечни суши тревниот покривач во потполност се исушува и тие преминуваат во голини. На вулканското земјиште доста се раширени драките, додека варовитите ридови потполно се оголени.

Во општината Кочани голините покриваат околу 22000 ха, што укажува на голема нивна застапеност и потреба од идна трансформација. Планинските пасишта се јавуваат на Осогово и Плачковица и тоа над буковиот појас, но ги има и меѓу шумските површини како пасишта на планинските рудини. Поради острите климатски услови се користат само во топлиот дел од годината и тоа од 120-160 дена. На Осогово покриваат простор од 14500 ха, се користат за летна испаша на овците и имаат третман на значајно природно добро.

Климатската, релјефната, педолошката и хидрографската хетерогеност овозможиле во Кочанско да егзистираат и повеќе шумски заедници. Тие, по одделните подрачја различно се разместени и се карактеризираат со вертикална заналност. Шумската вегетација во ова подрачје е претставена со делови на сочувани шуми во Осогово и на Плачковица но има и големи површини покриени со ниски шуми и грмушки. Сепак јасно се дифиренцирани височинските катови на дабовиот и буковиот појас. Вкупно под шуми во Кочанската општина се наоѓаат 18160 ха. Во однос на вкупниот шумски фонд на Републиката (905,605 ха), тие учествуваат со 2,0%. На височина до 1000 метри шумскиот фонд е доста деградиран, а претставен е со леска, габер и јасен.

Дабовиот појас ги зафаќа терените на ридско и пониско планинските простори на Плачковица и Осогово до 1400 метри. Главно го сочинува дабот горун. Тој е со слаб квалитет на дрвна маса и прилично изменет флористички состав со висок степен на деградираност.

Над дабовиот се јавува појасот на буковите шуми. Започнуваат од 1400 м и се протегаат до 1650 метри надморска височина. Се јавуваат како долен подгорски и горен горски буков појас. Овде рељефот е типично планински.Четинарите се јавуваат на мали површини.

Фауна

Разновидните природни услови овозможиле Кочанскиот крај да е богат и со разновиден животински свет. Тој е составн од медитеранска и средноевропска фауна. Егејско-медитеранската фауна се јавува во полето и покрај реките, а средно-европската фауна во планинските делови. Меѓу најраширените животни се зајакот, лисицата, волкот, дивата свиња, срната, дивата коза, потоа еребицата, (полска и камењарка) и фазанскиот дивеч.

Во однос на просторната разместеност констатирана е најголема застапеност на

фауната во низинскиот појас 132 фамилии на птици и 9 фамилии на цицачи. Потоа, во дабовиот појас се јавуваат 22 фамилии на птици и 11 фамилии на цицачи, во буковиот појас 17 фамилии на птици и 10 фамилии на цицачи и во високопланинските пасишта како нај карактеристични се утврдени 2 вида на цицачи и неколку вида на птици. Тоа укажува дека со одењето во висина застапеноста со видови се намалува. Поволните природни и еколошки услови за развој на ловното стопанство, овозможиле на Осогово да се формира посебно ловиште што е добра база за развој на ловниот туризам.

## Демографски развој

**Демографски развој**

**Бројното движење на населението** претставува основна демографска компонента, која има големо значење во сите области на животот. Природните услови од една и општествено-економските услови од друга страна се основните фактори кои влијаат врз бројното движење на населението.

Динамиката на бројот на население во Општина Кочани низ последните два пописи на население може да се види од податоците во табелата.

| **Население** | | |
|---|---|---|
| **Населено место** | **Попис 2002 год.** | **Попис 2021 год.** |
| **Безиково** | 8 | 2 |
| **Бели** | 466 | 354 |
| **Вранинци** | 10 | 3 |
| **Главовица** | 59 | 24 |
| **Горни Подлог** | 704 | 571 |
| **Горно Градче** | 13 | / |
| **Грдовци** | 1288 | 930 |
| **Долни Подлог** | 476 | 327 |
| **Долно Градче** | / | / |
| **Јастребник** | 48 | 11 |
| **Костин Дол** | 20 | 2 |
| **Кочани** | 28330 | 24632 |
| **Лешки** | 29 | 9 |
| **Мојанци** | 556 | 385 |
| **Небојани** | 46 | 10 |
| **Нивичани** | 343 | 233 |
| **Ново Село** | 15 | 3 |
| **Оризари** | 3776 | 2737 |
| **Пантелеј** | 64 | 24 |
| **Пашаџиково** | / | 2 |
| **Полаки** | 113 | 29 |

| | | |
|---|---|---|
| **Пресека** | 131 | 22 |
| **Прибачево** | 388 | 280 |
| **Припор** | 1 | / |
| **Рајчани** | 33 | 9 |
| **Речани** | 13 | 2 |
| **Тркање** | 1225 | 1001 |
| **Црвена Нива** | / | / |
| **ВКУПНО** | 38155 | **31602** |

Од изнесените податоци во табелата се забележува дека бројот на население во Општина Кочани во периодот од 2002-2021 година се намалува и тоа од 38155 жители во 2002 година на 31602 жители во 2021 година или намалување за 17%.

Причините за ваквата негативна динамика на бројот на населението, произлегуваат од драстичните промени во општествениот, политичкиот и стопанскиот систем. Во наведениот период беа предизвикани промени во секторите на развој. Односно населението работно се пренасочи во секундарните и терциерните дејности, кои главно се развиваа во градските населби. Така настана силна емиграција на населението од руралната кон урбаната средина и просторот доживеа силна депопулација и деаграризација.

Миграционото движење на населението најчесто е од економски причини, а се јавува пред се во ридските и планинските населени места (со одлука на Влада овие населени места: Безиково, Горно Градче, Главовица, Јастребник, Костин Дол, Лешки, Небојани, Ново Село, Нивичани, Полаки, Пресека, Припор, Пантелеј, Рајчани и Вранинци се дефинирани како подрачја со специфични развојни потреби), од каде населението мигрира во рамничарските населени места, каде има подобри услови за живот, но голем дел од населението мигрира и во поголемите и поразвиени градови во Р.С. Македонија, но и надвор од неа.

Како главни центри во Република Северна Македонија, каде мигрира населението од оваа област е град Скопје, а како главен мотив за тоа е слабата економска состојба, односно потрагата по подобри услови за живот, вработување но и укинувањето на образовните и здравствените услуги во руралната средина.

Од податоците се забележува дека населението во сите населени места се намалува во периодод од 2002 год. до 2021 година, а постојат и населени места кои се раселени (како што е с.Горно Градче, с.Припор и с.Црвена Нива) или пред целосно раселување.

Се констатира дека намалувањето на вкупниот број на популацијата во областа е сериозен проблем воопшто.. Мора да се обрне внимание и преземат мерки за подобрување на линиската и институционалната инфраструктурата барем во некои поцентрални населени места во областа.

**Половата структура** на неселението го покажува бројниот сооднос на машкото и женското население во однос на вкупното население. Оваа структура на населението е важна за физиолошката рамка за биолошка репродукција на населението во одредена област (Мацевиќ М. 2007).

Бројот на машките и женските лица во рамките на една средина обично се разликува до одреден степен, но во случаите, кога се појавуваат големи разлики настануваат

сериозни промени и проблеми во останатите структури на населението, а тоа остава сериозни последици врз развојот на населението.

Во Општина Кочани соодносот на машкото и женското население се одржува во рамки од 49,45% машко спрема 50,55% женско население во 2021 година.

| Вкупно резидентно население на Република Северна Македонија по возраст и пол, по населени места, Попис , 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| **Безиково** | 2 | 1 | 1 |
| **Бели** | 354 | 187 | 167 |
| **Вранинци** | 3 | 2 | 1 |
| **Главовица** | 24 | 16 | 8 |
| **Горни Подлог** | 571 | 273 | 298 |
| **Горно Градче** | - | - | - |
| **Грдовци** | 930 | 462 | 468 |
| **Долни Подлог** | 327 | 159 | 168 |
| **Долно Градче** | - | - | - |
| **Јастребник** | 11 | 7 | 4 |
| **Костин Дол** | 2 | 1 | 1 |
| **Кочани** | 24632 | 12142 | 12490 |
| **Лешки** | 9 | 4 | 5 |
| **Мојанци** | 385 | 192 | 193 |
| **Небојани** | 10 | 6 | 4 |
| **Нивичани** | 233 | 122 | 111 |
| **Ново Село** | 3 | 2 | 1 |
| **Оризари** | 2737 | 1345 | 1392 |
| **Пантелеј** | 24 | 14 | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Пашаџиково** | 2 | 1 | 1 |
| **Полаки** | 29 | 19 | 10 |
| **Пресека** | 22 | 11 | 11 |
| **Прибачево** | 280 | 145 | 135 |
| **Припор** | - | - | - |
| **Рајчани** | 9 | 5 | 4 |
| **Речани** | 2 | 2 | - |
| **Тркање** | 1001 | 507 | 494 |
| **Црвена Нива** | - | - | - |
| **Вкупно** | **31602** | **15624** | **15976** |

**Старосната структура на населението** ја покажува распределбата на населението според одредени старосни групи и претставува значаен демографски елемент бидејќи од неа зависат можностите за репродукција на населението, виталноста и потенцијалната биодинамика на населението во одредена област (Мацевиќ М. 2007).

Старосната структура во општина Кочани во периодот од 2002 - 2021 г. е значително променета. Од податоците за Општина Кочани во периодот 2002-2021 година, се констатира дека бројот на жители во возрасните групи од 0 до 54 години са намалува а од 55 години и повеќе се зголемува.Учеството на младото население (0 до 19 години) опаѓа (26,6 % во 2002 г. на 19,03 % во 2021 година), додека учеството на старото население (60 и повеќе години) е во пораст (14,92 % во 2002 година на 28,76 % во 2021 година), што покажува дека оваа област е во процес на длабоко демографско стареење.

| | **Вкупно резидентно население во Општина Кочсни по 5-годишни возрасни групи и по пол, Попис 2002** | | | **Вкупно резидентно население во Општина Кочсни по 5-годишни возрасни групи и по пол, Попис 2021** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возрасни групи** | **Вкупно** | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** | **Жени** | **Мажи** |
| **0 – 4 години** | **2143** | 1034 | 1109 | **1315** | 653 | 662 |
| **5 – 9 години** | **2338** | 1154 | 1184 | **1543** | 752 | 791 |
| **10 – 14 години** | **2718** | 1334 | 1384 | **1542** | 743 | 799 |
| **15 – 19 години** | **2941** | 1464 | 1477 | **1615** | 775 | 840 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **20 – 24 години** | **2937** | 1454 | 1483 | **1751** | 873 | 878 |
| **25 – 29 години** | **2817** | 1378 | 1439 | **1763** | 859 | 904 |
| **30 – 34 години** | **2716** | 1289 | 1427 | **1993** | 985 | 1 008 |
| **35 – 39 години** | **2780** | 1303 | 1477 | **1998** | 972 | 1 026 |
| **40 – 44 години** | **2953** | 1491 | 1462 | **2151** | 1 079 | 1 072 |
| **45 – 49 години** | **3079** | 1449 | 1630 | **2154** | 1 062 | 1 092 |
| **50 – 54 години** | **2831** | 1425 | 1406 | **2162** | 1 059 | 1 103 |
| **55 – 59 години** | **2133** | 1052 | 1081 | **2345** | 1 212 | 1 133 |
| **60 – 64 години** | **1804** | 976 | 828 | **2350** | 1 318 | 1 212 |
| **65 – 69 години** | **1673** | 882 | 791 | **2440** | 1 219 | 1 221 |
| **70 – 74 години** | **1086** | 591 | 495 | **1984** | 1 085 | 899 |
| **75 – 79 години** | **693** | 386 | 307 | **1235** | 691 | 544 |
| **80 – 84 години** | **314** | 175 | 139 | **682** | 398 | 284 |
| **Над 85 години** | **123** | 74 | 49 | **399** | | 157 |

**Структура на населението според образование**

Населението според образование во основа се категоризира како писмено и неписмено. Лицата кои знаат да читаат и пишуваат се сметаат за писмено население и обратно. Во анализата на населението според писменост се земаат само лицата кое има петнаесет и повеќе години.

Писмените лица во продолжение се категоризираат според завршената школска подготовка (население без образование, незавршено основно образование, основно, средно, високо образование, магистратура, докторат и непознато).

Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, пол, возраст, по општини, Попис , 2021

| | Највисок степен на школска подготовка - ВКУПНО | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возрасна група - ВКУПНО** | 27202 | 552 | 1745 | 6336 | 12916 | 4439 | 319 | 31 | 864 |
| **15-19** | 1615 | 26 | 76 | 1090 | 361 | - | - | - | 62 |
| **20-24** | 1751 | 23 | 43 | 101 | 1303 | 142 | 4 | - | 135 |
| **25-29** | 1763 | 19 | 38 | 107 | 895 | 528 | 52 | 1 | 123 |
| **30-34** | 1993 | 41 | 55 | 138 | 912 | 621 | 84 | 5 | 137 |
| **35-39** | 1998 | 42 | 33 | 222 | 1070 | 474 | 58 | 2 | 97 |
| **40-44** | 2151 | 31 | 72 | 294 | 1263 | 379 | 34 | 4 | 74 |
| **45-49** | 2154 | 35 | 54 | 368 | 1280 | 314 | 34 | 5 | 64 |
| **50-54** | 2162 | 34 | 59 | 400 | 1254 | 319 | 23 | 1 | 72 |
| **55-59** | 2345 | 42 | 64 | 493 | 1341 | 326 | 8 | 2 | 69 |
| **60-64** | 2530 | 52 | 130 | 803 | 1114 | 416 | 5 | 5 | 5 |
| **65-69** | 2440 | 46 | 207 | 833 | 994 | 342 | 7 | 4 | 7 |
| **70-74** | 1984 | 32 | 239 | 717 | 650 | 325 | 9 | 2 | 10 |
| **75-79** | 1235 | 23 | 326 | 403 | 325 | 152 | - | - | 6 |
| **80-84** | 682 | 39 | 206 | 268 | 92 | 74 | 1 | - | 2 |
| **85-89** | 327 | 50 | 114 | 87 | 50 | 25 | - | - | 1 |
| **90-94** | 65 | 17 | 26 | 9 | 12 | 1 | - | - | - |
| **95-99** | 7 | - | 3 | 3 | - | 1 | - | - | - |

Од податоците се забележува дека процентот на неписменото население во 2021 година изнесува само 2,03%.

**Природното движење на населението** е тесно зависно од одликите на наталитетот, морталитетот и виталниот индекс на населението (Мацевиќ М. 2007).

Наталитетот го означува раѓањето во една популација и претставува основна позитивна компонента на природното движење на населението. Во општина Кочани стапката на наталитетот во периодот 2010-2022 година, постојано се намалува(речиси секоја година бележиме помал број на живородени деца). Овој тренд се забележува подол период.

| **Живородени деца според полот, општина Кочани, 2010-2022** | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Машки** | **Женски** |
| **2010** | 384 | 201 | 183 |
| **2011** | 305 | 156 | 149 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2012** | 350 | 171 | 179 |
| **2013** | 330 | 176 | 154 |
| **2014** | 322 | 162 | 160 |
| **2015** | 354 | 184 | 170 |
| **2016** | 342 | 164 | 178 |
| **2017** | 302 | 144 | 158 |
| **2018** | 310 | 162 | 148 |
| **2019** | 261 | 149 | 112 |
| **2020** | 292 | 152 | 140 |
| **2021** | 258 | 116 | 142 |
| **2022** | 258 | 141 | 117 |

Морталитетот претставува негативна компонента на природното движење на населението, која се однесува на бројот на умрени лица во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Кочани во периодот од 2006-2022 година во стапката на морталитетот нема многу драстични промени, Исклучок се годините на Ковид пандемијата каде бројот на умрени лица значително беше повисок во однос на периодот пред пандемијата. Но во последните неколку години се забележува намалување во стапката на морталитетот кај младите лица до 24 години.

| **Умрени според возраста, општина Кочани, 2005-2022** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **0-4** | **5 - 14** | **15 - 24** | **25 - 44** | **45 - 64** | **65 и повеќе** |
| **2005** | 349 | 5 | - | 1 | 12 | 106 | 225 |
| **2006** | 364 | 6 | 2 | 1 | 13 | 89 | 253 |
| **2007** | 355 | 6 | - | 4 | 9 | 87 | 249 |
| **2008** | 351 | 7 | - | 1 | 10 | 73 | 260 |
| **2009** | 387 | 5 | - | 1 | 8 | 88 | 285 |
| **2010** | 360 | 2 | - | 3 | 17 | 100 | 238 |
| **2011** | 381 | 2 | 1 | 4 | 11 | 72 | 291 |
| **2012** | 380 | 3 | 1 | 1 | 10 | 84 | 281 |
| **2013** | 414 | 4 | - | 1 | 19 | 92 | 298 |
| **2014** | 409 | 6 | - | 3 | 13 | 88 | 299 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | 378 | 5 | 2 | 1 | 7 | 86 | 277 |
| **2016** | 386 | 2 | 1 | - | 6 | 85 | 292 |
| **2017** | 395 | 2 | - | 3 | 10 | 83 | 297 |
| **2018** | 410 | - | - | 3 | 14 | 76 | 317 |
| **2019** | 429 | - | - | 1 | 13 | 92 | 323 |
| **2020** | 507 | 2 | 1 | - | 14 | 111 | 379 |
| **2021** | 609 | 2 | - | 2 | 12 | 101 | 492 |
| **2022** | 476 | - | - | 2 | 10 | 87 | 377 |

Природниот прираст претставува најважен демографски елемент кој ја покажува разликата меѓу родените (наталитет) и умрените лица (морталитет) во рамките на една популација (Маџевиќ М. 2007). Во општина Кочани стапката на природниот прираст на населението постојано се намалува и е во фаза на депопулација.

**Поимот миграции** подразбира просторно движење и територијално преразместување на популацијата, односно преселување на населението од едно место на друго. Миграционите движења во областа на Кочани повеќе се карактеризираат со процесите на емиграција, а помалку со имиграција.

**Имиграција.** Доселувањето на населението во општина Кочани е незначително, но последната година се забележува големо зголемување на доселени граѓани споредбено со претходните години. Ова се должи на моменталната ситуација со пазарот на трудот во општината и со големиот број на новоотворени работни места во неколку приватни компании кои се во постојано потрага по нови работници, како и новоизградените објекти за колективно домување. Сето ова ги мотивира жителите од регионот да се доселат во нашата општина, но и склучувањето бракови.

| **Доселени граѓани по пол , во општина Кочани,по години** | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
| **2005** | 14 | 4 | 10 |
| **2006** | 9 | 1 | 8 |
| **2007** | 4 | - | 4 |
| **2008** | 5 | - | 5 |
| **2009** | 6 | 2 | 4 |
| **2010** | 9 | 3 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2011** | 9 | - | 9 |
| **2012** | 11 | 1 | 10 |
| **2013** | 10 | 1 | 9 |
| **2014** | 9 | - | 9 |
| **2015** | 6 | - | 6 |
| **2016** | 8 | - | 8 |
| **2017** | 14 | 2 | 12 |
| **2018** | 14 | 1 | 13 |
| **2019** | 6 | - | 6 |
| **2020** | 5 | - | 5 |
| **2021** | 12 | 1 | 11 |
| **2022** | 156 | 43 | 113 |

Покрај доселувањето од други општини, може да се забележи дека имаме движење на населението од едно на друго место во рамките на самата општина кое е по изразено во во 2022 година.

Причините за ваквото преразместување на населението од едно на друго место, во рамките на истата општина се нееднаквите физичко-географски услови на целокупната територија на општината, а со тоа и тешките економски услови особено во повисоките населени места од каде најчесто населението мигрира или се доселува во градот Кочани кој претставува административен центар на општината, но се доселуваат и во другите рамничарски населени места, каде владеат подобри услови за стопанисување, подобра патна инфраструктура и се поблиску до административниот центар.

**Емиграција.** Процесот на иселување на населението од одредено место уште се нарекува и емиграција. Емиграцијата мошне застапена во областа особено во повисоките населени места каде има лоша патна и институционална инфраструктура и каде природните услови се неповолни за стопанисување. Главните правци на емиграција се насочени кон Скопје и надвор од државата. Во официјалните податоци со кои што располагаме ни даваат слика само за иселувањето во земјите во регионот. Некои позначителни бројки кај земјите во регионот се забалежува само во иселувањето во Република Бугарија и Република Словонија, доолжеејки се на фактот дека имаме голем број на млади кои одлучуваат високото образование да го продолжат во овие земји поради условите за студирање и поволностите кои се нудат за студирање на нашите граѓани во овие земји што подоцна резултира и со трајно иселување во истите.

Од ситуацијата на терен ( за кое што немаме официјални податоци) се забележува и тренд на

иселување и во другите земји, особенот земјите од западна Европа.

Емиграцијата во рамките на општинските граници главно се одвива од руралната средина кон административниот центар на општината, односно во градот Кочани.

Според возраста најмногу се отселува работоспособното население од 15-64 години.Во последните кодини трендот е најчесто да се иселуват лица со повисоки образовни квалификации. Тоа предизвикува намалување на и продуктивноста во производствените процеси и општиот развој на општината.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Бројот на жители постојано се намалува. Тенденција е намалување на морталитетот и намалување на наталитетот. Во општината е забележителен трендот на стареење на населението. | Стимулативни демографски мерки на поттикнување на раѓање и стимулирање на здравството и социјалното згрижување во насока на подобрување на здравјето , намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетно живеење. |
| Половата структура покажува балансиран однос во општината. | Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на родовата еднаквост. |
| Миграциското салдо е негативно. | Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување. Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, подигнување на социјалните услови на повисоко ниво. |

**<u>Пазар на трудот</u>**

**<u>Пазар на трудот</u>**

Работната сила, односно трудот е еден од основните фактори во производството, од кој заедно со капиталот зависи репродукцијата и развојот на секоја национална економија. Анализата на состојбите со работната сила во Општина Кочани се однесува на активноста на населението, невработеноста, трошоците на работна сила по вработен и продуктивноста на трудот на вработените.

**Активноста на населението** е економска и демографска категорија и притоа анализата ги опфаќа следниве категории: работоспособно население, работна сила, вработени и

невработени лица, неактивно население и непознато.

Попис на население 2021 година според ДЗС:

| Работоспособно население на 15 години и повеќе | Број | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Работоспособно население - лица | 27202 | 13373 | 13829 |
| Активно население | 13293 | 6883 | 6410 |
| Активно население - вработени | 11557 | 5864 | 5693 |
| Активно население - невработени | 1736 | 1019 | 717 |
| Неактивно население | 13071 | 6065 | 7006 |
| Непознато | 838 | 425 | 413 |

Во следните табели дадени се анализи со податоци од АВРСМ на активно население – невработени во следните категории: застапеност во урбана и рурални средини, возрасна структура, школска подготовка, време на чекање на вработување, национална структура и невработени инвалидни лица според возрасна структура и школска подготовка.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 2489 | 1049 | 3598 | 1610 | 2850 | 1376 | 2341 | 1132 | 1867 | 877 |
| Град | 1784 | | 2611 | | 2087 | | 1731 | | 1385 | |
| Село | 705 | | 987 | | 763 | | 610 | | 482 | |
| Процент град | 72% | | 73% | | 73% | | 74% | | 74% | |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица е поголем во урбаната средина – градот во однос на руралните средини – селата. Во анализираниот период (2019-2023 година) имаме скоро константен однос на бројот на невработени во градот во однос на селата.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 2489 | 1049 | 3598 | 1610 | 2850 | 1376 | 2341 | 1132 | 1867 | 877 |
| Невработени лица според возрасна структура | | | | | | | | | | |
| 15-19 | 73 | 27 | 146 | 59 | 106 | 44 | 55 | 25 | 27 | 12 |
| 20-24 | 180 | 88 | 344 | 159 | 230 | 127 | 233 | 126 | 125 | 68 |
| 25-29 | 206 | 120 | 339 | 185 | 224 | 127 | 199 | 119 | 142 | 80 |
| 30-34 | 206 | 102 | 331 | 162 | 221 | 116 | 191 | 108 | 153 | 86 |
| 35-39 | 188 | 99 | 314 | 147 | 218 | 113 | 157 | 81 | 150 | 73 |
| 40-44 | 203 | 99 | 350 | 166 | 241 | 125 | 193 | 105 | 168 | 94 |
| 45-49 | 216 | 98 | 331 | 154 | 278 | 123 | 233 | 101 | 226 | 96 |
| 50-54 | 248 | 112 | 339 | 178 | 319 | 175 | 268 | 135 | 214 | 107 |
| 55-59 | 426 | 158 | 504 | 208 | 461 | 220 | 356 | 162 | 292 | 124 |
| над 60 | 543 | 146 | 600 | 192 | 552 | 206 | 456 | 170 | 370 | 137 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица е во опаѓање по завршување на пандемијата КОВИД 19. Бројот на невработени мажи е поголем во однос на невработените жени. Во однос на возрасната структура околу 45 % се невработени лица постари од 50 години.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 2489 | 1049 | 3598 | 1610 | 2850 | 1376 | 2341 | 1132 | 1867 | 877 |
| Невработени лица според школска подготовка | | | | | | | | | | |
| Без образование и со основно образование | 1364 | 604 | 2031 | 906 | 1703 | 854 | 1376 | 685 | 1139 | 566 |
| Непотполно средно образование | 370 | 74 | 433 | 104 | 351 | 102 | 270 | 64 | 217 | 54 |
| Завршено средно образование | 514 | 22 | 838 | 371 | 577 | 291 | 503 | 255 | 387 | 164 |
| Више образование | 30 | 12 | 36 | 19 | 26 | 14 | 18 | 12 | 14 | 5 |
| Високо образование | 199 | 129 | 248 | 150 | 184 | 112 | 156 | 104 | 102 | 63 |
| Магистри на науки | 13 | 8 | 12 | 6 | 9 | 3 | 18 | 12 | 8 | 5 |
| Доктори на науки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека најголем е бројот на невработени лица без образование и со основно образование, како и со непотполно средно образование, односно околу 70%.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 2489 | 1049 | 3598 | 1610 | 2850 | 1376 | 2341 | 1132 | 1867 | 877 |
| Невработени лица според време на | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| чекање на вработување | | | | | | | | | | |
| Под 1 месец | 134 | 71 | 135 | 60 | 131 | 62 | 136 | 72 | 121 | 53 |
| Од 1 до 5 месеци | 515 | 249 | 872 | 415 | 469 | 236 | 491 | 244 | 291 | 134 |
| Од 6 до 11 месеци | 469 | 271 | 822 | 380 | 343 | 207 | 218 | 131 | 186 | 97 |
| Од 12 до 17 месеци | 204 | 83 | 314 | 159 | 304 | 151 | 161 | 81 | 167 | 86 |
| Од 18 до 23 месеци | 156 | 65 | 376 | 232 | 312 | 167 | 117 | 63 | 61 | 33 |
| 2 години | 351 | 109 | 242 | 98 | 486 | 292 | 308 | 156 | 148 | 65 |
| 3 години | 115 | 52 | 263 | 87 | 168 | 68 | 318 | 194 | 197 | 111 |
| 4 години | 100 | 37 | 96 | 39 | 177 | 52 | 127 | 49 | 245 | 153 |
| 5 до 7 години | 331 | 84 | 357 | 108 | 346 | 114 | 224 | 77 | 228 | 87 |
| 8 години и повеќе | 114 | 28 | 121 | 32 | 114 | 27 | 241 | 65 | 223 | 58 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека процентот според времето на чекање во текот на годините е константен, а најголем број на невработени лица кои чекаат на вработување е од 1 месец до 2 години (околу 70%), додека лицата кои чекаат на вработување над 4 години се околу 20 %.

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 2489 | 1049 | 3598 | 1610 | 2850 | 1376 | 2341 | 1132 | 1867 | 877 |
| Невработени лица според национална припадност | | | | | | | | | | |
| Македонци | 2083 | 848 | 2982 | 1306 | 2309 | 1102 | 1906 | 914 | 1488 | 694 |
| Албанци | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Турци | 15 | 9 | 23 | 15 | 24 | 15 | 19 | 11 | 14 | 9 |
| Роми | 387 | 190 | 584 | 282 | 514 | 257 | 413 | 205 | 364 | 174 |
| Срби | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Власи | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Бошњаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 |
| Други | 1 | 0 | 5 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |

Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека најголем е бројот на невработени лица од македонска и ромска националност, додека другите националности се во незначителен број и од анализата може да се заклучи дека, како кај Македонците така и кај Ромите имаме зголемување на невработеноста за време на КОВИД 19 пандемијата во 2020 година, потоа во наредните години се забележува опаѓање на бројот на невработени.

| | 2023 | |
|---|---|---|
| | Се | Жени |
| Невработени лица | 1867 | 877 |
| Инвалидни невработени лица според вид на инвалидност | 22 | 9 |
| | | |

| | 2023 | |
|---|---|---|
| | Се | Жени |
| Невработени лица | 1867 | 877 |
| Невработени инвалидни лица според старосна структура | 22 | 9 |
| 15-19 | 0 | 0 |
| 20-24 | 2 | 1 |
| 25-29 | 1 | 0 |
| 30-34 | 0 | 0 |
| 35-39 | 1 | 0 |
| 40-44 | 7 | 5 |
| 45-49 | 3 | 0 |
| 50-54 | 4 | 2 |
| 55-59 | 5 | 1 |
| над 60 | 1 | 0 |

| | 2023 | |
|---|---|---|
| | Се | Жени |
| Невработени лица | 1867 | 877 |
| Невработени инвалидни лица според школска подготовка | 22 | 9 |
| Без образование и со основно образование | 18 | 7 |
| Непотполно средно образование | 3 | 1 |
| Завршено средно образование | 1 | 1 |
| Више образование | 0 | 0 |
| Високо образование | 0 | 0 |
| Магистри на науки | 0 | 0 |
| Доктори на науки | 0 | 0 |

Според податоците дадени за 2023 година, најголем број на невработените инвалидни лица се на возраст од 30 до 59 години, но според школската подготовка скоро сите ( 22) се без образование и со основно образование, како и со непотполно средно образование, додека само 2 лица имаат завршено средно образование.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Загрижува образовната структура на невработените лица. Без основно образование, со основно образование и непотполно средно образование се околу 70% од нив. Исто така загрижува возрасната структура (околу 45%) на невработени лица постари од 50 години. | Имплементирање на програми за обука и тренинг на работната сила. Целта на овие програми треба да биде прилагодување на структурата на понудата на работната сила од аспект на образованието и стручните квалификации, на структурата на побарувачката. |
| Загрижува стапката на невработеност во урбаните средини. | Имплементирање на програми кои ќе го стимулираат вработувањето во приватниот сектор, како што е субвенционирање на платите кај новопримените работници, доделување на грантови за самовработување, даночни ослободувања за ново примените работници и сл. Преку овие програми, вработувањето во приватниот сектор треба да се направи поатрактивно од вработувањето во државниот сектор;<br>Имплементирање на програми за директно вработување во јавниот сектор. Организирање на јавни работи, како што се чистење и одржување на паркови, улици, пошумување и сл. се добра можност најранливите лица да се вработат;<br>Имплементирање на програми кои ќе ги едуцираат невработените да бараат работа. Тоа се програми кои опфаќаат разни курсеви за пополнување на апликации, курсеви за интервјуа, и сл.;<br>Имплементирање на програми за стимулирање на вработувањето на младите и жените. Овие програми треба да вклучуваат најразновидни тренинзи на невработените млади лица и жените, субвенционирање на платите доколку тие би се вработиле, покривање на трошоците за обука откако ќе се вработат и сл. |
| Загрижува високата бројка на инвалидни невработени лица. | Поголема поддршка на компаниите за вработување на инвалидните невработени лица. |

| | |
|---|---|
| | Имплементирање на програми кои се однесуваат на категоријата на лица со посебни потреби. |

**Социјална инфраструктура**

**Социјална инфраструктура**

**Култура**

Во општина Кочани функционираат само една Национална институција за култура „Бели Мугри“ и една Јавна општинска установа библиотека „Искра“.

НУЦК „Бели Мугри“ како национална институција со 14 вработени има бледа програма со недоволна соработка со Општина Кочани

Јавна Општинска Установа Библиотека „Искра“ – Кочани, опстојува 82 години, од првичните активности за формирање на градско читалиште кон средината на 1941 година, кое во 1945 година прераснува во Градска библиотека. Низ текот на годините книжниот фонд на истата постојано се збогатува, а бројот на читатели се зголемува.

Библиотеката како институција со културен и информациски карактер својата основна дејност ја остварува преку купување, истражување, чување и давање на користење секаков вид библиотечен материјал потребен за нашите корисници.

Библиотеката располага со богат фонд: најнови изданија на белетристика, популарни дела од македонската книжевност, литературни дела на добитници на Нобелова награда за литература, научно стручни книги и учебници, енциклопедии и речници..

Преку својата издавачка дејност ЈОУБ„Искра“-Кочани е силен поддржувач на роднокрајните автори со печатење и промоција на монографски, периодични публикации, меѓу кои повеќето се членови на Литературен клуб „ Копнеж“ кој е секција на самата библиотека.

Главните културни манифестации се организирани од Општина Кочани како што се:

-„Денови на кочанскиот ориз“ Во 2023 година се организира по 32 пат, а истата се реализира во соработка со фолклорните здруженија од Кочани, при што главниот централен настан е традиционалното зажнејување и вршидба на оризот преку презентација на традиционалната, рачна жетва на ориз на нивите во Кочанско, дополнет со презентација на традиционалната хранаи изворн фолклор

- „Урбан фест“ Примарната цел на фестивалот е развивање на урбаната култура, пред сè културата која директно ги засега младите. Програмска шема на фестивалот: изработка на мурали и графити, настап на музички групи на повеќе точки во градот, повеќе видови на работилници, предавања на теми кои ја засегнуваат прогресивна младина, продажни штандови со различни содржини (ракотворби, минијатурни ликовни изработки, музички плочи, цедеа, стари инструменти, книги, стрипови и слично

-Меѓународен ден на Ромите Осми април е денот посветен на историјата и културата на Ромите, кој се одбележува низ целиот свет. Меѓународниот ден на Ромите со организирање на овие културни активности се потенцира

значењето на културните вредности и специфики на Ромската заедница, се поттикнува соживотот, толеранцијата и разбирањето во заедницата.

-Драмски Аматерски Фестивал на Македонија-Кочани, датира од 1959 г. Во своето досегашно активно делување, фестивалот повеќепати го менувал насловот. Од Фестивал на Аматерски драмски друштва и театри (1959), Аматерска театарска ревија (1961), во 1967 г. се именувал како Републичка аматерска драмска смотра (РАДС), од 1992 г. Фестивал на аматерскиот и алтернативен театар на Македонија (ФААТ), а од 2000-та Драмски аматерски фестивал на Македонија (ДАФ на Македонија).На фестивалот на драмскиот аматеризам досега настапиле 839 ансамбли, со 1147 учесници од нашата држава и странство. Овие бројки говорат и се однесуваат за периодот 1977-2023 година, од кога Кочани е домаќин и организатор на фестивалот.

**Општина Кочани има неопходна потреба од формирање на младински културен центар и музеј**

**Спорт**

Општина Кочани располага со повеќе спортски објекти начесто фудбалски игралишта во руралниот дел на општината. Во градот освен салата за гимнастика која е наменета само за спортски клубови сите останати сали (вкупно четири две за ракомет и две за кошарка) се училишни кои можат да се користат исклучиво после настава. За развој на фудбалот во градот постои само еден стадион „Никола Мантов“ со кој раководи ГФК „Осогово“. Останатите фудбалски клубови се ограничени за тренирање на фудбалско игралиште во градот.

Во општина Кочани функционираат вкупно 23 спортски клубови и три спортски сојузи. Застапени се повеќе спортови како фудбал со три машки и два женски клуба, кошарка со три клуба, машки и женски, борење еден клуб - машки и женски, гимнастика еден клуб - машки и женски, карате –два клуба-машки и женски,аикидо еден клуб – машки и женски, велосипедизам – два клуба, пинг понг – два клуба, мото клуб само машки, тенис два клуба, планинарство и алпинизам дба клуба.

Спортски кубови и здруженија

| Ред.бр. | Спортски клуб |
|---|---|
| 1. | ГФК„Осогово“ |
| 2. | ЖФК „Кочани“ |
| 3. | ФК „Кочани“ |
| 4. | ФК „Фудбал Старс“ |
| 5. | ЖФК „Фудбал Старс“ |
| 6. | КК„Баскет Дино“ |

| | |
|---|---|
| 7. | ЖКК „Пониква“ |
| 8. | ФК„Младост Тошев“ – Оризари |
| 9. | Клубот за гимнастички спортови „Кочани“ |
| 10. | Боречкиот клуб „Спартак“ |
| 11. | Пинг Понгарски клуб „Кочани“ |
| 12. | Пинг Понгарски клуб „Хепи “ |
| 13. | Спортски клуб „Електрика“ |
| 14. | Градски шаховски клуб „Кочани“ |
| 15. | Мото клуб „Желки“ |
| 16. | Клуб на планински велосипедизам ПОСКОК |
| 17. | КК„Партизан“ |
| 18. | КК„Кочани“ |
| 19. | Клуб за планински спортови „Осогово“ |
| 21. | Клуб за планински спортови „Москито“ |
| 22. | Спортско рибарско здружение еколошки клуб „Кочански рибар“ – Кочани |
| 23. | ОФС Кочани |
| 24. | Сојуз на училишен спорт. |
| 25. | УСК „Енергија спорт“ |
| 26. | УСК „Берни спорт“ |

**Во општина Кочани има интерес за сите спортови но недостигаат спортски сали и други спортски објекти.**

**Образование**

**Основно образование**

Во Општина Кочани функционираат шест основни училишта од кои пет во задолжително образование и едното основно музичко

училиште.Во општината има и две средни училишта.

Основни училишта:

-ОУ „Св. Кирил и Методиј“ е изградено е лоцирано во централното градско подрачје наставата се одвива за ученици од прво до деветто одделение и една паралелка со продолжен престој.Во неговиот состав работат и две подрачни училишта – во с. Горни Подлог со настава од прво до деветто одделение и во с. Бели – од прво до петто одделение со настава во комбинирани паралелки.

-ОУ „Никола Карев“ е лоцирано во централнот гратско подрачје со редовната настава од прво до деветто одделение и две паралелки во продолжен престој .Во негов состав работат и две подрни училишта во с.Грдовци и с.Тркање со настава од прво до пето одделение.

-Во ОУ „Малина Попиванова“ се реализира настава од прво до девето одделение. Во училиштето има и паралелка за ученици со посебни образовни потреби како и паралелка за продолжен престој.

-Во ОУ „Раде Кратовче“ се реализира настава од прво до девето одделение. Во состав на училиштето работи едно подрачно училиште во селото Нивичани, каде се одвива настава од прво до деветто одделение во комбинирани паралелки.

-ОУ „Крсте П. Мисирков”-Оризари реализира настава од прво до девето одделение. Во состав на училиштето работи едно подрачно училиште во селото Прибачево, каде се одвива настава од прво до пето одделение во една комбинирана паралелка.

-Основното музичко училиште „Ристо Јуруков“ од Кочани претставува современа воспитно-образовна институција, во која учат 160 ученици кои се опфатени во основните училишта во општината наставата е во деветгодишно образование на инструменти клавир, гитара, виолина, флејта и традициски инструменти.

Состојбата со бројот на ученици во редовната настава е следна:

| Година | Училишта | Паралелки | Ученици-вкупно | Ученички |
|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | 5 | 165 | 2723 | 1298 |
| 2018/2019 | 5 | 164 | 2633 | 1342 |
| 2019/2020 | 5 | 164 | 2588 | 1252 |
| 2020/2021 | 5 | 164 | 2608 | 1302 |
| 2021/2022 | 5 | 163 | 2610 | 1303 |
| 2022/2023 | 5 | 161 | 2644 | 1312 |

**Во основното образование Општина Кочани самостојно (без дадена препорака од МОН) врши намалување на паралелките согласно пензионирањата на наставниците.**

**Средно образование**

Средното општинско училиште „Ѓупчо Сантов“ Кочани со години имаше гинназиско образование и економска струка со дуално образование се воведе и настава во хемиска струка

Така во СОУ„Ѓупчо Сантов со вовеување на дуално образование имаме две дуални во нова струка Хемиско-технолошка струка во која се воведе дуална паралелка **Хемиски лаборантски техничар** во соработка со локални компании во струка Економија,право и трговија се воведе дуална паралелка **Бизнис администратор**.,во соработка со неколку локални компании.

СОУ „Гошо Викентиев“ е средно техничко училиште во училиштето има три струки со повеќе профили: машинска, електротехничка и сообраќајна струка.

Во СОУ„Гошо Викентиев“ се застапени три дуални паралелки во постоечките струки **Електротехничар за електроника и телекомуникации,Електротехничар-енергетичар** и во Машинско енергетски техничар дуална паралелка за **техничар за производно машинство** со соработка со неколку локални компании.

| Година | Училишта | Паралелки | Ученици-вкупно | Ученички |
|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | 2 | 66 | 1301 | 572 |
| 2018/2019 | 2 | 66 | 1226 | 530 |
| 2019/2020 | 2 | 66 | 1229 | 525 |
| 2020/2021 | 2 | 65 | 1199 | 532 |
| 2021/2022 | 2 | 65 | 1134 | 524 |
| 2022/2023 | 2 | 65 | 998 | 504 |

**Помалиот број на запишани ученици во средното образование се должи на се помалиот број на ученици кои го завршуваат основното образование. Учебната 2021/2022 година само во текокот на учебната година 81 ученик го напуштил образованието заради иселување во странство.**

**Бројот на ученици во СОУ„ Гошо Викентиев“ со формирањето на дуалните**

**паралелки ја зголеми својата атрактивност исто како и стручните дуални паралелки во СОУ„Ђупчо Сантов“. Останува како проблем за решавање гимназиските паралелки кои за во иднина се планира да бидат намалени во корист на сручните паралелки.**

**Социјална детска заштита и здравствена заштита**

**Детска установа - градинка**

Во Општина Кочани функционира една установа за згрижување на деца од предучилишна возраст ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ во чиј состав има 5 објекти (клонови) и тоа: „Бамби“ со сместени 104 деца; „Ѕвездички“ со 149 деца меѓу кои 4 преку проектот „Инклузија на деца Роми во градинките“; Во клон „Сончогледи“ се запишани 176 деца; Во клон „Цветови“-130 деца од кои 5 се од проектот „Инклузија на деца Роми во градинките“ и во објектот „Кокичиња“ кој е во рурална средина село Оризари се запишани и се дел од воспитно-образовниот процес 41 дете. Според евиденциите на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“, Објектот „Пеперутки“ моментално е во мирување и нема деца. Објектот во село Тркање Центар за ран детски развој кој е во склоп на подрачното училиште ПОУ „Никола Карев“ исто така нема деца. Во Општина Кочани е изградена и нов објект за згрижување на деца од предучилишна возраст кој исто така треба да биде во склоп на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“, тоа е објектот „Детелинки“, нов современ објект со капацитет од 112 деца, но истиот сеуште не е пуштен во употреба заради довршување на одредени финални градежни работи од инфраструктура.

| Година | Деца | | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Машки | Женски | Вкупно | Машки | Женски |
| 2019 | 695 | 341 | 354 | 95 | 7 | 88 |
| 2020 | 237 | 128 | 109 | 90 | 7 | 83 |
| 2021 | 507 | 258 | 249 | 95 | 7 | 88 |
| 2022 | 677 | 342 | 335 | 92 | 8 | 84 |
| 2023 | 719 | 372 | 347 | 92 | 7 | 85 |

**Бројот на деца згрижени во градинка не отстапува многу(освен во време на коро криза) затоа што секогаш има повеќе од 100 деца кои се на листа на чекање и секогаш капацитетот во градска средина е преполн ( групите бараат и добиваат согласност од Советот на Општина Кочани за зголемување на број на деца во груа)**

**На општина Кочани неопходно брзо и е пуштање во употреба на новоизградената градинка (2020 год) и изградба на нова**

**Здравствена заштита**

Здравјето е најважен атрибут на живеењето, услов за извршување на секојдневните активности и за општа среќа. Здравјето претставува еден од основните чинители на квалитетот на живот на населението, поради што има посебно место во социјалниот развој.

Здравствениот систем во општина Кочани го сочинуваат јавните здравствени установи и приватните општи и специјалистички ординации.

**Јавни здравствени установи**

Во Кочани јавни здравствени установи се Општата болница со проширена дејност и Центарот за јавно здравје – Кочани.

**Центарот за јавно здравје – Кочани**, како дел од здравствениот систем на РС Македонија, од областа на превентивната медицина, има за цел да го заштити и унапредува здравјето на луѓето, со преземање мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата кај населението. Тие мерки и активности опфаќаат следење, истражување и проучување на здравствената состојба наслениото, причините за појавата и ширењето на заразните и други болести што имаат социјално-медицинско значење, како и истражување и проучување на влијанието на негативните фактори врз здравјето, предлагање и преземање мерки за заштита и унапредување на здравјето на луѓето.

Дејноста на Центарот за јавно здравје се реализира преку четири оддели: Хигиена, Микробиологија, Епидемиологија и Социјална медицина.

Санитарно – хигиенската дејност во ЦЈЗ-Кочани ја извршува Одделението по хигиена и здравствена екологија во Кочани и во Берово.

Одделението за микробиологија со паразитологија Кочани и Отсекот по микробиологија во Берово, функционираат во рамките на ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани. Тие вршат јавно здравствена и специјалистичка микробиолошка дејност за населението во регионот на Кочани. Во Одделението за микробиологија со паразитологија во Кочани работат три лаборатории и два оддела: Лабораторија за ентероинфекции и генито-уринарни инфекции; Лабораторија за респираторни и интрахоспитални инфекции; Лабораторија за серолошки испитувања/анализи; Оддел за подготовка на бактериолошки подлоги, садомијална и стерилизација и Оддел за прием на материјали и издавање на резултати.

Службата за Епидемиологија има два оддела: за епидемиологија и за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Службата за епидемиологија при ЈЗУ Центар за јавно здравје-Кочани има свои единици во Виница, Берово, Пехчево и Делчево.

Одделението за социјална медицина, при ЦЈЗ – Кочани ја анализира здравствената на населението и ризиците кои негативно влијаат на здравјето, системот и организацијата на здравствената заштита, како и можностите за приемна на современите текови на науката во системот на здравствена заштита.

**Резултати од анкетирањето:**

- 15% ОД ВОЗРАСНИТЕ И ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ СЕ ПОТПОЛНО

НЕПОДВИЖНИ ИЛИ КОРИСТАТ ИНВАЛИДСКА КОЛИЧКА
- 20% ОД ВОЗРАСНИТЕ И 30% ОД ДЕЦАТА ИМААТ ЛОША ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА
- 75% ОД ВОЗРАСНИТЕ И 50% ОД ДЕЦАТА ИМААТ ПРОБЛЕМИ СО ДВИЖЕЊЕТО
- ДЕЛ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ ИМААТ ПРОБЛЕМИ ЗАРАДИ ОДДАЛЕЧЕНОСТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА И ИМААТ ПРОБЛЕМИ ДА ДОБИЈАТ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ПРЕГЛЕДИ ЗАРАДИ ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА
- 30% ИМААТ ПОТРЕБА ОД ПАТРОНАЖНА УСЛУГА

**Препораки:**

- НЕГА ЦЕНТАР И ОКР ДА ГИ ПРОШИРИ АКТИВНОСТИТЕ И ЗА ЛИЦАТА СО ТЕШКА ПОПРЕЧЕНОСТ
- ТРАНСПОРТНА ПОДДРШКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА МЕДИЦИНСКА УСЛУГА
- ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОПФАТОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ СО ПОМОШ ЗА КУПУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ И СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ
- НАЈМНОГУ СЕ ПОВРЕДЕНИ ПРАВАТА ОД РАБОТЕН ОДНОС И ЕДНАКОВ ТРЕТМАН
- 30% СМЕТААТ ДЕКА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НЕ ГИ ШТИТАТ ПРАВАТА

**ПОТРЕБИ:**

**Повеќе вклученост на лицата со попреченост во локалната заедница;**

**Подобра комуникација со бизнис секторот;**

**Евидентирање на специфичните потреби на лицата со попреченост**

**Општа болница со проширена дејност – Кочани**

Болницата во Кочани е формирана во далечната 1924 година како Станица за маларија. Во 1949 година се изградени општа и забна амбуланта за да во 1952 година се регистрира како Здравен дом Кочани.
Во педесетите години се отвораат одделенија (Интерно, Детско, Хирургија).

ЈЗУ Општа болница со проширена дејност е лоцирана во централното градско подрачје и нуди здравствени услуги за жителите од општините: Кочани, Чешиново-Облешево, Зрновци и градовите кои гравитираат кон Кочани – Виница, Берово, Пехчево, Делчево и Македонска Каменица.

Денес, Општата болница во Кочани нуди болничка здравствена заштита преку пет одделенија: Интерно, Детско, Хирургија, Гинеколошко-акушерско и Невро-психијатриско одделение. Секое од овие одделенија има своја амбуланта, а покрај тие работат и: Очна, Кожна, Ортопедска, Патолошка, Физикална медицина и рехабилитација; како и Служба за анестезија, реанимација и интензивно лекување, Биохемиска лабораторија и Рендген дијагностика. Во својот состав Општа болница – Кочани има Итна медицинска помош, Болничка аптека, Систематски прегледи, вакцинација и советувалиште; Слух, говор и глас, Патронажна служба, Медицина на трудот и Центар за ментално здравје (со психијатриска и психолошка служба).

Покрај во јавните здравствени установи, граѓаните добиваат медицински услуги и во:

22 општи и специјалистички ординации; 33 стоматолошки ординации. Во Кочани работат 22 аптеки.

**Социјална заштита**

ЈУМЦСР е надлежен да постапува на подрачјето на Општина Кочани како и на подрачјето на двете рурални општини Општина Чешиново-Облешево и Општина Зрновци. Според евиденцијата на ЈУМ

Центар за социјална работа во Општина Кочани се прикажани сите права и услуги од социјална и детска заштита изразена во број на корисници и предмети и тоа:

| **Видови на социјална помош според број на предмети** | **2020 година** | **2021година** | **2022 година** |
|---|---|---|---|
| Гарантирана минимална помош (ГМП) | 742 предмети | 640 | 591 |
| парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа | нема | нема | нема |
| право на парична помош за студирање | нема | нема | нема |
| право на парична помош за згрижувач | 4 | 4 | 4 |
| парична помош на мајка која родила четврто дете | 7 | 4 | 3 |
| паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 1934 предмети | 1837 | 1890 |
| еднократна парична помош и помош во натура | 17 предмети на годишно ниво | 15 | 17 |
| надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот | 3 предмети | | 3 предмети |
| право на попреченост, | 385 предмети | 386 предмети | 50 предмети |
| право на здравствена заштита | 50 предмети | 50 предмети | 3 |
| Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување | 3 | 3 | |
| Додаток за образование, (поврзано со ГМП) | 327 предмети | 320 предмети | 319 предмети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Цивилна инвалидна | 1 | 1 | 1 |
| Гарантиран детски додаток, (поврзано со ГМП и самохрани раодители) | 384 предмети | 380 предмети | 374 предмети |
| Посебен додаток, (со категоризација до 26) | 143 предмети | 146 предмети | 149 предмети |
| Родителски додаток, | 368 предмети | 338 предмети | 346 предмети |
| Еднократна парична помош за новороденче | 225 предмети | 201 предмети | 193 предмети |
| Број на корисници на право на народна кујна | 55 корисници | 55 корисници | 55 корисници |
| Бракоразводи | 47 | 53 | 59 |
| Лице со нарушени партнерски и брачни односи | 7 | 9 | 12 |
| Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој живее и со блиски сродници | 21 | 21 | 21 |
| Вонбрачно доверување на дете | 1 лица | / | / |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство | / | / | 2 |
| жртва на семејно насилство | 42 лица | 39 | 53 |
| сторител на семејно насилство | 30 лица | 34 | 35 |
| дете без родители и родителска грижа | 17 | 19 | 16 |
| дете со пречки во менталниот развој и телесна попреченост, мобилност | 20 лица | 20 | 21 |
| дете во ризик, (насилство) | 11 лица | 16 | 12 |
| дете во судир со законот | 118 лица | 120 | 138 |
| малолетно лице под старателство | 4 лица | 4 | 4 |
| Надзор над вршење на родителско право | 4 | 5 | 6 |
| одземање на родителско право | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| посвојување | 1 | | |
| старателство на лице со целосна одземена деловна способност | 3 | 4 | 4 |
| Старателство на лица со делумно одземена деловна способност | 1 | 1 | / |
| Старателство на возрасно лице за посебен случај | 1 | / | / |
| Лице кое употребува,односно злоупотребува дрога и други психотропни супстанци | / | / | / |
| Лице кое злоупотребува алкохол | / | / | / |
| Возрасно лице со изречена алтернативна мерка | / | / | / |
| Лице жртва на трговија со луѓе | / | / | / |
| Бездомно лице | / | / | / |
| Старо лице | 3 | 3 | 3 |
| Лице азилант | / | / | / |
| Носител на згрижувачко семејство | 3 | 3 | 3 |
| Советувалиште за брак и семејство | 83 | 80 | 79 |
| Возрасно лице по отпуштање од казнена установа | 43 лица | 39 | 41 |
| Социјална сигурност на стари лица (социјална пензија) | 287 | 267 | 272 |
| Надоместок за згрижувачко родининско згрижување | 1 | 1 | 1 |

**Од дадената табела може да се види дека во Општина Кочани има голем број на корисници на ГМП, гарантиран детски додаток, додаток за образование и тоа се бројки кои говорат за бројот на социјално загрозените семејства во Кочани. Иако бројките опаѓаат, сепак сѐ уште има голем број лица кои се во социјален ризик. Една од причините за тоа е немањето на основно образование поготово на ромската популација, друга причина зошто се одлучуваат на социјална помош е блокирани сметки поради долгови и третата причина е работа на црно. Инаку последните години благодарение на поголемите фирми како Амфенол (околу 3.000 вработени) и**

**Антхура (околу 2.000), понудата за работа е зголемена и голем број на нискокфалификувани кадри се вклучени во пазарот на трудот.**

Во Општина Кочани функционираат три здруженија за лица со попреченост и тоа:

- Здружение на лица со телесна попреченост „Мобилност“.
  Тое е регионално здружение и ги опфаќа општините Делчево, Берово и Виница, како и двете рурални општини Чешиново-Облешево и Зрновци. Само за Општина Кочани во здружението се евидентирани 193 членови.

  Дел од нивната работа е организирање и раководење на Социјален клуб за лица со попреченост, наменет само за лицата со телесна попреченост, да ја олесни нивната координација, информирање и заедничко застапување.
- Здружение на слепи во кое се евидентирани/членуваат 25 лица.
- Здружение на глуви и наглуви во кое се евидентирани/членуваат 24 лица.

Трите здруженија се ограноци на здруженија на национално ниво кои од таму се финансираат, а општината им дава мала финансиска поткрепа и простор. Освен Мобилност другите здруженија немаат социјални клубови (или дневни центри), ниту имаат било каква можност да се собираат, да се дружат или да си разменуваат информации околу права, услуги, помошти и сл.

Освен Дневниот центар за деца со интелектуална попреченост, каде се сместени 7 деца до 26 години со умерена или тешка попреченост, нема друга развиена социјална услуга за деца и лица со попреченост, иако бројките укажуваат дека има потреба. Објектот е отворен од страна на МТСП со подршка на Општина Кочани и е организациона форма на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа. Сместен е во адаптиран простор во објект на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“, клон „Цветови“.

**Сметаме дека истиот не ги задоволува потребите на Општина Кочани за згрижување на лица со интелектуална попреченост бидејќи е со капацитет до 12 лица, а во Општина Кочани има евидентирано 20 деца со пречки во менталниот развој и телесна попреченост, 140 лица до 26 години користат посебен додаток, а веројатно има и деца со попреченост кои заради незнаење не користат права од ЦСР.**

Општина Кочани располага со стратешки документ Социјален план 2022-2025 година

Од податоците во Планот во однос на лицата со попреченост:

-Право на попреченост користат -385 лица, тоа се лица со попреченост над 26 години;

-Посебен додаток корива -143 лица, станува збор за деца со попреченост до 26 години.

-Деца со комбинирана попреченост ментална и физичка се вкупно 20;

- Само 3 семејства го користат правото на скратено работно време согласно Законот за социјална заштита (сл.весник .бр. /2019 година).

Невработеност на лицата со попреченост

Во социјалниот план стои податок дека во евиденцијата на Центарот за вработување се водат 38 невработени лица со попреченост и тоа: 3 лица воени инвалиди, 5 лица со пречки во видот, 2 лица со пречки во слухот, 1 лице со пречки во говорот, 9 лица со телесна попреченост, 12 лица со пречки во психофизичкиот развој, 1 лице со комбинирана попреченост, 2 лица од останати категории 3 некатегоризирани лица.

Потреби од областа на социјална заштита согласно Социјалниот план:

- Услуга за дневен престој за лица со попреченост
- Услуга за дневен престој –социјален клуб за лица со попреченост;
- Адаптација на постоечки простор, кој функционира како клуб за стари лица, потребно е да се доопреми и прилагоди за потребите за да прерасне во Центар за активно стареење во кој ќе се работи по посебна програма;
- Изградба на Регионален дом за стари лица -нов објект на веќе утврдена локација зацртана во ДУП на општина Кочани, со обезбедена техничка документација
- Лична асистенција на лица со попреченост;
- Отворање на социјален клуб за млади (простор- МКЦ)

***Од Извештајот за мапирање на лицата со попреченост во Ошпштина Кочани**

- **Лична асистенција на лица со попреченост-услуга во домашни услови, и надвор од домот;**
- **Потреба од отворање на социјален клуб за лица со попреченост во кој ќе можат да се собираат сите**
- **Дневен центар за лица со попреченост со адаптација на постоечки простор;**

**Резултати од анкетирањето:**

- 18%- БАРЕМ ЕДНАШ БИЛЕ ГЛАДНИ ВО МЕСЕЦОТ
- 80%- СЕ СООЧУВААТ СО ПРОБЛЕМИ ДА ГО ЗАТОПЛАТ ДОМОТ
- 28%- ИМААТ ПРОБЛЕМИ ДА КУПАТ ЛЕКОВИ
- 1/3 ЖИВЕАТ ВО НЕПРИСТАПНИ ДОМОВИ
- 30% ОД ВОЗРАСНИТЕ ИМААТ ПОМОШ ВО ДОМОТ ОД СВОИТЕ БЛИСКИ
- 30% ОД РОДИТЕЛИТЕ НЕ РАБОТАТ ЗА ДА СЕ ГРИЖАТ ЗА ДЕТЕТО
- 40% ИМААТ ПОТРЕБА ОД ПОДДРШКА ВО ДОМОТ- НАЈМНОГУ ПАЗАРЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ХИГИЕНА ВО ДОМОТ
- 30% НЕ СЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО ПОСТОЕЊЕТО НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР
- ГОЛЕМ ДЕЛ НЕ ЗНААТ ДЕКА ПОСТОИ НАРОДНА КУЈНА А 40% ИМААТ ПОТРЕБА ОД НЕА
- ГОЛЕМ БРОЈ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ И ПОВРШИНИ СЕ НЕПРИСТАПНИ
- 50% ОД РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ НЕ СЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО ПОСТОЕЊЕТО НА ОБРАЗОВНИ АСИСТЕНТИ
- ИМА ПОТРЕБА ОД ПОГОЛЕМ БРОЈ НА ОБРАЗОВНИ АСИСТЕНТИ, СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И ИНДИВИДУАЛНИ ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

**Препораки:**

- ФОРМИРАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ЗАРАДИ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПЕРИОДИЧНА ДОСТАВА НА ПРЕХРАМБЕНИ ПАКЕТИ
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНА СТАТИСТИКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
- СУБВЕНЦИИ ЗА ГРЕЕЊЕ
- ПОДДРШКА ЗА АДАПТАЦИЈА ЗА ПРИСТАПНОСТА НА ДОМОВИТЕ
- ПОТРЕБИ ОД ЛИЧЕН АСИСТЕНТ
- ПОДДРШКА ЗА ПОМОШ ВО ДОМОТ
- ПОДДРШКА ЗА НЕГА НА ДЕЦАТА
- ПОДДРШКА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦАТА
- ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ГРАДИНКИТЕ
- ВРАБОТУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР ВО ГРАДИНКИТЕ
- ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА НАРОДНАТА КУЈНА И ЗГОЛЕМЕН ОПФАТ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
- ОТВОРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ КЛУБОВИ
- ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТРАНСПОРТ
- ГРУПНИ ДОМОВИ
- КОНТРОЛА И АДАПТАЦИЈА НА ПРИСТАПНОСТА НА ОБЈЕКТИТЕ И ИНФРАСТРУКТУРАТА
- ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ОБРАЗОВНИ АСИСТЕНТИ
- ПАРТНЕРСТВО ЗАРАДИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АСИСТИВНИ ТЕХНОЛОГИИ И СЕНЗОРНИ СОБИ
- АДАПТАЦИЈА НА ПРЕДМЕНТНИ ПРОГРАМИ

**Невладини организации**

Во општина Кочани има голем број на невладини организации, најголем број од нив се спортски здруженија, здруженија за екологија и младински активизам и ромски здруженија кои третираат секаков вид на активизам.

**Граѓански здруженија:**

**Спортски**

- Пингпонгарски клуб: ppkhappy@europe.com
- Градски фудбалски клуб: gfkosogovo2021@gmail.com
- Женски и машки фудбалски клуб: kocanifk@yahoo.com
- Боречки клуб:goce.angelov@yahoo.com – BK Spartak
- Јоже Јованов:Велосипедски клуб:elitesportmk@yahoo.com - SK Elektrika
- Карате клуб:igor-karov@live.com – KK Kocani
- Карате клуб:oliver.kocev1978@gmail.com – KK Partizan
- Мото клуб turtles.mcc@gmail. Com
- Клуб за гимнастички спортови:kgs.partizan.kocani@gmail.com
- Пинпонгарски клуб:avtoskolaspid@yahoo.com – PPK Kocani
- Тениски клуб Акватен: angel_akvaten@yahoo.co.uk
- Планинарско друштво Москито: ckrume@gmail.com
- Николче Колев: nikolcekolev@ yahoo.com
- ОФС – Кочани: ofskocani@yahoo.com
- Велосипедски клуб Поскок: veloposkok@gmail.com
- Велосипедски клуб МТБ Исток: mtb.istok@gmail.com
- Пингпонгарски клуб Кочани: ppk-kocani@yahoo.com
- Кочански рибар: kocanskiribar@yahoo.com

**Ромски здруженија**

- Светла иднина: manuela.saidova@yahoo.com
- Авена: avenakocani@yahoo.com
- Подготви свој пат: podgotvisvojpat@gmail.com

**Други здруженија на граѓани**

- ДАФ: festivaldaf@gmail.com
- Црвен крст – Кочани: kocani@redcross.org.mk
- Ротари:
- Бистри умови: info@brightmindsofmacedonia.com
- Еднакви за сите: ednakvi@ yahoo.com , zpaunovskaangelkovik@yahoo.com
- Извиднички одред Ластовица: zaklinasjordanova@gmail.com , sashkostefanovski@yahoo.com
- Земјоделски здуженија: klasterzaoriz@gmail.com
- Здружение на потрошувачите: potrosuvaci@kocani.gov.mk
- Благородна мисија: lidijaeftimova@yahoo.com
- Доброволно противпожарно друштво – Кочани:
- ЛАГ – Марија Величкова: lagkocani@gmail.com
- Здружение за рурален развој ЛАГ Брегалница: lagbregalnica@gmail.com
- Борка (Езра): emanuelladodeva@gmail.com

**Фолклорни ансамбли:**

- ФА Љупчо Сантов – Оризари: toshevaleksandar@yahoo.com
- ФА Митко Алексов
- КУД Руен:
- Александар Турунџиев

**Во општина Кочани од погоре наведеното забележително е дека недостигаат граѓански здруженија кои се занимаваат со женски активизам.**

Во општина Кочани е формиран Совет за социјална заштита,

Центарот за социјална работа нема формирано интервентен тим што ќе постапува 24/7.

Општината дава услуги за највозрасните – старите лица.

Размислуваме да иницирате облик на меѓуопштинска соработка поврзан со услугите од оваа област на анализа - **дневен центар за лица со попреченост.**

Имаме облик на социјално домување во општината.

Немаме формирано хетероген работен тим за решавање на социјални проблеми поврзани со стапката на криминал а особено превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција.

Мерки и активности кои може да се предвидат во планот за иднина:

- Спроведување функционална анализа во однос на бројот на подрачните училишта и бројот на ученици во нив, и утврдување на потенцијалниот технолошки вишок на наставниот кадар ( и во средното училиште)
- Анализа на состојбите и предизвиците по однос на етничката интегрираност во училиштата со соодветни мерки за надминување на бариерите за интеграција

- Евентуално ангажирање на образовни асистенти за ученици  со попреченост и ромски образовни медијатори
- Подготовка и спроведување на обуки за наставниот кадар за процесот на инклузивно образование на ученици со посебни образовни потреби и прилагодување на наставата и наставните помагала на нивните потреби.
- Подобрување на пристапноста преку остранување на сите физички бариери за деца - ученици со опреченост во основните и средни училишта НО И ГЕНЕРАЛНО ЗА СИТЕ ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНАТА - надворешна и внатрешна пристапност, лифтови, рампи покрај скалила, адаптирани тоалети, ангажирање на преведувачи на знаковен јазик заради соодветен пристап до услуги за глувите лица, адаптација на веб страните на општините во пристапен формат за слепи лица, а имаат пристап до информациите кои ги нудат истите, поставување дополнителни информативни табли во институциите отвроени за јавноста, изработени на Брајова азбука и сл.
- Понуда на социјални услуги во домот и останатите алтернативни форми на грижа и давање директни услуги за децата, младите но и возрасните лица со попреченост.
- Ослободување на здруженијата на граѓани кои испорачуваат социјални услуги од обврската за плаќање закупнина за користење на простор во објекти на општината.
- Формирање на општински лаборатории за заедничко креирање на социјални услуги со крајните корисници и други инвентивни облици на комуникација и соработка со корисниците на услугите
- Родово одговорно буџетирање
- Воспоставување на одржлив механизам и системска рамка за редовно мерење на индикатори за родова еднаквост на локално ниво и како прв чекор утврдување на минимум индикатори и собирање на родово разделени податоци
- Интердисциплинарни или интерсекторски проекти во кои учество земаат лица од ранливите категории по сите основи
- Проекти за развој на специфични културни индустрии за општината  - Воспоставување на јавно-приватни партнерства за развој на културните и креативните индустрии.

**<u>Економски аспект</u>**

**<u>Економски аспект</u>**

Економските карактеристики на Општина Кочани се дефинирани како фундаментални развојни параметри, при што анализата го опфаќа следниве категории: број и структура на компаниите (по дејности и по големина), туристички потенцијали и туристичка инфраструктура, како и земјоделски ресурси и производи.

Според податоците од ДЗС бројот и структурата на компаниите во последните 10 години (според дејностите) дадени се во следната табела:

| ***Сектори на дејност според НКД*** | ***Број на активни деловни субјекти*** | | |
|---|---|---|---|
| | **2012** | **2017** | **2021** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 76 | 63 | 46 |
| Рударство и вадење на камен | 5 | 4 | 4 |
| Преработувачка индустрија | 246 | 225 | 208 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 2 | 3 | 4 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад | 9 | 8 | 7 |
| Градежништво | 43 | 61 | 57 |
| Трговија на големо и трговија на мало | 586 | 476 | 451 |
| Транспорт и складирање | 84 | 80 | 84 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 77 | 63 | 71 |
| Информации и комуникации | 15 | 15 | 15 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 5 | 6 | 7 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 5 | 8 | 10 |
| Стручни, научни и технички дејности | 76 | 117 | 123 |
| Административни и помошни услужни дејности | 10 | 16 | 16 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 | 3 | 3 |
| Образование | 22 | 28 | 32 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 73 | 71 | 73 |
| Уметност, забава и рекреација | 24 | 19 | 11 |
| Други услужни дејности | 87 | 103 | 87 |
| **ВКУПНО** | **1.448** | **1.369** | **1.309** |

Според податоците од ДЗС бројот на компаниите (по големина) дадени се во следната табела:

| ***Година*** | ***Вкупно*** | ***Микро*** | ***Мали*** | ***Средни*** | ***Големи*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2012** | 1448 | 1056 | 382 | 9 | 1 |
| **2017** | 1369 | 972 | 382 | 11 | 4 |
| **2021** | 1309 | 1158 | 118 | 32 | 1 |

Најголема и најбрзорастечка локална компанија во Кочани е странската инвестиција „Амфенол Технолоџи Македонија“ која вработува околу 3.000 вработени.

Од анализата на претходните табели може да се заклучи дека:

- Вкупниот број на активни деловни субјекти со годините константно опаѓа и ова се однесува и на малитео и големите

претпријатијата , додека средните се во пораст.
- Во однос на секторите може да се заклучи дека опаѓање имаме кај земјоделството, преработувачката индустрија и трговијата, константност има кај рударството, транспортот, информации и комуникации, како и во туризмот, а додека зголемување имаме кај стручни, научни и технички дејности, дејности во врска со недвижен имот, други услужни дејности и во градежништвото.
- Најголем број на МСП се од областа на трговијата
- Големите претпријатија се од обласата на индустриското производство
- Туризмот е релативно развиен со 70 угостителски објекти (хотели, ресторани и кафе барови)
- Мал број на МСП има во земјоделството

**Туристички потенцијали и туристичка инфраструктура**

Општина Кочани, располага со природно географски и антропогени туристички ресурси кои можат да придонесат за развој на туризмот.

**Природно географски ресурси**

*Спортско рекреативен центар Пониква*

На 20 км северно од Кочани, во прегратките на Осоговските Планини, на 1580 м надморска височина се наоѓа туристичкиот локалитет Пониква. Сместувачкиот капацитет на четирите мотели и поранешното детско одморалиште, сега одморалиште од отворен тип на МВР, е околу 220 кревети. Во туристичката понуда во последните години се вклучуваат и 50-тината викенд-куќички во комплексот, а свое место имаат и пристапните цени во сместувачките и во угостителските капацитети. Пониква е најпосетена во зима. На љубителите на белите спортови, на располагање им стојат два ски-лифта. На Пониква се наоѓа и манастирот „Свети Василј Велики“. Посебна привлечност на терените на Осоговските Планини има ловниот резерват богат со високо трофеен дивеч: обичен елен лопатар, срни муфлони и диви свињи. Резерватот се простира на 1.300 ха и е омилен на спортските ловци. Во близина на тромеѓето на општините Кочани, Крива Паланка и Кратово, на надморска височина од 2.085 м се извишува Царев Врв, втор по височина врв на Осоговските Планини, каде повеќе од 6 месеци во годината се задржува снежната покривка. Од падините на Царев Врв извира една од најубавите планински реки, Модра Река во која живее речната пастрмка. Осоговските Планини се идентификувани во индикативната карта на Паневропската мрежа во Југоисточна Европа како важен еколошки коридор за крупен дивеч, а признати се и како значајно растително подрачје. Од пред неколку години дел од Осоговските планини се прогласени за заштитено подрачје од V категорија – заштитен предел.

*Манастирски комплекс „Свети Пантелејмон“*

Во близина на селото Пантелеј, на 12 км од Кочани , на надморска височина од 766 м се наоѓа манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон“ кој со својата историска и пред сѐ верска улога заслужува посебно внимание. Во овој комплекс најстара е манастирската црква „Света Богородица“ градена 1872 г., на темелите на стара црква од XIV век, а до неа се наоѓа манастирот „Свети Пантелејмон“, граден 1885 година. Фрескоживописот и дел од иконите се работени од познатиот сликар Димитар Андонов - Папрадишки, од кои 44

икони се ставени под заштита. Манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон“ денес претставува религиозно-туристичко место кое секоја година, посебно во летните денови, собира голем број верници и туристи.

*Место викано „Дабот“*

На северната страна на селото Бели, на рид се наоѓа заштитената природна реткост - еден од најстарите дабови во Европа. Обемот на дрвото е околу 10 м, а распонот на гранките близу стотина метри. Од далеку наликува на дланка со раширени пет прсти. Староста на дрвото се проценува на околу 7 века. Покрај столетниот даб е изграден манастирот „Свети Илија“, а месната заедница од неговата околина создаде привлечен туристички локалитет.

*Брана „Гратче“ и водопад на Голема река*

На 6 км северно од Кочани, на Кочанска река изградена е акумулацијата Гратче, на надморска височина од 465 м. Акумулацијата е со должина од 2,1 км, ширина од 0,35 км. Езерото е сместено во извонредно живописна клисура со мошне атрактивна околина, бујна вегетација. На самиот брег е мотелот „Гратче“ со капацитет од седумдесет легла, а на крајбрежјето има и угостителски објект и рибен ресторан. Водата од вештачкото езеро служи за наводнување и за индустриски цели. Со езерото е создаден одличен природен амбиент за рекреација, риболов, одмор... Гратче е омилен туристички локалитет во регионот, кој заедно со мотелот што се наоѓа на самиот брег на езерото нуди прекрасни услови за одмор и уживање.

Во подножјето на Осоговските Планини, на патот кон селото Јастребник, на еден километар од мотелот „Гратче“, се наоѓа водопадот на Голема Река. Создаден е при изградбата на акумулацијата, но природната средина го оставила во живот и од него изградила привлечно место за посета.

**Антропогени ресурси**

**Манифестации во Кочани**

*Петровденски конаци*

Меѓународната културна манифестација „Петровденски конаци“ е поврзана со петровденската слава на 12 јули, како негување на локалната традиција на жителите од градот Кочани. „Петровденски конаци“ придонесуваат да се истакнат нишките на автохтоната, кочанската култура и традиција, како дел од македонскиот бит и суштина. Манифестацијата е одлична можност за динамичен летен културен живот со настани што донесуваат видни уметници од земјава и од странство.

*Драмски аматерски фестивал*

Драмскиот аматерски фестивал – ДАФ, традиционално веќе 40 години се одржува во Кочани. Почна како РАДС – Републички аматерски драмски смотри, а подоцна е преименуван во ФААТ – Фестивал на аматерски и алтернативни театри. ДАФ го негува аматерскиот и алтернативниот театар, а освен програмата за возрасни, вклучува и театарски претстави за деца и млади. На овој фестивал учествуваат реномирани театарски групи од целата држава и од странство. ДАФ, како државна манифестација поддржана и од Министерството за култура на Република Северна Македонија има за цел да го мотивира и стимулира творештвото на драмските аматери, а особено на младите.

*Денови на кочанскиот ориз*

„Деновите на кочанскиот ориз“ го слават оризот како симбол на кочанскиот регион. Манифестацијата го негува материјалното и духовното културно наследство поврзано со оризот како вековна земјоделска култура во Кочанско и неговиот пат од нива до трпеза. Таа ги прикажува културните вредности, природните и туристичките капацитети на Кочани, а со меѓународната соработка и присуството на делегации од различни страни на светот, се шири информацијата за квалитетот на кочанскиот ориз, со што се бара поширок пазар и подобар пласман на оваа култура надвор од границите на Република Македонија.

Манифестацијата се одржува во последната седмица од септември, а содржи фолклорни концерти и дефилеа, изложба и дегустација на традиционални јадења од ориз на која поединци и ресторани подготвуваат карактеристични и популарни јадења од кочански ориз. Во содржините се вклучени автори и уметници од различна возраст и од различни средини.

*Ликовна колонија „Св.Пантелејмон“*

Меѓународната ликовна колонија “Св. Пантелејмон“ е првата ликовна колонија која е одржана во манастирскиот комплекс „Св.Пантелејмон“ по што го добива и името. Следните колонии се одржувале на различни локации: брана Гратче, Пониква - Осоговски планини, во градот покрај Кочанска река. Колониите оставиле впечатливи уметнички дела работени на платно со акрилни бои. Секоја колонија остава над 20 дела кои општината ги чува во своите галерии, но дел од нив заминуваат во други земји како размена на подароци со високи државни делегации. Од друга страна преку ликовните колонии младите ликовни творци се дружат и разменуваат искуства со ликовните творци од други градови на државата како и со збратимените општини кои се дел од колониите.

*Новогодишен музички концерт со ОМУ „Ристо Јуруков“*

Новогодишниот концерт за Кочани се одржува веќе 17 години со поддршка на Општина Кочани како организатор и со посветеност на вработените и учениците во ОМУ „Ристо Јуруков“. Оваа културна содржина е во прилог на негување и поттикнување на младите музички таленти од Кочани како и подигање на авторитетот на професорите и самото музичко училиште ОМУ „Ристо Јуруков“Кочани.

*Меѓународен ден на Ромите*

8 април- Меѓународниот ден на Ромите општина Кочани секоја година го одбележува со вклучување на ромските невладини организации кои организираат различни културни содржини пред се карактеристични за Ромската заедница. Овде неизбежна е трпезата со традиционални ромски јадења, турнирите во фудбал, избор на ромска убавица и сл. Целта на празникот пред се е за да им се даде значење на Ромите како заедница која живее во Кочани, да се поттикне соживотот, толеранцијата и разбирањето во заедницата.

**Културни знаменитости**

**Цркви и манастири**

На 12 км северно од Кочани, на блага висорамнина северозападно од селото Пантелеј, се наоѓа манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон“, кој со својата историска и пред се́ верска улога заслужува посебно внимание. Секоја година на 9 август, се одржува црковно-народен собир кој привлекува илјадници

посетители. Манастирскот комплекс го сочинуваат две цркви: еднокорабна црква со нартекс „Св. Богородица“ изградена 1872 година , на темелите на стара црква од XIV век; трокорабна црква од преродбенски тип „Св. Пантелејмон“, изградена во 1885 година; згради-конаци и економски објекти. Фрескоживописот и дел од иконите се работени од познатиот сликар Димитрија Папрадишки, од кои 44 икони се ставени под заштита.

„Св. Василиј Велики“ е сместен во туристичкиот локалитет Пониква на Осоговските Планини и е манастир кој е на највисока надморска височина на Осоговијата.

Црквата „Св. Ѓорги“ во Кочани, изградена е во 1915 година на старите темели од 1814 година од времето на султанот Махмуд Втори, кој дозволил христијаните да градат црква во тоа време. Во црквата се наоѓаат збирка икони од разни иконописци од почетокот на 19 век.

Црквата „Св. Атанасиј“ во село Оризари е од 1848 година, трободна базилика со рамни дрвени тавани, градена од кршен и делкан камен, неживописана. Обновена е во 1876 година, фрескоживописана во таванскиот дел од страна на Исаија Макариов од село Галичник. Иконостасот има 56 регистрирани икони од 1875 година. Црквата „Св Тројца“, XIX век, во село Нивичани, трободна градба со полуотворен нартекс, со колонада од столбови од западната и јужната страна, посветена на Св. Дух и светото тројство. Обновена е 1864 година, во времето на свештеникот Папа Василие.

Манастирот „Добра Вода“ се наоѓа на 2-3 км северно од село Оризари, на левиот брег на Оризарска Река. Секоја година на празникот петок – Балаклија, се одржува голем црковно-народен собир, кој привлекува илјадници посетители.

**Музеи**

Во Кочани не постои музеј, но „Етно куќата“ претставува еден вид етнографски музеј, во која се сместени зачувани предмети и фотографии од минатото на општина Кочани, предавани од колено на колено од нашите предци.

**Археологија**

На подрачјето на Кочанската котлина се наоѓаат голем број културни вредности од областа на археологијата, етнологијата, архитектурата, профаната архитектура итн. кои сведочат за богатото културно минато на овој крај.

*Археолошки локалитет „Долно Градиште“*

Археолошкиот локалитет „Долно Градиште“ со доцноантичко утврдување, кој се наоѓа северно од Кочани во подножјето осоговските ограноци, на оддалеченост од 6 км, на северниот брег од вештачкото езеро Гратче. Лоцираната фортификација зафаќа простор од 1,5 ха, од двете страни омеѓена со длабоките клисури на Мала и Голема Река, кои во сливот ја формираат Кочанска Река.

*Археолошки локалитет „Локубија“*

Археолошкиот локалитет „Локубија“ се наоѓа на ридот Локубија, кој ја зафаќа најдоминантната позиција во централното градско подрачје, се издига на западниот брег на Кочанска Река. Првичните сознанија го вбројуваат во редот на некрополи од римско време.

*Археолошки локалитет „Бела Црква“ во село Оризари*

Археолошкиот локалитет „Бела Црква“, се наоѓа на 2-3 км северно од село Оризари, на

левиот брег на Оризарска Река, во близина на манастирот Добра Вода.

**Културно историски споменици**

*Споменик на Слободата*

Како симбол на сите востанија и битки, војувања, револуции и жртви за слобода, Кочани го има меморијалниот споменик, монументален по својата големина и вредност, Споменикот на Слободата, бисер на кочанското историско наследство. Дело на уметникот Глигор Чемерски, изграден во 1981 година, најголем мозаичен монумент во Европа, во врвот на нашата меморијална уметност. Споменикот-амфитеатар е сместен над градот, на ридот Локубија.

*Средновековна саат кула*

Средновековната саат кула е од крајот на 17 и почетокот на 18 век, евидентирана како феудална одбранбена кула. Градена е од делкани камени блокови, врзувани со малтер, со дебелина на ѕидовите од 1–1,2 метри, поделена во четири нивоа: визба, приземје и два ката, покриена со камени плочи, а дополнително и бил додаден делот на кој стоело ѕвоно што го означувало времето, по што го добила и називот. Во 1957 година е прогласена за споменик на културата и е ставена под заштита на државата. Потребна е санација и конзервација на саат кулата.

*Средновековна кула*

Била евидентирана како феудално одбранбена кула во северниот дел на Кочани, на брегот на Кочанска Река, изградена кон крајот на 17 и почетокот на 18 век. Висока е 18,5 метри, а до влезната врата, кој се наоѓа на јужната страна, се стигнува по камени скали. Градена е од делкани камени блокови, врзани со малтер, со дебелина на ѕидовите од 1-1,2 метри, поделена на четири нивоа: визба, приземје и два ката. На источната страна има тераса, а кулата е покриена со камени плочи. Кулата се користи како музеј во кој се сместени разни традиционални и археолошки предмети. Од 1957 година е прогласена за споменик на културата и е ставена под заштита на државата.

**Сместувачки капацитети**

Покрај претходно споменатите фактори за развој на туризмот неопходни се и сместувачките и угостителските капацитети. Нивниот обем и квалитет има директно влијание врз обемот и структурата на туристичкиот промет. Денес во рамките на општината Кочани функционираат:

- Хотел „Ледер" Кочани со капацитет од 42 легла;

- Хотел „Але дар" Кочани со капацитет од 25 легла;

- Еуро Хотел „Градче" Кочани со капацитет од 60 легла;

- Хотел „Национал" Кочани со капацитет од 16 легла;

- Хотел „Сити Ин" Кочани со капацитет од 30 легла;

- Хотел „Филипов" Оризари со капацитет од 36 легла;

- Хотел „Изгрев" Пониква со капацитет од 45 легла;

- Мотел „Мице" Пониква со капацитет од 30 легла;

- Мотел „Осоговски бисер" Пониква со капацитет од 40 легла;

- Мотел „Осоговска куќа" Пониква со капацитет од 20 легла;

- Одмаралиште на МВР Пониква со капацитет од 80 легла;

- Новоизградениот Хотел „Магнолија" на Пониква со капацитет од 74 легла;

- Приватни вили на Пониква.

Се констатира дека во Општина Кочани фондот на сместувачки капацитети е релативно добар, но за поразвиен туризам се потребни инвестиции во нови сместувачки капацитети од повисока категорија.

Според статистичките податоци бројот на ноќевања е прикажан во следната табела:

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ноќевања | 7.041 | 7.823 | 12.120 | 13.355 | 11.905 | 11.325 | 16.096 | 6.011 | 7.475 | 5.512 |

Можеме да заклучиме дека бројот на ноќевање по КОВИД 19 пандемијата значително се намалува.

**Туристички агенции**

На територијата на општина Кочани работат неколку туристички агенции и тоа:

- Мет фил
- Вел Јан
- Авто атом
- Либеро травел
- Даглас турс
- Соколов травел
- Тасим травел
- Вип

Меѓутоа можеме да заклучиме дека сите агенции се ориентирани кон outcome туризмот во другите градови од земјата и странство и ниту една не е во функција income туризмот, односно донесување на туристи на локалитетите во нашата општина.

Би било добро да се отвори центар за туристички услуги или туристичко биро во просторија во Мултикултурниот центар (предвидена за таа намена) и да се стави во функција туристичкиот инфо центар на Пониква.

**Угостителски објекти**

Угостителските објекти од ресторанската мрежа даваат услуги од исхрана и забава, ја збогатуваат туристичката понуда и придонесуваат за зголемување на вонпансионската потрошувачка. На територијата на Општина Кочани постои развиена ресторанска мрежа, која преку бројноста и разновидноста на објектите во голема мера ги задоволува постоечките потреби на туристите и притоа позитивно влијае врз туристичката вон пансионска потрошувачка.

Покрај рестораните кои функционираат во рамките на сместувачките објекти, постојат и бројни други класични ресторани, пицерии и кафе барови во градот Кочани, посебно сконцентрирани во градскиот трговски центар и централното градско подрачје.

Искуствата покажуваат дека има потреба од зголемување на ресторанските капацитети.

Може да се констатира дека на територијата на општината изостанува бројноста на специјализирани ресторани кои во традиционални амбиентални услови би нуделе автентични кулинарски специјалитети.

Во Општина Кочани има потреба од странски директни инвестиции во туристичка инфраструктура, посебно во инвестирање на изградба на спа центри со искористување на геотермалниот потенцијал. Во интерес на промовирање и иницирање на позабрзан развој на туризмот во општината, потребно е квантитативно и квалитативно унапредување на туристичката понуда.

**Земјоделски ресурси и производи**

Земјоделството во Општина Кочани може да се каже дека е развиено и претставува еден од главните приоритети за локалниот економски развој. Според географските карактеристики (клима, вода, почви) и сообраќајната поврзаност на областа има добри перспективи.

Земјиштето во Општина Кочани е рамничарско и ридско-планинско. Рамничарското земјиште зафаќа површина од околу 20% од територијата на општината и се протега во правец исток-запад. Ридско-планинското земјиште ја опфаќа останатата површина околу 80% од територијата. Ова земјиште испресечено е со речните корита на Кочанска и Оризарска река. Според надморската височина земјиштето може да се подели на 3 (три)дела:

-рамничарски терен од 290 до 500 м.н.в. и зафаќа површина од 201.1км²

-ридско земјиште од 500 до 1000 м.н.в. и зафаќа површина од 210.1 км²

-планински дел од 1000 до 2252 м.н.в. и зафаќа површина од 166.4 км².

Висинската разлика меѓу највисокото место врвот Руен (2252м) на Осоговските планини и градот Кочани изнесува околу 1900 метри. Вкупно расположливата површина на земјиште преставува збир на вкупното користено земјоделско земјиште, шумското земјиште, и другото земјиште. Категоријата друго

земјиште ја сочинуваат:земјоделско некористено земјиште и необработливото земјиште.

Земјоделско некористено земјиште преставува земјоделска површина со која располага стопанството но која на критичниот момент не се обработува од економски, социјални или други причини. Под необработливо земјиште се подразбира земјиште под: згради, патишта, дворови и слично. Градот Кочани односно катастарска општина Кочани зафаќа површина земјиште од 1970 ha. Полските села зафаќаат површина од 6900 ha, ,а ридско-планинските села зафаќаат површина од 29930 ha. Односно вкупната површина на земјиште во општината Кочани изнесува 38200 ha.

Во полското подрачје во кое што влегува и градот Кочани структурата е следна:

-обработлива површина околу 5760 ha;

-необработлива површина околу 1140 ha.

Во ридско планинското подрачје структурата на земјиштето е следна:

-под шума има околу 15840 ha;

-под пасишта има околу 7230 ha;

-под обработлива површина околу 6260 ha.

Од изнесените податоци може да се заклучи дека во општина Кочани околу 42%е шума,20% под пасишта,35% е под обработлива површина и околу 3% необработлива површина. Во однос на сопственоста шумите се околу 88% во државна сопственост, а 12% во приватна, пасишта се околу 84% во државна сопственост а 16% во приватна. Обработливата површина околу 82% е во приватна сопственоста 18% во државна сопственост. Кај обработливата површина најзастапени култури се: оризните ниви, додека овоштарници, лозја, ливади и градини подеднакво се застапени во мал дел.

**Површини во хектари по населени места во индивидуалниот сектор**

Бели.................358 ха;

Полаки.............329 ха;

Јастребник........131 ха;

Г.Градче............ 59 ха;

Пашаџиково..... .44 ха;

Црвена нива...... 24 ха;

Припор...............20 ха;

Кочани............. 664 ха;

Оризари.............746 ха;

Д.Подлог.......... 279 ха;

Тркање............ .512 ха;

Мојанци.............152 ха;

Г.Подлог............235 ха;

Грдовци..............483 ха;

Прибачево...........201 ха;

Вранинци............. 61 ха;

Бизиково.............228 ха;

Костин дол........... 64 ха;

Главовица...........109 ха;

Небојани.............. 81 ха;

Речани................. 58 ха;

Ново село............. 49 ха;

Лешки.................. 131 ха;

Рајчани................ 199 ха;

Пантелеј...............110 ха;

Нивичани.............215 ха;

Пресека............... 290 ха;

**ВКУПНО...........13.257 ха**

Главна земјоделска култура е оризот. Други земјоделски култури кои се одгледуваат на подрачјето на општина Кочани од житните култури се пченка, пченица, јачмен и рж. Од градинарските култури се пипер, домат, краставица кои се одгледуваат и во контролирани услови (оранжерии).

**Шуми**

Рељефните, климатските, хидрографските, почвените и другите природни погодности се фактори кои влијаат на вегетацијата и застапеност на поедини видови растенија.

Шумската вегетација по својата просторна застапеност изнесува 10.931.8 ha:

Дабова шума(горска шумска зона) зафаќа големи површини на Осоговските планини распоредени главно на повисоките терени, на височина помеѓу 1400-1700 м.н.в. Овие шуми се јавуваат и на пониска височина од 600-900 м.н.в. односно во зоната на подгорските шуми.

Буковите шуми ги запоседнуваат главно просториите во горните и средните токови на реките: Оризарска, Кочанска и Нивичанска.

Под букови шуми се застапени шумите од плоскач и цер и тоа помеѓу Оризарска и Кочанска река. Шумите се врзани за длабоки почви и нивната појава е типична за езерски тераси од сите нивоа. Во плоскачките шуми, подгорската шумска зона од 600-900 м.н.в, повеќе од терените се претворени во земјоделски површини или пак се користат како пасишта за стоката. Помеѓу полето и овие шуми на помали енклави, застапени се шуми од црн и бел јасен, главно на висина од 950-1250 м.н.в. поради делување на одредени природни услови поголемиот дел од овие шуми е деградиран. Буковите шуми се посочувани во горската зона на шумите, додека подгорската зона била под постојана и нерационална експлоатација за огревно дрво и градежен материјал. Покрај буковите шуми во просторот се наоѓаат, но на помала површина, други видови на шуми од даб-благун и бел габер, на височина од 500-800 м.н.в, благун на висина од 600-900 м.н.в и даб горун на 900-1200 м.н.в.

Четинарите се јавуваат на мали површини. Тие се преставени со: црн и бел бор, ела и смрека. Подигнати се по вештачки пат. За Кочани особено значајни се оние засадени во непосредната околина на градот, бидејќи влијаат на неговата локална клима. Шумите имаат стопанско и економско значење (производство на дрвна маса и финални производи), овозможуваат заштита од ерозија, производство на секундарни производи (печурки, бобинки и др.), влијаат врз развој на туризмот, ловот и рекреацијата. Значајни се за одржување на биодиверзитетот, особено некои видови дивеч кои се заштитени.

Вегетациските карактеристики укажуваат на постоење големи површини под тревна вегетација, потоа шумска вегетација и земјоделскоземјиште.

Тревната вегетација зафаќа голем дел од просторот, а пасиштата според местоположбата и нивната економска вредност се јавуваат како рамничарски, ридски и планински пасишта.

Рамничарските пасишта зафаќаат мал дел во полето главно покрај речните текови и често се под ливади.

Ридски пасишта се јавуваат на далеку поголеми пространства. Тие се разликуваат по конфигурацијата на теренот и водниот режим. Се карактеризираат со слабо богатство од тревни видови и застапеност на изразени ерозивни процеси. Во летниот период поради појавата на повеќе месечни суши тревниот покривач во потполност се исушува и тие преминуваат во голини..

Планински пасишта се јавуваат на Осогово и Плачковица и тоа над буковиот појас, но ги има и меѓу шумските површини како пасишта на планинските рудини. Поради острите климатски услови се користат само во топлиот дел од годината и тоа од 120-160 дена. На Осогово покриваат простор од 14 500 ha, се користат за летна испаша на овците и имаат третман на значајно природно добро.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Бројот на активни компании е во опаѓање. | Треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите. Зголемување на |

| | |
|---|---|
| Се намалуваат микро компаниите, а се зголемуваат средените и големите компании. | микро компаниите преку стимулирање.<br>Отворање на Агенција за развој на бизнисот.<br>Воспоставување на локален економско социјален совет (ЛЕСС) со учество на здруженијата на граѓани и приватниот сектор, универзитетите и други локални засегнати страни и воспоставување партнерства за одржлив ЛЕР.<br>Поддршка за основање на социјално претпријатие (ја) со цел да се помогне на најранливите категории.<br>Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на ЕЛС, со фокус на жените и младите претприемачи.<br>Воспоставување општински бизнис акцелератор преку кои на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис а особено жените, младите и лицата со попреченост како и други ранливи групи, ќе им се обезбедат сите неопходни информации и ќе се даде поддршка да ја реализираат нивната идеја на подрачјето на општината.<br>Мерки за не финансиска поддршка на МСП низ обуки и техничка поддршка; советување и правна помош; помош во маркетинг активностите и за влез на пазари; и промовирање на поврзување на бизнисите. |
| Постои зона „Лесна индустрија“ | Зголемување на капацитетот на зоната со проширување на ДУП от со нови градежно парцели. |
| Туристичката промоција е на ниско ниво | Потребно е да се подобри промотивната активност.<br>Отворање на ТИЦ во Кочани и ставање во функција на ТИЦ от на Пониква. |
| Општина Кочани е единствениот зимски туристички центар во Источниот плански регион | Слабо развиена туристичка инфраструктура.<br>Потребно е збогатување на содржините за зимски туризам ( нови патеки и ски лифтови, ски борд парк, содржини за деца и сл.) |
| Релативно добар број на сместувачки и угостителски објекти | Има потреба од инвестиции во капацитети со повисока категорија |
| Општина Кочани располага со природно богатство - геотермална вода | Недоволно искористеност на геотермалниот потенцијал.<br>Изработка на мастер план со техничка |

| | |
|---|---|
| | документација за можности за искористување на геотермалната вода. |
| Високо ниво на застапеност на земјоделски површини и добро развиено земјоделие (посебно оризопроизводството),но обработливоста е релативно слаба | Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини.<br>Земјоделието е  засновано на монокултура (ориз) и расцепкани земјоделски парцели и е потребно зголемување на обработливата површина преку окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој.<br>Јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства преку олеснување и одредени бенефиции за малите стопанства за зголемување на обемот на работа и економските резултати и преминување во правна форма на субјекти - стопанства, паралелно со приоритизација во мерките Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги.<br>Формирање на Агро-индустриски зони како центри за поттикнување и олеснување на економските активности во земјоделството . Истите треба да бидат воспоставени по примерот со  индустриските зони (посебни зони но и користење на расположливите ресурси кои не се користат во регионот – т.н. „brownfield“ инвестиции или во склоп на веќе постојните индустриски зони) со одредени предуслови и бенефиции за инвеститорите. |
| Недоволна искористеност на шумските потенцијали | Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и поврзаност со други дејности.<br>Искористување на новите можности што ги дава заштитеното подрачје Осогово. |

**Комунална инфраструктура и планирање**

**Комунална инфраструктура и планирање**

**Град Кочани – Генерален Урбанистички план и Детални урбанистички планови**

Општина Кочани има донесено Генерален урбанистички план во 2016 год. со површина на плански опфат од 1033,27 ха.

Најголем дел од опфатот на град Кочани е уреден со Детални урбанистички планови кои се спроведуваат и тоа - Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, донесен во 1998 год. како и Детални урбанистички планови кои претставуваат Измена на блокови на основниот ДУП 98 како и Детални урбанистички планови за градски четврти (дефинирани со ГУП).

По донесување на Генералникот план на град Кочани, во кој се утврдени 19 градски четврти, Општина Кочани ги донесе: Детален урбанистички план за градска четврт 9 со површина од 16.48 ха и Детален урбанистички план за градска четврт 16 со површина од 56.18 ха.

Во постапка на донесување се: ДУП за ГЧ 2 со површина од 87.20ха, ДУП за ГЧ 5 со површина од 81.32ха, ДУП за ГЧ 6 со површина од 121.35ха, ДУП за ГЧ 13 со површина од 69.12ха, ДУП за ГЧ 14 со површина од 40.21ха и ДУП за ГЧ 17 со површина од 46.43ха. Во иднина ќе се разработат и донесат и останатите градски четврти дефинирани со Генералниот план.

Села во Општина Кочани – Урбанистички планови за села

Покрај Генералниот урбанистички план и Деталните планови кои се во неговиот опфат и се однесуваат на град Кочани, Општина Кочани има донесено Урбанистички планови за села и тоа:

1.Урбанистички план за село Прибачево, со површина на плански опфат 25.94 ха., донесен во 2017год.;

2.Урбанистички план за село Долни Подлог, со површина на плански опфат 35.93 ха., донесен во 2018год.;

3.Урбанистички план за село Горни Подлог, со површина на плански опфат 53.11 ха., донесен во 2018год.;

4.Урбанистички план за село Грдовци, со површина на плански опфат 41.84 ха., донесен во 2019год.;

5.Урбанистички план за село Мојанци, со површина на плански опфат 26.56 ха., донесен во 2019год.;

6.Урбанистички план за село Тркање, со површина на плански опфат 79.72 ха., донесен во 2020год.;

7.Урбанистички план за село Оризари, со површина на плански опфат 181.9374 ха., донесен во 2022год.;

Урбанистички планови вон населени места

Општина Кочани има донесено Урбанистички планови вон населени места, односно вон опфатите на ГУП и УПС и тоа:

1.Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар КО Тркање, Општина Кочани, со површина на плански опфат 3,37 ха., донесен во 2018год.;

2.Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани во м.в.Страна КО Тркање и пристапен пат низ м.в.Средни рид КО Тркање и низ м.в.Сламарник и м.в.Чифлико КО Бели, Општина Кочани, со површина на плански опфат 28,04 ха., донесен во 2023год.;

3. Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи м.в Ќерамидница, со површина на плански опфат 25,29 ха., донесен во 2010год.;

4. Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс Винарија м.в Дабје КО Бели, Општина Кочани, со површина на плански опфат 2,99 ха., донесен во 2012год.;

5. Урбанистички план вон населено место за спортско рекреативен центар Пониква, Општина Кочани, со површина на плански опфат 49,14 ха., донесен во 2015год.;

6. Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс (компостара) КО Кочани, Општина Кочани, со површина на плански опфат 4,19 ха., донесен во 2013год.;

7. Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи м.в Виничка Вада КО Кочани, со површина на плански опфат 11,1 ха., донесен во 2012год.;

8. Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со мала хидроелектрана на брана Градче со спортско рекративни и угостителски содржини, со површина на плански опфат 5,978 ха., донесен во 2008год.;

9. Урбанистички план вон населено место за спортско рекреативен центар Пониква м.в. Арамиска чешма, КО Шталковица, Општина Пробиштип и КО Јастребник и КО Пашаџиково Општина Кочани, со површина на плански опфат 29,93 ха., донесен во 2013год.;

Во нашата општина има формирана комисија за урбанизм кој е составена од 3 внатрешни и 2 надворешни членови. Комиссијата се состанува редовно според потребите, и редовно комуницира користеејки различни канали на комуникација.

Покриеноста на општината со важечка урбанистичка планска документација е солидно ниво.

Во рамките на донесениот ГУП има утврдено 19 градски четврти, од кои за 2 веќе се донесени ДУП, 5 се во постапка. Потребно е да се продолжи со разработка на нови детални урбанистички планови и за останатите ГЧ, од кои еден се смета за приоритетен и е во близина на централното градско подрачје.

Бавноста на разработувањре се должи на големата квадтратура на утврдените ГЧ што се разработува, која се движи околу 80 хектара а кои се веке утврдена со ГУП.

Комуникацијата и соработката со другите надлежни институции, долгото чекање на мислења и одговори од нив е исто еден од проблемите со кои се соочуваме при разработка на новите плански документи.

Согласно генералниот урбанистички план на град Кочани, на територијата на градот 200 ха површина е наменета за производство, дистрибуција и сервиси (Г). Оваа повшина е поделена по градски четврти и тоа:

- во ГЧ 1 се предвидени 8.5 ха.

- во ГЧ 6 се предвидени 0.73ха.
- во ГЧ 7 се предвидени 36.41 ха.
- во ГЧ 11 се предвидени 28.36 ха.
- во ГЧ 12 се предвидени 35.66 ха.
- во ГЧ 14 се предвидени 1.9ха.
- во ГЧ 16 се предвидени 19.48 ха.
- во ГЧ 17 се предвидени 35.84 ха.
- во ГЧ 18 се предвидени 15.23ха.
- во ГЧ 19 се предвидени 18.81 ха.

Изградените индустирски објекти се наоѓаат во ГЧ1, ГЧ 12, ГЧ 16 и ГЧ 17.

Покрај индустриските зони кои се во границите на генералниот урбанистички план, Општина Кочани има донесено Урбанистички планови вон населено место за развој на индустријата и тоа:

- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи, м.в. „ЌЕРАМИДНИЦА“ КО Кочани. со површина на наменска зона - 9.2 ха.
- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно – откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи м.в Виничка вада КО Кочани – со површина наменета за индустрија – 6.8 ха.
- Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија во м.в Цацков бунар КО Ткрање, Општина Кочани со површина – 3.3 ха.

**<u>Комунална инфраструктура и услуги</u>**

- Комунално Јавно Претпријатие “Водовод” - Кочани, е основано со решение на Собранието на Општина Кочани бр.01-1532 од 2.02.1968 год. и е запишано во судскиот регистар под бр.286/68 од 02.02.1968год. Јавното Претпријатие е основано заради вршење дејности од јавен интерес и има својство на правно лице со своја жиро сметка и во правниот промет одговара со целиот свој имот и е регистриран даночен субјект со МК 4013968102159

- Својата дејност успешно ја извршува со 240 работника редовно вработени и со 50 времено ангажирани работници чиј што број е променлив во зависност од потребите.

- КЈП Водовод ги обавува следните дејности:

- водоснабдување-одвод на отпадни води-канализација
- комунални услуги-изнесување и депонирање на смет
- искористување на геотермалните води-експлоатација и дистрибуција на гтв
-градски пазари и панаѓури
- уредување на прометни површини, паркови и градско зеленило
- одржување на православните градски гробишта и градската капела
- стопанисување со градскиот базен и тениските терени

- Органи на претпријатието се: Управен Одбор, Директор на претпријатие и Надзорен Одбор.

- **Водоводна инфраструктура**

Основна задача на РЕ „Водовод и канализација” е експлоатација и дистрибуција на вода за

пиење. Оваа Работна Единица овозможува снабдување со потребна количина на здравствено исправна вода за пиење на корисниците согласно барањата, стандардите и нормите за квалитетна вода за пиење и собирање и одведување на атмосферските и фекалните отпадни води до одредени реципиенти. Системот за водоснабдување кој обезбедува вода за пиење на градот Кочани и девет населени места (Грдовци, Прибачево, Оризари, Горни и Долни Подлог, Мојанци, Бања, Тркање и Бели, Од нив 7 села припаѓаат на општина Кочани, а село Бања на општина Облешево-Чешиново. ) преставува збир од хидротехнички објект (бунари, препумпни станици, собирни резервоари, примарна и секундарна водоводна мрежа и фабрика за преработка на вода за пиење.

Испумпаната вода од бунарите се носи во собирен резервоар, од каде преку потисен цевковод со должина од околу 5.030 м преку 4 транспортни пумпи, секоја со капацитет од 100 l/s, и максимум три во работа, водата ОПШТИНА КОЧАНИ 2019-2023 29 се транспортира до изливниот базен на препумпна станица - со локација во т.н. Стар Филтер (на кота 386.5 мнв). По препумпување, водата со потисен цевковод директно се транспортира до фабриката за вода (на кота 455 м.н.в.).Од фабриката за вода по извршеното пречистување, по гравитационен пат водата се дистрибуира до резервоарите за висока, средна и ниска зона во градската мрежа. Фабриката за вода е изведена со грант од француската влада во периодот од 1998-2004 со проектиран капацитет од 2 x 300 l/s, додека до сега инсталираната опрема во првата фаза е со капацитет 300 l/s. Во тек е изградба на акумулација на Оризарска Река каде со изградбата и на довод до ф-ката за вода, водата со пречистување ќе се користи за пиење.

Вкупниот број на (куќни и индустриски) водомери изнесува околу 12500, а вкупниот број на корисници изнесува околу 38 000 жители. Мониторингот и управувањето на дневната потрошувачка на вода се врши преку СКАДА систем и повеќе мерни уреди (електромагнетни протокомери, мерачи на притисок, мерачи на ниво во резервоарите, вентили за регулација на притисокот во водоснабдителната мрежа и сл.). Вкупна должина на системот за водоснабдување е 156 км. Дистрибутивната мрежа се состои од цевководи со различен профил, а во системот работат 13 бунари со проток од 250 л/сек. со главна пумпна станица и 8 други пумпни станици по зони и населби, со резервоарски простор од 3550 м3 што е 24 % од дневната потрошувачка (проток) на системот.

| Населено место Град/Село | Општина | Жители ( по попис 2002) * | Број на корисници на услуги за вода | Број на корисници на канализациони услуги |
|---|---|---|---|---|
| Кочани | Кочани | 28.330 | 11.787 | 11.750 |
| Грдовци | Кочани | 1.228 | 334 | 330 |
| Прибачево | Кочани | 388 | 109 | 56 |
| Населба Оризари | Кочани | 3.776 | 961 | 789 |
| Горни Подлог | Кочани | 704 | 199 | 197 |
| Долни Подлог | Кочани | 476 | 138 | 136 |
| Мојанци | Кочани | 556 | 152 | 146 |
| Бања | Чеш-Облеш | 402 | 137 | 0 |
| Тркање | Кочани | 1.225 | 336 | 221 |
| Бели | Кочани | 466 | 137 | 116 |
| **Вкупно** | | 37.551 | 14.290 | 13.741 |

Ф-ката за вода е составен дел од системот кој е во функција.

Во текот на 2022 год. испорачани се 5.049.632 м3 вода од главната пумпна станица „Грдовски Орман" кон Препумпната станица (стар Филтер).

Вкупниот капацитет на бунарите сега изнесува некаде околу 244 л/сек.

- **„Бунарски систем" препумпни станици и резервоари и пумпни станици**

Бунарскиот систем со пумпна станица е лоциран во Грдовски орман.

Досега се изградени 24 бунари (последниот изграден во 2020 година) од кои во функција се следните бунари: Б10, Б12, Б14, Б15, Б17, Б18, Б19, Б20, Б21, Б22, Б23,Б24

Бунарите Б1, Б2, Б3, Б4, Б5,Б6, Б7, Б8, Б9, Б11, Б13, Б16 не се во функција поради обрушеност или недоволен капацитет на вода.

Во бунарите кои работат се монтирани пумпи со различна снага и капацитет и тоа:

| Бунар | Снага P(kW) | Капацитет |
|---|---|---|
| B10 | 5,5 | 13,5 |
| B12 | 5,5 | 12 |
| B14 | 15 | 15 ( 0) |
| B15 | 11 | 25 |
| B17 | 5,5 | 17 |
| B18 | 11 | 35 (28) |
| B19 | 15 | 22,5 |

| | | |
|---|---|---|
| В20 | 15 | 28 |
| В21М | 15 | 28 |
| В22-8 | 15 | 28 |
| В23-9 | 11 | 28 |
| Б24-10 | 11 | 28 |
| | | 222/244 |

Во моментот вкупниот капацитет на бунарите е околу Q = 244 л/сек што ги задоволува потребите на населените места приклучени на овој систем за водоснабдување.

Со ова се обезбедува доволна количина на вода за пиење за постоечките и нови корисници во наредниот период.

За континуирано препумпување на водата и транспорт на истата до сите корисници во вооснабдителниот систем фунционираат 11 препумпни станици и хидрофорски построенија.

Функцијата што ја има системот за водоснабдување и неговата целодневна (дваесетичетиричасовна) работа бара целосна исправност на електромашинската опрема што значи постојано следење и одржување на истата (пумпни агрегати, енергетско напојување, системот за мониторинг и управување, сигнализација итн.)

Дури 30% од фактурираната вода е паушал т.е. дека е потребна поголема интервенција кај мерните инструменти-водомери (пристапноста, чистење, поправка, замена, контрола на исправноста и точноста). Од вкупната нефактурирана вода поголем процент 63,28% е немерена па затоа потребно е да се приготви план во кој ќе се определи начин како оваа вода да се мери, да се откријат нелегални приклучоци и да се елиминира неточноста кај водомерите.

Во моментото Општина Кочани спроведува проект (делумно финансиран од Влада на Република Словенија) за намалување на загубиде на вода, односно работи на легализација на дивите приклучоци и замена на старите дотраени водомери со нови помодерни водомери кај социјалнозагрозените семејста и набавка на опрема за детектирање на загубите на вода и обука на тимој од КЈП Водовод за управување со истата.

Исто така од страна на Министерството за животна средина се одобрени средства за набака и замена на околу 6000 модерни водомери на територија на Општина Кочани и во брзо време се очекува да се отпочне со набавка и инсталација на истите.

- **Одведување и пречистување на отпадни води**

Одведувањето на отпадните води се врши преку два одвоени системи.

Едниот е исклучиво за одведување на атмосферските отпадни води и е со должина од 12,38 км, а другиот покрај фекалните прима и одведува и дел од атмосферските води и истиот е со должина од 72,88 км.

Фекалниот канализационен систем е димензиониран за одведување на фекалните отпадни води, но во одредени урбани делови од градот (поради немање на систем за атмосферски отпадни води) истиот прибира и дел од атмосферските води преку сливници и сливни решетки. Вака изградениот систем во овој момент се состои од ревизиони шахти, приклучни шахти, сливници, решетки, улични цевководи и секундарни колектори. Канализациониот систем е граден почнувајќи од шеесетите години па наваму и се надоградува во зависност од урбаниот развој на градот.

Отпадните води се собираат во главен собирен колектор од Оризари до Мојанци каде е лоцирана пречистителната станица за отпадни води (ПСОВ).

Во 2022 година во ПСОВ Мојанци ја имаме следнава состојба преставена табеларно

| Месец | Влезна вода m3 | Излезна вода m3 | Произведена ел. Енергија Фотовотаици kWh | Произведена ел. Енергија CHP-генератори kWh | Потрошена ел. Енергија kWh |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 206430 | 197168 | 36492.2 | 8012 | 84172 |
| Февруари | 210343 | 203702 | 39804.3 | 15603 | 74455 |
| Март | 258172 | 253177 | 61648.6 | 25285 | 79580 |
| Април | 225488 | 219165 | 71110.1 | 31285 | 72396 |
| Мај | 257767 | 249684 | 82073.9 | 16928 | 73203 |
| Јуни | 281384 | 275511 | 78328.5 | 5609 | 77840 |
| Јули | 273488 | 269042 | 83603.2 | 12255 | 75549 |
| Август | 251230 | 242657 | 67534 | 15093 | 65005 |
| Септември | 209610 | 198347 | 54665.8 | 16389 | 56099 |
| Октомври | 187737 | 173766 | 52399.2 | 20275 | 57137 |
| Ноември | 158570 | 144273 | 30070.8 | 14689 | 54923 |
| Декември | 189157 | 177427 | 23082.1 | 23613 | 59442 |
| **Вкупно 2022** | **2709976** | **2603919** | **680812.7** | **205036** | **826801** |

Во 2022 година во пречистителната станица за отпадни води - ПСОВ има пречистување на 2709976м3 отпадна вода од кои 2603919м3 се изпуштени во реката Масалница, односно е вратена како повторно употреблива за наводнување.

Со канализациони инфраструктури се покриени и селата: Грдовци, Прибачево, Долни Подлог, Тркање и Бели и кај овие села испустите се насочени кон реципиентите Кочанска река и Брегалница. Во следна фаза и овие села се планирани да бидат насочени кон ПСОВ Мојанци. Во ПСОВ Мојанци се одвива процесот на акомулација на био гас.

Вкупната канализациона мрежа во градот е приближно 85,26 километри со различен профил на цевководи и тоа: од ф 80, ф 100, ф 150, ф 200, ф 250 , ф 300 , ф 400 , ф 500 , ф 600 , ф 800 , и ф 1000.

**Акумулациони езера:**

Во кочанскиот крај постои и едно вештачко езеро. Тоа е Кочанското Езеро. Кај месното население познато како езеро Гратче. Изградено е на Кочанската Река 6 км северно од Кочани кај с. Д. Гратче во 1959 година. Површината на акомулацијата изнесува 0,19 км2, акумулира вода од 2.4 милиони м3 која се користи за снабдување на населението и индустријата во Кочани со вода и за наводнување на 576 ха обработливо земјиште во Кочанско Поле. Кочанското Поле се наводнува и со води од вештачкото езеро „Калиманци». Тоа се наоѓа на реката Брегалница во Овчеполскоистибањската Клисура, а изградено е во 1969 година. Браната е камено-насипна со глинено јадро, висока е 92 м, а долга 240 м. Езерото е долго 14 км, широко 0,3 км и длабоко 80 метри. Зафаќа површина од 4.23 км$^2$ и акумулира 127 милини м$^3$ вода. Основната намена е за наводнување на околу 28.000 ха главно оризови полиња во Кочанската Котлина, но и на дел од обработливите површини во Овче Поле. Вишокот вода се користи за производство на електрична енергија преку за таа цел изградената хидроцентрала со инсталирана моќ од 12,8 MW.

Има ризици од поплавување и затоа е направена студија за комплетно решавање за атмосферската канализација за Општината која треба да биде реализирана во целост за да нема проблеми со поплави при поројни дождови

Во планинските села постојат мали водоводи, тие се неформални и не можат да се интегрираат и покриваат 100тина луѓе.

**Управување со отпад**

- Собирање на отпадот (примарна селекција, рециклажа и сл.)
- Количини на отпад на годишно ниво
- Управување со депонии (ако има)
- Енергетско искористување на отпадот (ако има)

Единствен правен субјект кој врши собирање, транспорт и депонирање на неопасен комунален отпад во Општина Кочани е КЈП „Водовод“ Кочани. Работната Единица ,,Комунална Хигиена,, се грижи за навремено, квалитетно и континуирано собирање на смет(метење и миење), транспортирање и депонирање на сметот од домаќинствата, претпријатијата и другите правни лица. Врз основа на евиденцијата која се води во КЈП „Водовод“ Кочани во 2021 година вкупно е собран, транспортиран и депониран 62.667 м$^3$ отпад од домаќинството и стопанството. На територијата на Општина Кочани има распоредено 184 контејнери од 1,1 м$^3$ , 95

контејнери од 5 $м^3$ и околу 10.600 канти (стандардни и импровизирани) за отпад од домаќинствата КЈП „Водовод“. Кочани располага со вкупно 4 возила со механизми за утовар на канти и контејнери од 1,1 $м^3$ , 1 возило за рачен утовар на смет, 1 возило за утовар и транспорт на контејнери од 5 $м^3$ и 1,1 $м^3$ и 2 трактори.

Во текот на 2021 година се опслужени 250 мали контејнери од 1,1 $м^3$ и 100големи контејнери од 5 $м^3$ и притоа е депониран смет во следните количини:

- Од мали контејнери од 1,1 $м^3$ .................... 29.056 $м^3$
- Од големи контејнери од 5 $м^3$ .....................11.050 $м^3$
- Од останати садови и канти за смет ...........22.561 $м^3$

Во рамките на ИПА договорот за подршка на воспоставување на регионален систем за управување со отпад добиени се 424 метални контејнери со тркалца.На 5 локации во централно градско подрачје се поставени подземни контејнери. На секоја од локациите има по 4 контејнери од по 1,1 $м^3$. Комуналниот отпад од домаќинствата и индустриските објекти се собира, транспортира и депонира од градот Кочани, целосно од населбата Оризари, с. Мојанци, с. Горни Подлог, с. Долни Подлог, с. Грдовци и с. Тркање и излетничките места Бавчалук, Гоцева шума, мотел „Градче„, „Пониква„ и с.Прибачево. Отпадот се депонира на градската депонија каде што на располагање има еден булдожер ТГ 100.

**Во табелата подолу е даден преглед на вкупно депонираниот смет по години.**

| **Година** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Смет $м^3$** | 4785 6 | 4410 2 | 4791 5 | 4733 7 | 49914 | 47595 | 47259 | 48007 | 56410 | 62441 | 62667 |

За расчистување на диви депонии на располагање се една градежна машина и два камиони кипери.Селектирањето на употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на неговото создавање значајно допринесува за квалитетот на урбаното живеење, намалување на вкупните количини на отпад, носи економско-финансиски бенефити и ја зголемува свеста и одговорноста на создавачите на отпад. Собирањето на ПЕТ амбалажа го врши лиценцирано лице во согласност со законот за управување со отпад , овластено со одлука на локална самоуправа на град Кочани. Градската депонија се третира со препарат на база на алги како превентива за заштита од пожари.

**Неколку куси објаснувања и за другите комунални услуги: искористување на геотермалните води-експлоатација и дистрибуција:**

- СЕКТОР “ГЕОТЕРМА”, од 1984 година, со моментално вработени 12 лица, функционира во организационите рамки на КЈП “Водовод” - Кочани.
- Својата основна функција ја извршува преку “Систем за искористување на геотермалната вода - ГЕОТЕРМА” кој има за цел да врши истражување, експлоатација, дистрибуција и реинектирање на геотермална вода од потенцијалот на лежиштето на ГТВ “Подлог-Бања” во Кочанската котлина.
- Во останатите организациони сегменти на организацијата СЕКТОР “Геотерма” согласно Статутарните обврски и кадровскиот потенцијал партиципира во оперативните и развојни активности.

Во 2023 година, за работењето на СЕКТОР “ГЕОТЕРМА” во сите сегменти (производствени резултати, тековно одржување и развој), може да го даде следниот извештај:

- **“Експлоатација - дистрибуција”**
  Во 2023 година планот за производство т.е. исцрпена - дистрибуирана, фактурирана геотермална вода, успешно е реализиран и претставен во следнава табела:

| **ЕКСПЛОАТИРАНА/ФАКТУРИРАНА ГЕОТЕРМАЛНА ВОДА ВО 2023 год.** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Корисник/месец** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **X** | **XI** | **XII** | **Вkupno** |
| АГРО-ТРЕФ | 27460 | 37871 | 29819 | 17810 | 1968 | | | 12360 | **127288** |
| ДОБРА | 18670 | 5220 | 20 | | | | 410 | | **24320** |
| ЗЕЛЕНА КУЌА | 10713 | 22135 | 15900 | 11697 | 790 | | 4747 | 23961 | **89943** |
| Студио Д | 384 | 842 | 790 | 342 | | | | | **2358** |
| ТЕТРА ХИП | 10604 | 5336 | 1270 | | | | 1509 | 2995 | **21714** |
| ООУ „Кирил и Методиј“ | 2757 | 2957 | 2517 | | | | 2764 | 3338 | **14333** |
| СОУ „Љупчо Сантов“ | 2757 | 2957 | 2517 | | | | 2764 | 3338 | **14333** |
| ООУ „Никола Карев“ | 1070 | 2720 | 2368 | | | | 2930 | 3137 | **12225** |
| Драган Атанасов | 57 | | | | | | | | **57** |
| ИСТОК МЕРМЕР | 128 | 90 | 105 | 67 | | | 100 | 149 | **639** |
| ГИРЛОФС дооел | 569 | 548 | 622 | | | | 267 | 714 | **2720** |
| Горан Атанасов | 45 | 65 | 17 | | | | 19 | 26 | **172** |
| **ФАКТУРИРАНА ГТВ (m³)** | **75214** | **80741** | **55945** | **29916** | **2758** | | **15510** | **50018** | **310102** |
| Јавни Чешми | 13173 | 19171 | 15812 | 6129 | | 3279 | 4093 | 3220 | **64877** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ЕКСПЛОАТИРАНО ($m^3$)** | **88387** | **99912** | **71757** | **36045** | **2758** | **3279** | **19603** | **53238** | **374979** |

| **ГОДИШНО ФАКТУРИРАНА ГТВ ЗА ПЕРИОДОТ 2019/2023 година** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **година** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **X** | **XI** | **XII** | **Вкупно** |
| **2019** | 188718 | 105277 | 58352 | 18700 | | | 16521 | 50938 | **438506** |
| **2020** | 89523 | 63964 | 46570 | 20389 | | 8706 | 52888 | 63611 | **345651** |
| **2021** | 134300 | 112053 | 97016 | 29395 | | 770 | 17981 | 75282 | **466797** |
| **2022** | 113418 | 78848 | 91894 | 26666 | | 10842 | 26241 | 55482 | **403391** |
| **2023** | 75214 | 80741 | 55945 | 29916 | 2758 | | 15510 | 50018 | **310102** |

Ако се погледне табелата ќе се забележи намалена количина на фактурирана геотермална вода во споредба со 2022 година, во бројки помалку за 93.289 $м^3$, односно за 23,13% помалку, кои се должат на овогодишните потопли временски услови, како и покасното засејување на земјоделските култури од страна на производителите на оранжериските и пластеничките комплекси, се со цел за да го избегнат поладниот зимски период, а со тоа и да си ја намалат потрошувачката на геотермална вода, односно трошоците за греење, како и некористењето на геотермална вода за загревање на Оранжерии "Добра".

Количината на испорачана геотермална вода во Стопански двор на КЈП "Водовод" и чешмите во Горни Подлог, Долни Подлог и Кочани не се влезни во вкупната количина, туку е прикажана во посебна табела.

| **ГОДИШНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ГТВ ЗА ЈАВНИТЕ ЧЕШМИ ЗА ПЕРИОДОТ 2019 - 2023 год.** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **година** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **X** | **XI** | **XII** | **Вkupno** |
| **2019** | 12310 | 15450 | 19700 | 6200 | | | 870 | 2680 | **57210** |
| **2020** | 12100 | 13250 | 14300 | 5900 | | 458 | 2784 | 2987 | **51779** |
| **2021** | 13504 | 11481 | 10729 | 10585 | | 12300 | 11274 | 11798 | **81671** |
| **2022** | 5082 | 10532 | 9508 | 8187 | | 7045 | 10530 | 6409 | **57293** |
| **2023** | 13173 | 19171 | 15812 | 6129 | | 3279 | 4093 | 3220 | **64877** |

**Одржување на јавна чистота, градски пазар и панаир**

Основна задача на ова одделение е да ја спроведе програмата за Јавна чистота за 2024 г. усвоена од Советот на општина Кочани и одржување на градскиот пазар и панаир.

Одржувањето на Јавната чистота се врши со машинско и рачно метење и спрема фреквенцијата на загадување се врши метење секојдневно, 3 пати, неделно, еднаш неделно, 2 пати месечно или еднаш месечно, согласно со програмата за јавна чистота.

Метењето, собирањето на отпад и транспортирањето на отпадот од градскиот пазар се извршува еднаш неделно во четврток, по завршувањето на пазарот.Градскиот пазар се пере редовно со вода од хидрант или со цистерна.

Просторот за одржување на панаирот се чисти детално два пати во годината пред и по одржувањето на панаирот. Површината која се чисти изнесува 22.500м2.

Улиците во централно градско подрачје се перат со цистерна секогаш кога има потреба од тоа.

За време на празниците се организирани дежурства за метење на улиците од централно градско подрачје и трговски центар.

**ГРОБИШТА**

По повод верските празници овој сектор се врши косење околу сите верски објекти со што им се излегува во пресрет. За Верските празници православните гробишта навремено се косени и чистени од вегетацијата. За сето оваа да се постигне Јавното препријатие има набавено и неколку нови тримери косачки и жаги за сечење на дрва. Се уредуваат зелените површини на сите три главни влезови на градот, средување на зелената вегетација на локалните патишта кон селата како и патот кон излетничкото место ,, Брана Градче“.

Во одделението,,Православни гробишта,, се заврши со бетонирање на пристапни стази и патеки со што до сега се бетонирани околу 250 метри должински со ширина 2.2м.

- Се врше соодветно косење на вегетацијата во градските гробишта
- Бетонирање на стази во градските гробишта.
- Поправка на чешми во градските гробишта.
- Косење и собирање смет околу гробните места
- Поправка на санитарен чвор (промена на цевки за канализација и местење на нова мрежа за за одводни води)
- Кроење и кастрење на дрвца во градските гробишта.
- Се изврши поставување на електрични столбови со кои се прошири електричната инасталација во новиот дел на ,, Градските гробишта,,.

**Градско зеленило**

За одржување на парковите, зеленилото (тревниците, дрвореди, скверови), шеталиштата, зеленилото во Кочанска река, низ градот и комплетното уредувањето и одржувањето на православние гробишта е доверено на овој сектор при КЈП “ Водовод” од нашиот град.

Извршувањето на работите е утврден по Програмата за одржување и користење на паркови и користење на паркови и зеленило, набавка, поставување и одржување на урбана

опрема, одржување на детски игралишта и одржување на Фонтана „ЗРНО„за 2024 год.

Овој сектор во периодот од 01.01.2023 год. до 31.12.2024 год. со своите работници комплетно се грижи да го реализира се она што го бара комуналниот ред во смисла на целта за која е организирана.

Комплетното одржување на зеленилото-тревници со косење, полевање вода, чистење, потоа дрвоwell редите со редовното окопување, кастрење, наводнување со комплетната нивна форма низ градот, сите жардиниери во реката, по кејските ѕидови, во паркот и низ Трговскиот центар, сите живи огради со редовно окопување, поткастрување и наводнување, сите булеварски и кејски цветни алеи, гордоста на градот реката, со зелените површини и цветни острови, алпиниумите се целосна и редовна работа на групата задолжена со градското зеленило.

**-Во анализава недостасува опис на услугата за управување со отпад од аспект на поврзана инфраструктура (постоечка депонија, евентуално локација за претоварна станица итн) , што се случува на ниво на плански регион – до каде е со воспоставување на системот за регионално управување со отпадот?**

**Депонијата во Кочани сеуште управува со отпадот од Кочани и околните населени места Виница, Чешиново-Облешево, Зрновци.**

**Локација за претоварна станица имаме кај м.в Превалец на излезот од Оризари односно блиску до влезот на Виница.**

**Системот за регионално упревување е во постапка сеуште се работи на проектна документација и се очекува да отпочне во 2026год.**

**Транспортна инфраструктура**

Низ територијата на општината, поточно низ градот поминува магистрална сообраќајница со која се поврзува со Штип (30 км) и Велес (70 км), а потоа излегува на автопатот Скопје – Гевгелија, односно со оваа собраќајница градот е поврзан со Централна Македонија. Главниот град Скопје е на само 100км, од кои што поголем дел е ново автопатско решение. Општина Кочани е крстосница на повеќе регионални сообраќајници со кои се поврзува со најблиските градови, и тоа на исток со Виница (10 км), Македонска Каменица (30 км), Делчево (55 км), Берово (60 км), Бугарска граница (65 км), а на запад е поврзан со Пробиштип (36 км) и Кратово (48 км). Сообраќајно значење има и постоечката железница, која е изградена 1926 година и преку оваа железничка линија Кочани е поврзан со Штип – Велес - Скопје. Преку аеродромот Петровец, кој е одалечен 90 км од Кочани, има одлична сообраќајна поврзаност со Европа и светот. Должината на регионалните патишта изнесува 25 км и 20 км до одморалиштето Пониква.

**Преглед на состојба на општински локалните патишта(км) и мостови во 2022 година**

| Вкупно | Асфалт и коцка | Макадам | Земјани | Непробиени |
|---|---|---|---|---|
| 288 | 180 | 10 | 92 | 6 |

| Вкупно | | Постојани | | Привремени | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број | Метри | Број | Метри | Број | Метри |
| 23 | 441 | 22 | 433 | 1 | 8 |

**Регистрирани патни моторни и приклучни превозни средства во општина Кочани за 2022 година.**

| Вкупно | Мотоцикли | Патнички автомобили | Автобуси | Товарни автомобили | Влечни возила |
|---|---|---|---|---|---|
| **8079** | **261** | **6913** | **82** | **631** | **31** |

Во населените места постојат 288 км од кои 180 кмили 62.5% се асфалтирани.

Од овие показатели може да се види дека само околу 60% од локалните патиштата се асфалтирани што укажува на потребата да во иднина многу сериозно се пристапи во решавање на проблемот со уличната и патната мрежа на територијата на Општина Кочани.

## ЕНЕРГЕТИКА

Трафостаницата 110/35/10 KW како главна напојна точка на Кочани и регионот е поврзана со електроенергетскиот систем на РМ двострано, преку два 110 KW водови, еден кон Штип и еден кон Каменица. Во таа трафостаница се инсталирани два енергетски трансформатори со инсталирани моќност од по 20 MVA и поседува двоен систем на собирници, на 35 и на 10 KW ниво. Опишаниот систем на примарно напојување е со задоволителна изграденост и не се предвидува проширување во наредните 20-тина години. Секундарното напојување на градот Кочани за таа сметка е само со делумна изграденост т.е. во сегашниот момент изграденоста на мрежата со 35 и 10 KW водови и трафостаници задоволува, но во наредниот период ќе биде неопходно проширување на тој систем. Од 35 KW објекти кои треба да се изградат во идниот период за да може да се овозможи непречен развиток на кочанското конзумно подрачје треба да се спомене градбата на 35 KW трафостаница во зоната за мало стопанство и лесна индустрија на влезот од Кочани од кај Штип. Таа трафостаница неопходно е потребна за непречен развој на стопанството во Кочани од аспект за обезбедување електрична енергија. Трафостаницата како објект е предвидена во сите предвидувања и планови во делот од Генералниот урбанистички план кој се однесува за електриката. 10 KW и 04 KW мрежа се со задоволителна изграденост во моментот и нивното одржување и проширување во

централното градско подрачје и во околните села е обврска на подружницата на ЕВН во Кочани. Може да се јави потреба од градба на нови трафостаници и водови на периферните подрачја од градот.

Општина Кочани пред неколку години во делот на уличното осветлување заради енергетска ефикасност изврши комплетна замена на старите живини светилки со нови LED-светилки на територијата на град Кочани и работи на воспоставување на систем за Паметно мерење и управување со јавното осветлување чиа имплементација се очекува да заврши до крајот на тековната година.

**ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ**

На територијата на општина Кочани во моментот има комплетна солидна телекомуникациска инфраструктура. Постојат 2 (два) оператори, Телеком и Оне.ВИП, кои нудат одлични услуги (фиксна, мобилна и интернет) на корисниците и солидна покриеност на просторот, а исто така фиксна телефонија и интернет нуди и провајдерот Телекабел. Со тоа речиси 100% од територијата на општина Кочани е покриена со телекомуникациски услуги.Интернет, радио, и ТВ покриеност

**<u>Безбедност и сигурност во заедницата</u>**

**<u>Безбедност и сигурност во заедницата</u>**

**Процена на потенцијални ризици по заедницата**

Последната **Проценка на загрозеност на територијата на Општина Кочани од сите ризици и опасности** е направена во 2014 година.

Документот ги дава следните проценки на ризици и опасности:

**- Пожари**

**- Поплави**

**- Екстремни временски појави** (интензивни снежни врнежи и снежни навеви, и невреме изразено со луња и град) и

**- Други опасности** (температурни максимуми и минимуми, сушни периоди, загадување на водата, загадување на почвата, земјотреси, сообраќајни несреќи, епидемии, епизотии и епифитии, опасност од заостанати неексплодирани убојни средства, криминални и асоцијални појави).

**Планови за заштита**

Општина Кочани има донесено и неколку планови кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците и тоа:

- Оперативен план за заштита и одбрана од поплави изготвен во 2016 година.
- План за заштита и спасување изготвен во 2018 година.

Други планови за безбедност и сигурност во заедницата, не се изготвени.

**Институции за безбедност и сигурност на територија на општина Кочани**

Во заштита и спасување од пожар ризици, поплави и други опасности на територијата на

Општина Кочани функционираат следните институции и сили:

- Штаб за заштита и спасување на Општина Кочани,
- ТППЕ (со 16 професионални пожарникари) како посебна организациона единица во општина Кочани
- Центар за управување со кризи ПЕ Кочани
- Дирекција за заштита и спасување ПЕ Кочани со нивни сили
- Министерство за одбрана ПЕ Кочани
- Сили во ЈП „Национални шуми“ – подружница Кочани,
- Комисија за процена и утврдување на висина на штети од природни непогоди
- Просторни сили за заштита и спасување кои се со големина на одделение
- Доброволно противпожарно друштво со 35 доброволци како и
- Локалното население.

**Служби за цивилна заштита**

Во Општина Кочани постои служба за цивилна заштита (просторни сили за заштита и спасување). За да може службата за цивилна заштита успешно да се справува со одредени причини за загрозување на безбедноста и сигурноста во заедницата и последиците од истите, потребно е да се преземаат активности во насока на:

- Ажурирање на персоналниот состав, со оглед дека некои лица стекнале услов за пензионирање, други лица се иселиле од општината итн.,
- Покрај потребата од ажурирање на персоналниот состав на силите за цивилна заштита, неопходна е соодветна обука како на лицата во состав на единицата за ЦЗ.
- Обезбедување на целата опрема за заштита и спасување по број и вид.

Може да заклучиме дека во моментов силите за цивилна заштита не се во можност со полн капацитет да се справат со ризиците по безбедноста и сигурноста во заедницата.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Плановите за заштита и спасување во општината направени се врз основа на Проценката на загрозеност во Општина Кочани во 2014 година и истата е застарена | Потребно е ажурирање на Проценката на загрозеност која е направена во 2014 година и при подготовка на планови за заштита и спасување при загрозеност да се земат во предвид информациите/насоките од оваа Проценка. |
| Плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците направени во 2016 и 2018 година и се застарени | Плановите кои вклучуваат клучни информации поврзани со ризиците редовно да се ажурираат и изготвуваат врз основа на Проценката на загрозеност |
| Не се изготвени сите планови само за заштита и спасување | Потребно е да се изготват и донесат и други планови согласно со Проценката на |

| | |
|---|---|
| | загрозеност |
| Постои ТППЕ со 16 пожарникари | Потребно е вработување на нови пожарникари заради до екипираност (согласно законската регулатива) |
| Постои Доброволно противпожарно друштво со 35 доброволци | Потребно е обезбедување на соодветна опрема и возила за ДПД |
| Персоналниот состав на силите за ЦЗ (просторни сили) не е ажуриран | Редовно да се ажурира персоналниот состав на силите за ЦЗ |
| Не се реализирани потребните обуки на лицата за успешно справување со ризиците | Редовно да се спроведуваат обуки на силите за ЦЗ |
| Недостасува потребна опрема за успешно справување со ризиците | Да се опремат силите за ЦЗ со потребна опрема по вид и број |

**Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија**

**Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија**

**Заштита на животната средина**

Заштитата на животната средина претставува еден од клучните сегменти за локалниот развој на заедницата. Нејзините карактеристики се придобивки на заедницата кои ги наследува, користи, но и отстапува на наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е значаен фактор кој го унапредува квалитетот на живеење како на сегашните, така и наредните генерации. Здравата и одржлива животна средина е во функција на развој на економијата. Со користење на обновливи извори на живот се постигнува урамнотеженост на енергетскиот биланс и перспективите во областа на економијата, а со тоа и на вработувањето.

Природното наследство содржи развојна и културно - морална димензија.

Состојбите на животната средина се однесуваат на тоа во која мерка успеваме да се справиме со депонирањето на комуналниот отпад, но и други отпадни материи, квалитетот на водата, воздухот и почвата и заштитата на вредностите на природата.

***Човечки ресурси***

Во општинската администрација имаме неколку вработени од оваа сфера и тоа Комунален иснпектор за животна средина, Советник за заштита на животната средина, два Комунални инспектори еден Комунален редар. За жал немаме вработени кои се стручни и директно одговорни на темите енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија. Во моментот имаме формирано тим ( за потребите на еден проект) од редот на вработените во Општина Кочани кои покрај своите редовни работни задачи дополнително работат и на овие теми, како собирање податоци, анализа на истите и планирање на следни чекори врз основа на направените анализи.

***Отпад***

Во Општина Кочани има една активна времена депонија кај место во непосредна близина на

градот, во близина на с. Бели за која имаме добиено согласност за времено депонирање на комунален отпад од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање. Заради долгиот временски период на користење на депонијата, истата почна да представува сериозен проблем. Последните неколку години честопати довага до палење на депонијата и претставува сериозен безбедносен проблем од повеќе аспекти.

Состојбата е слична и со дивите депонии на подрачјето на општината. Состојбата со депониите налага оптимално решавање на проблемот. Пред се се мисли како на примарна селекција на отпадот, но и на организирано подигнување на отпадот од што поголем број на населени места во општината.

Моментално во процес е изградба на современа регионална депонија и во склоп на истата воспоставување на систем за примарна селекција на отпад. Истата се очекува да се стави во функција 2027 година.

***Хидропотенцијал и заштита на истите***

Термоминералниот хидропотенцијал е посебно значаен за овој регион, од аспект на големината, температурата (78°C) на верификуваното лежиште на геотермалната вода „Подлог-Бања“, кое експлоатирано преку Геотермалниот систем „Геотерма“, дава можности за широка примена со значајни економски, енергетски и еколошки ефекти. Геотермалната вода во актуелниот момент се применува за топлификација на оранжерискиот комплекс во агрокомплексот, топлификација на дел од градот Кочани, рекреативно бањски цели, како и за минерална вода за пиење со исклучително благотворни својства врз здрављето на луѓето. Геотермалниот систем за експлоатација на геотермалните води е изграден во 1985 година, како резултат на претходно верифицирано лежиште на геотермална вода кое има балансирани резерви од 157 милиони $м^3$ геотермална вода со температура поголема од 50°C. Системот „Геотерма“ претставува техничко-технолошка целина изградена од четири експлоатациски бунари, секундарна поврзна мрежа, пумпно-дистрибутивна станица и магистрално дистрибутивни цевководи со комплетно сопствена инфраструктура. Системот има функција на експлоатација и дистрибуција на геотермална вода од геотермалното лежиште, инсталиран капацитет на системот 300 л/сек. со средна температура од 75°C.

Брегалница, која тече по средината на полето, е главниот рецепиент во котлината. Во неа се вливаат сите речни текови од ова подрачје, и тоа десет од левата страна, од Осогово и шест реки од десната страна од Плачковица. Во Кочанската Котлина Брегалница навлегува кај с. Истибања, тече кон југозапад и ја напушта кај с. Крупиште каде на запад од неа изградила плитка сатеска. Низ полето реката има рамнински карактер со просечен пад од 1,8%. Коритото ѝ е плитко и непостојано, често затрупувано со наносите на притоците и пороите, што предизвикува излевање на водата и поплавување на околното земјиште. Таа и плиткиот издан се причината за образување заблатени површини околу коритото речиси низ целиот нејзин тек во полето.

| Име на реката | Површина на сливот во км2 | Должина во км. | Просечен пад | Пошуменост во % |
|---|---|---|---|---|
| Кочанска Река | 198,0 | 34,0 | 39,3‰ | 45 |
| Оризарска Река | 137,0 | 30,0 | 39,5‰ | 50 |
| Брегалница | 4307,0 | 225,0 | 7,0‰ | - |

Кочанска Река извира од јужната страна на Лопенската Била на Осогово во месноста Ретки Буки на надморска височина од 1630 метри, а во Брегалница се влива над с. Чифлик на 295 м.н.в. Има доста голем пад (39,3%), што овозможило во нејзиното корито кај с. Д. Гратче да се изгради брана која според селото го носи името „Гратче».

Оризарска Река извира под Царев Врв на Осогово на надморска височина од 1.510 метри, а во Брегалница се влева над с. Мојанци на надморска височина од 320 метри. Долга е 30 км, а настанува од две реки, Бела и Црна Река, кои се соединуваат кај с. Речани.

Општа карактеристика за сите реки е што имаат највисок водостој во април и мај кога се отопува снегот во високите планински делови, а најнизок во јули и август, кога врнежите се минимални, температурата на воздухот висока и испарувањето големо.

Во кочанскиот крај постои и едно вештачко езеро. Тоа е Кочанското Езеро. Кај месното население познато како езеро Гратче. Изградено е на Кочанската Река 6 км северно од Кочани кај с. Д. Гратче во 1959 година. Површината на акомулацијата изнесува 0,19 км2, акумулира вода од 2.4 милиони м3 која се користи за снабдување на населението и индустријата во Кочани со вода и за наводнување на 576 ха обработливо земјиште во Кочанско Поле.

Кочанското Поле се наводнува и со води од вештачкото езеро „Калиманци». Тоа се наоѓа на реката Брегалница во Овчеполскоистибањската Клисура, а изградено е во 1969 година. Браната е камено-насипна со глинено јадро, висока е 92 м, а долга 240 м. Езерото е долго 14 км, широко 0,3 км и длабоко 80 метри. Зафаќа површина од 4.23 км² и акумулира 127 милини м³ вода. Основната намена е за наводнување на околу 28.000 ха главно оризови полиња во Кочанската Котлина, но и на дел од обработливите површини во Овче Поле. Вишокот вода се користи за производство на електрична енергија преку за таа цел изградената хидроцентрала со инсталирана моќ од 12,8 MW.

***Одведување на отпадни води***

Постојниот систем за одведување на отпадни води во Кочани е воспоставен и е во функција со перманентна надоградба од пред повеќе од 60 години. Мрежата во градот е со должина од околу 82,715 км. Овие цевководи се димензионирани за одведување на фекалните отпадни води, но преку сливници и сливни решетки се зафаќат и дел од атмосферските води, што значи се работи за комбинирана канализациона мрежа.

Отпадните води се излеваат во Оризарска и Кочанска река а преку нив до конечниот реципиент до река Брегалница. Излевањето се врши преку 9 (девет) изливни места од кои 4 во Оризарска и 5(пет) во Кочанска река.

Од пред две години изграден е и ставен во фунција систем за собирање и одведување на атмосферски отпадни води на 12 (дванаесет) улици во градот со должина од 6,03 км. Истиот ги собира и одведува атмосферските води кои што се појавуват на соодветните улици при појава на врнежи.

Со сопствени системи за одведување на фекални отпадни води се покриени неколку селски населби и тоа: Оризари, Горни Подлог, Долни Подлог, Мојанци, Тркање, Прибачево и Грдовци.

***Пречистување на отпадни води***

Во овој момент поради отсуство на соодветен третман на отпадните води од градот Кочани и околките села истите се испуштаат не третирани во блиските реципиенти како Кочанска Река и Оризарска притоки на Река Брегалница. Системот за одведување на отпадните води во Општина Кочани е делумно мешан што значи дека тој ги собира и урбаните и атмосферските. Само дел од Градот Кочани е покриен со атмосферска канализација, но Општината има стратегија за целосно покривање на градот со атмосферска канализација во текот на наредните 5 до 10 години.

Со цел соодветен третман инпрочистување на урбаните и индустриските отпадни води изградена е  Пречистителна Станица за Отпадни Води со капацитет од 65’000 ЕЖ на која во првата фаза се приклучени населените места: градот Кочани,с. Оризари, с. Горни Подлог и с. Мојанци, кои по гравитациски пат ќе се поврзат на примарниот колектор кој е во фаза на изградба и ќе се протега од с. Оризари до ПСОВ Кочани.. Во моментот во процес на имплементација е проект за поввзрзување на Виница (15.000 жители) и с.Тркање (општина Кочани).

До 2025 година, постои можност за приклучување на селата: Прибачево, Бели, Долни Подлог, и Грдовци, со 3750 жители.

Согласно доставените елаборати за заштита на животната средина и издадените Б интегрирани еколошки дозволи (издадени се три Б интегрирани еколошки дозволи и една е во процедура), на територија на Општина Кочани нема по сериозни загадувачи на водите.

***Почва***

Може да се смета дека Општина Кочани има релативно чисти почви.

Согласно доставените елаборати за заштита на животната средина и издадените Б интегрирани еколошки дозволи(издадени се три Б интегрирани еколошки дозволи и една е во процедура), на територија на Општина Кочани нема по сериозни загадувачи на почвите.

Една од заканите за загадување на почвата се дивите депонии.

***Воздух***

Во поголемите урбани центри во државата, последнава деценија има сериозно нарушување на квалитетот на воздухот за што свое влијание, покрај стопанските и индустриски капацитети има сообраќајот и загревањето на домаќинствата кои во голем дел користат огревно дрво.

Во последните години прагот на дозволени ПМ10 честички во зимскиот период е над дозволената граница.

Во моментот не се идентификувани точните предизвикувачи на загадувањето на воздухот.

На подрачјето на општината во текот на 2023 година се поставени 6 мониторинг станици за следење на квалитетот на воздухот на различни локации во градот, кои во иднина ќе користат за собирање на податоци, нивна анализа, детектирање на загадувачите и планирање на

мерки за заштита на квалитетот на амбиенталниот возух.

Голем проблем со кој се соочуваме е долгогодишната практика на земјоделците на несоодветното третирање на нивите по завршување на жетвата, односно палење на стрништата.

Во склоп на прочистителната станица има компостара во која од отпадот произведен од прочистување на отпадните води и сламата од земјоделците како биомаса се прави компост кој се користи како губриво за почвата.

Компостот кој се произведува е со висок квалитет со воздржани хемиски и физички својства, а се работи и на подобрување и на микробиологијата во самиот компост, што се потврдува со резултатите од испитувањата кои се добиени од акредитирани лабаратории.Од набавената оризова слама во количина од 8775 бали потрошени се 2156 бали 2021/2022 година и 110 м3 тиња и е произведен е компост од 84м3 а останатите 6619 бали ќе ги користиме во тековната 2023 година.

На оваа тема дел од мерките што ги спроведува Општина Кочани се субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клими и печки на пелети (како енергетски ефикасен и еколошки начин на загревање) и велосипеди (како еколошки начин на мобилност на граѓаните), како и субвенционирање на општински линиски превоз.

Сообракајот е уште еден проблем кој негативно влијае на квалитетот на воздухот. Користењето на автомобил како примарно средство на мобилност , и тоа еден човек еден автомобил е проблем со кој се соочуваме. Непостоење на сообракајна инфраструктура за други видови на поеколошки видови на мобилност (пр. велосипедски патеки) е проблем со кој се соочуваме, како и јавниот транспорт (постои само една линија во градското подрачје која се обрака неколку пати во денот).

Нашата институција започнува и со процес на изработка на интегриран акциски план за урбана-рурална мобилност. Една од целите на овој план би била и намалување на загадувањето на воздухот предизвикан од издувните гасови со примена на нови начини на мобилност во рамките на општината.

***Вегетација***

Кочанската Котлина во биогеографски поглед претставува дел од халарктичната област и припаѓа на медитеранско-европската подобласт.

Богата е со разновиден растителен и животински свет. Вегетациските карактеристики укажуваат на постоење големи површини под тревна вегетација, потоа шумска вегетација и, секако, земјоделско земјиште. Тревната вегетација зафаќа голем дел од просторот, а пасиштата, според местоположбата и нивната економска вредност, се јавуваат како рамничарски, ридски и планински пасишта. Рамничарските пасишта зафаќаат мал дел во полето, главно покрај речните текови и често се под ливади. На далеку поголеми пространства се јавуваат ридските пасишта. Тие се разликуваат по конфигурацијата на теренот и водниот режим. Се карактеризираат со слабо богатство од тревни видови и застапеност на изразени ерозивни процеси. Во летниот период, поради појавата на повеќе месечни суши, тревниот покривач во потполност се исушува и тие преминуваат во голини. На вулканското земјиште доста се раширени драките, додека варовитите ридови потполно се оголени.

Во општината Кочани голините покриваат околу 22.000 ха, што укажува на голема нивна застапеност и потреба од идна трансформација. Планинските пасишта се јавуваат на Осогово и Плачковица, и тоа над буковиот појас, но ги има и меѓу шумските површини како пасишта на планинските рудини. Поради острите климатски услови се користат само во топлиот дел од годината, и тоа од 120-160 дена. На Осогово покриваат простор од 14.500 ха, се користат за летна испаша на овците и имаат третман на значајно природно добро.

Климатската, релјефната, педолошката и хидрографската хетерогеност овозможиле во Кочанско да егзистираат и повеќе шумски заедници. Тие различно се разместени по одделните подрачја и се карактеризираат со вертикална заналност. Шумската вегетација во ова подрачје е претставена со делови на сочувани шуми во Осогово и на Плачковица, но има и големи површини покриени со ниски шуми и грмушки. Сепак, јасно се дифиренцирани височинските катови на дабовиот и буковиот појас. Вкупно под шуми во кочанската општина се наоѓаат 18.160 ха. Во однос на вкупниот шумски фонд на Републиката (905,605 ха), тие учествуваат со 2,0%. На височина до 1 000 метри шумскиот фонд е доста деградиран, а претставен е со леска, габер и јасен.

Дабовиот појас ги зафаќа терените на ридско и понископланинските простори на Плачковица и Осогово до 1.400 метри. Главно го сочинува дабот горун. Тој е со слаб квалитет на дрвна маса и прилично изменет флористички состав со висок степен на деградираност.

Над дабовиот се јавува појасот на буковите шуми. Започнуваат од 1.400 м и се протегаат до 1.650 метри надморска височина. Се јавуваат како долен подгорски и горен горски буков појас. Овде релјефот е типично планински.Четинарите се јавуваат на мали површини.

Најголема закана за вегетацијата се шумските пожари, болестите и дивата сеча.

***Заштита на вредностите на природата***

Со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, **Осоговските Планини** стануваат **првиот заштитен предел** (заштитено подрачје од категорија V) и прво поголемо заштитено подрачје во нашата држава прогласено после Националниот парк „Галичица“ во 1958 година.

Долгогодишните истражувања на природните вредности во рамки на **Програмата за зачувување на природата (ПЗП)**, примената на швајцарското искуство во вакви процеси, како и примената на партиципативен пристап со различни релевантни чинители придонесоа кон успешноста на овој процес. Присуството на бројни меѓународно и национално значајни видови и живеалишта, специфичните геоморфолошки појави, културното наследство како и вековната интеракција помеѓу човекот и природата што резултирала со појава на уникатни предели ги прават Осоговските Планини особено вредни за зачувување.

**Осоговските Планини** се значајно подрачје за растенија, значајно подрачје за птици, Емералд подрачје и дел од Европскиот зелен појас. На Осоговските Планини се разликуваат 9 типови на предели. Најкарактеристичен е Осоговскиот планински рурален предел кој поседува особена вредност како јадрово подрачје, но се истакнува и како коридор за крупни ѕверови.

По прогласувањето на **Осоговските Планини** за заштитено подрачје во категорија заштитен предел започнува еден поструктуриран пристап за социјално и економско унапредување и развој на осоговскиот регион. Освен локален развој на седумте општини што се вклучени во ЗП, започнува и процес на системско зачувување на природните ресурси на Осоговските Планини.

**Енергетска ефикасност**

Во моментот Општина Кочани е во финална фаза на изработката на Програма за енергетска ефикасност за следните 3 години, со помош на која ќе добиеме јасна слика за моменталната состојба во општината на таа тема како и цели и конкретни мерки за следните години.

Општина Кочани има изработено техничка документација за 20% од објектите за реконструкција на истите со цел да бидат реконструирани во енергетско ефикасно објекти ( станува збор за неколку основни училишта). Во последните неколку години беше направена реконструкција на неколку објекти, (реконструкција на кров, поставување на енергетски ефикасна фасада и столарија, енергетски ефикасни системи за греење и ладење и др. слични мерки,). Сепак станува збор за мал број на објекти, голем број од објектите сопственост на општината се постари градби и не се енергетски ефикасни.

Општина Кочани не поседува податоци на енергетската ефикаснот на постоечките приватни домови и други објекти. Само за новите градби, согласно Законот за градба, при барање на инвеститорот за издавање на одобрение за градба мора да достави и Елеаборат за енергетска ефикасност на објектот.

Во контекс на кажаното, за подобрување на постојната состојба потребно е да се работи повеке на реконструкција на постоечките објекти и обезбедување на финансиски средстав за истото. Подобрување на енергетската ефикасност на градбите ќе придонесе кон намалување на потрошувачката на енергенси (дрва) за затоплување на градбите, а со тоа ќе се заштитат шумските екосистеми и ќе се намали загадувањето на воздухот.

Голем чекор кој го има направено Општина Кочани, на тема енергетска ефикасност, е модернизација на јавното осветлување. Во 2015 год. Општина Кочани, како прва општина во Република Северна Македонија, по направената студија, направи замена на сите живени светилки со нови модерни и енергетски ефикасни ЛЕД светилки на целата своја територија, со што се направи намалување на потрошувачката на ел. енергија за јавното осветлување за 60%. Дополнително во моментот Општина Кочани имплементира нов проект за Паметно мерење и управување со јавното осветлување, со што се очекува да се обезбеди дополнителна заштеда од 10 до 15%.

**Обновливи извори на енергија**

Во општина Кочани повеќе години наназад сонцето се користи како обновлив извори за добивање на енергија.

На подрачјето на општина Кочани функционираат 8 фотоволтаични централи на земја со вкупен капацитет од 8 MW за кои што беше изработен урбанистички план од страна на Општина Кочани, за потоа земјиштетот по пат на јавно надавање беше продадено на приватни инвеститори кои продолжија со изградба и ставање во функција на истите. Во моментот Општина Кочани изработи

дополнително уште еден урбанистички план за нови 8 парцели за изградба на нови фотоволтаични централи со вкупна инсталирана моќност од 8 MW.

Општина Кочани како институција се постојано залага за искористувње на обновливи извори на енергија. Во моментот на крововите на своите институции има инсталирано фотонапонски централи со вкупна мокност од 520 KW и биогасна централа со мокност од 100 KW. Во моментот се инсталират и 2 фотонапонски центали со вкупна мокност од 560 KW. Општина Кочани има изработено техничка документација за фотонапонски централи за крововите на повеке објекти кои со во нејна состојба и на кои крововите им се во солидна состојба.

На биогасната станицата се произведени 145256 м$^3$ биогас од кои дел се искористени за производство на електрична енергија, а дел како топлинска енергија. Од произведениот гас со работа на CHP постројките е произведено 205036 kWh електрична енергија која е искористена за потребите на ПСОВ Мојанци. Вкупното производство на електрична енергија изнесува 885,848 kWh, а покриеноста со производство на електрична енергија изнесува 95 % од вкупната потрошувачка.

За жал потенцијалот на геотермалната вода ( според досегашните анализи, пресметки и претпоставки) не се користи за производство на електрична енергија, но се користи за загревање на неколку општински институции и оранжерии. За да може да се искористи потенцијалот на геотермалната вода, Општина Кочани треба да изработи мастер план за искористување на геотермалната вода за производство на ел. енергија, затоплување и спа туризам.

На оваaа тема, ние како институција имаме изработено и студија за централно греење на објектите во индустриската зона со помош на геотермална вода и биомаса.

Може да се каже дека можностите за искористување на обновливите извори на енергија (геотермална вода и сонце) не се целосно искористени во општината, односно потенцијалот за можноста на нивно искористување е голем.

Клучни наоди

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Појави на диви депонии, неуредена времена депонија | Санацијата на дивите депонии и уредување на времената депонија, рециклирањето и обработката на сметот со отварање на регионалната депонија. |
| Недоволен капацитет на општината | Вработување на нов соодветен стручен кадар, дообука на постоечкиот кадар. |
| Загадување од сообракај | Еколошки подобрен јавен транспорт и развивање на инфраструктура за други начини на мобилност. |
| Незаштитени шумски екосистеми | Неопходна е редовна заштита на шумските екосистеми од болести, пожари и кражба на дрва. |
| Енергетската ефикасност на објектите е на ниско ниво | Подобрување на енергетска ефикасност на јавните објекти во сопственост на |

| | |
|---|---|
| | општините, локалните установи и ЈКП |
| Голем потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија | Зголемено искористување на обновливите извори на енергија преку изработка на соодветна документација, инвестиции во истото, обезбедување на дополнителни финансиски средства за овие потреби . |

**Родови аспекти**

Родово одговорното стратешко планирање низ целиот процес посветува внимание на родовата еднаквост преку постојана проверка на поставените цели и резултати од родовата перспектива, т.е. дали подеднакво ги одговараат потребите на мажите и жените, момчињата и девојчињата. Исто така, поттикнува и промовира цели кои се однесуваат на подобрување на положбата на жените во заедницата.

При сите чекори во подготовка на овој стратешки документ се имаше во предвид да се овозможи еднаков пристап до ресурси и можности без оглед на полот, односно да се запазат принципите за еднакви можности на жените и мажите и социјална вклученост. Принципите за родова еднаквост се вклучени како едни од основните принципи во ИПЛР. Во тој поглед, термините кои се користат во ИПЛР за лица од машки род или среден род (на пр: „жител", „родител", „лице", итн.) се неутрални и се однесуваат и на жени и на мажи.

XII.

Планот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1907/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

## О Д Л У К А

### за давање на трајно управување и користење без надоместок на движни ствари на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани

Член 1

Со оваа одлука на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани се даваат на трајно управување и користење без надоместок, следните движни ствари, реализирани преку проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион“, согласно Договорот за заедничка реализација на проектот со ЦРИПР бр.03-2161/1 од 12.12.2023 год., сопственост на општина Кочани:

| РБ | Опис на движна ствар | Моќност (kW) | Количина | Сметководствена вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фотоволтаичен систем | 27,5 | 1 | 718.671,20 МКД |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1904/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за давање на трајно управување и користење без надоместок на движни ствари на КЈП „Водовод“ – Кочани

Член 1

Со оваа одлука на КЈП „Водовод“ – Кочани се даваат на трајно управување и користење без надоместок, следните движни ствари, реализирани преку проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион“, согласно Договорот за заедничка реализација на проектот со ЦРИПР бр.03-2161/1 од 12.12.2023 год., сопственост на општина Кочани:

| РБ | Опис на движна ствар | Моќност (kW) | Количина | Сметководствена вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фотонапонска централа инсталирана на фабриката за вода | 210 | 1 | 3.699.877,98 МКД |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1905/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за давање на трајно управување и користење без надоместок на движни ствари на ОУ „Никола Карев“ – Кочани

Член 1

Со оваа одлука на СОУ „ Никола Карев “ – Кочани се даваат на трајно управување и користење без надоместок, следните движни ствари, реализирани преку проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион“, согласно Договорот за заедничка реализација на проектот со ЦРИПР бр.03-2161/1 од 12.12.2023 год., сопственост на општина Кочани:

| РБ | Опис на движна ствар | Моќност (kW) | Количина | Сметководствена вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фотоволтаичен систем | 40 | 1 | 880.210,12 МКД |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1906/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија``бр 27/14,199/14, 48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија``бр.275/19,14/20,215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Советот на Општина Кочани,на 57-мата седница одржана на 26.12.2024 година,донесе

## О Д Л У К А

за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кочани“ ,а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

Бр.09-1909/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/22 и 64/24),Советот на општина Кочани на 57-мата седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе следната

ОДЛУКА

за висината на девизен и денарски благајнички максимум за 2025 година

Член 1

Девизниот благајничкиот максимум за 2025 година се утврдува во износ од 1.000 евра.

Член 2

Денарскиот благајничкиот максимум за 2025 година се утврдува во износ од 20.000 денари.

Член 3

Остварениот прилив на парични средства во благајната по која и да било основа ќе се уплатува на трезорската сметка истиот ден или најдоцна наредниот ден.

Член 4

Плаќањето на производи и услуги во готово од страна на правни лица не може поединечно да биде повеќе од 6.000 денари и не може да надмине вкупен износ од 60.000 денари во текот на календарскиот месец.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кочани”, а ке се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр.09-1910/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

___________________________

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), и член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19,53/21,77/21,150/21, 173/22 и 170/24 ) ,член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија “ 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016, 79/2020, 151/2021 И 87/2022), член 93 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија”бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 ,14/20,215/21,99/22 и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 51/20 и 172/21),Колективниот договор на општина Кочани од 2022година, Советот на Општина

Кочани на 57-мата седница одржана на 26.12. 2024 година, донесе

ОДЛУКА
за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година

Член 1

Буџетот на Општина Кочани за 2025 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години.

- посебниот дел содржи план на одобрените средства на буџетските корисници по програми, потпрограми и ставки за фискалната година и

- развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници по програми и потпрограми и среднорочните проекции на одобрените средства.

Планот на програмите за развој се ревидира секоја година.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски, до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеке од 20% со прераспределба во тековната година, со исклучок за спроведување на налози за присилна наплата.

Член 5

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци, на ниво на ставка во рамки на Буџет не може да се зголемат со прераспределби повеке од 10%.

Член 6

За извршување на Буџетот е одговорен Градоначалникот на Општината.

Член 7

Општината за користење на средствата на Буџетот, доставува годишни и квартални финансиски планови по сметки, по програми и по расходни ставки.

Општината води евиденција на преземените обврски, која опфаќа пријавување, промена и поништување на пријавените превземени обврски, согласно со прописите за трезорско работење.

За измените, проширувањата или пренамените во Буџетот на Општината, одлучува Советот на Општината.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 8

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџет на заеми, буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 10

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот и тоа:

- плата за избраните и именуваните лица во Општината се утврдува само за Градоначалникот и тоа според законски утврдените коефициенти и истиот изнесува 2,79, а основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.;

- вредноста на бодот за платите на државните службеници се утврдува врз основа на посебна Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници донесена од страна на Советот на Општината и

- на вработените во ТППЕ и општинската администрација кои немаат статус на државни службеници и на вработените во општинските јавни установи кои се финансираат со блок дотации од Буџетот на РСМ,платите ке се исплаќаат согласно Законот за исплата на плати во Република Македонија, Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација и колективните договори со ресорните министерства.

Член 11

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службени патувања во земјата се исплатува во висина од 700 денари и тоа за секои поминати од 08-12 часа половина дневница (400 денари) и цела дневница од 12,01-24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член 12

Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечна нето плата исплатена кај работодавачот.

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.

Член 13

Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од две просечни плати согласно Законот за извршување на буџет.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од една просечна плата.

Надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Член 14

Вработен кој заминува во пензија, има право на испратнина во висина од две основици од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци.

Член 15

Исплата на име надомест за регрес за одмор ќе се врши од програма –Општинска администрација – Е0,програма – Против пожарна заштина-W0, расходно конто 404110 - Надомест за годишен одмор на основа на донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните 3 месеци,под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината,а најдоцна до крајот на тековната година.

Правото на регрес за годишен одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач.

Член 16

За непрекината работа кај работодавачот вработениот во општината има право на јубилејна награда за навршени 10,20,30 и 40години кај работодавачот.

Член 17

Исплатата на плати на локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации од општинскиот Буџет се задолжени два дена пред исплатата на плати до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат образсците

ПДД-МП И МП-1, копија од рекапуталацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, е-маил и друго), за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираар од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

По извршената контрола согласно планираните средства во Буџетот на Општината, Градоначалникот на Општината, одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации ке се дава за:

- Вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РМ за тековната фискална година, согласно член 51 став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ке даде Министерството за финансии, врз основа на барање од надлежното Министерство.
- Вработување за кои се обезбедени средства во Буџетот на Општината за тековната фискална година за што, согласно член 51, став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ке даде Градоначалникот на Општината.
- Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства од буџетот на општината.
- Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.
- Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата,образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната фискална година,писмено известување ке даде министерството за финансии,врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација,и
- Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 18

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година,утврден во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката.

Надоместокот за присуство на седници на совет е 60% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година,а на претседателот на совет за раководењето и организирањето на работата на советот, надоместокот се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот. Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 19

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се врши со фактури и времени ситуации во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 20

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

По исклучок од ставот еден на овој член, за користење на средствата од резервите во износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 21

Поврат на јавни приходи се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени односно наплатени јавни приходи, како и уплатени средства по кои не е настанато правно дејство.

Повратот од став 1 од оваа точка се врши првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 22

Средствата утврдени во пооделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од

страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи,стоки и услуги.

Член 23

Буџетот на Општина Кочани се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01 јануари 2025 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани”.

Бр.09-1912/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и член 31 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 96/2004,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19,53/21,77/21, 150/21, 173/22 и 170/24 ), Советот на Општина Кочани на 57- мата седница одржана на 26.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Годишен извештај за користење на средствата од резервите во Буџетот на Општина Кочани за 2024 година

I.

Се усвојува Годишниот извештај за користење на средствата од резервите во Буџетот на Општина Кочани за 2024 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1908/1
26.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

# С О Д Р Ж И Н А


1. Буџет на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1911/1
Стр.2
2. Интегриран локален развоен план на Општина Кочани (2024-2027), Бр.09-1907/1
Стр.30
3. Одлука за давање на трајно управување и користење без надоместок на движни ствари на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани, Бр.09-1904/1
Стр.200
4. Одлука давање на трајно управување и користење без надоместок на движни ствари на КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09-1905/1
Стр.201
5. Одлука за давање на трајно управување и користење без надоместок на движни ствари на ОУ „Никола Карев“ – Кочани, Бр.09-1906/1
Стр.202
6. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година, Бр.09-1909/1
Стр.203
7. Одлука за висината на девизен и денарски благајнички максимум за 2025 година, Бр.09-1910/1
Стр.203
8. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1912/1
Стр.203
9. Заклучок за усвојување Годишен извештај за користење на средствата од резервите во Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1908/1
Стр.209